БИБЛИОТЕКАРСКО ДРУШТВО
НА МАКЕДОНИЈА

# БИБЛИОТЕКАРСТВО



Скопје, 2004

ISSN 1409-9357

вол. 22 бр.2

Почитувани,

Извршниот одбор и Издавачкиот совет на БДМ одлучија, од оваа година, списанието "Библиопекарство" да излегува два пати годишно со што се успеа повеќегодишниот прекин во издавањешо да биде заменет со традиционалната фрекфентност.

Едновремено, Издаавчкиот совет, од своја страна, се одлучи за обид на замена на шаблонската поделба на рубрики со реално постоечка, диктирана од содржинската исполнетост на Списанието.

И во оваа прилика, Редакцијата на "Библиотекарство" ги повикува членовише на БДМ и неговите почитувачи на творечка соработка во име на развојот на библиоечната дејност што е дел на општата демократизација на едно општество.

Од Редакцијата

БИБЛИОТЕКАРСТВО
Списание на Библиотекарското друштво на Македонија

Издава
БИБЛИОТЕКАРСКО ДРУШТВО НА МАКЕДОНИЈА

За издавачот
Зорка Чекичевска

Издавачки совет
Зорка Чекичевска
Јелена Петровска
М-р Димитри Димитров
Слободанка Дуева
Драгица Силјаноска
Вангелија Цавкова
Верица Петровска
Соња Цоневска
Марија Враживирска

Редакција
Зорка Чекичевска
Верица Петровска
Вангелија Цавкова

Лектура и коректура
Вангелија Цавкова

Техничко уредување
Снежана Тодоровска

Печати:
"Борографика" - Скопје

тираж: 260

Адреса на Редакцијата:
Библиотекарско друштво на Македонија
НУУБ "Св.Климент Охридски" - Скопје
Бул. "Гоце Делчев", 6
Поштенски фах 566
Тел.: 389(02)3212-736
Факс: 389(02)3226-846

С О Д Р Ж И Н А

ПОВОДИ

Зорка Чекичевска — 60 години од основањето на Националната и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски" - Скопје .......................... 5

АКТУЕЛНО

Зорка Чекичевска — Новото во новиот Закон за библиотеки ........................................ 7

ОД АВТОРСКАТА ПАПКА НА...

Проф. д-р Александра Вранеш — Дигитални библиотеки..................... 18

Проф. д-р Александра Вранеш — Цензурираните книги во светлината на правната регулатива и на библиографиите ........................ 38

ТЕОРИЈА НА БИБЛИОТЕКАРСТВОТО

Јелена Пешровска — Менаџмент во Библиотеката (со посебен осврт на раководењето) .... 43

М-р Нада Караџиска — Улога на информациската служба во современа библиотека ............... 49

БИБЛИОТЕКАРСТВОТО ВО СВЕТОТ

Софче Марковиќ — Развој на библиотекарството и информациските науки (искуството во Данска) .................... 55

М-р Емилија Мајсшорова-Сшојановска — Националната библиотека "Св. Св.Кирил и Методиј", Софија ......... 62

Брајан Огер — Да се живее со Linux .......................... 67

БИБЛИОТЕКАРСТВОТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Жаклина Ѓалевска — WWW opac вер. 4.2 ........................... 73

Марија Сејменова-Гичевска — Дигиталната збирка на Центарот ИНИС за Република Македонија ... 77

| | | |
|---|---|---|
| Ники Кирјазовска-Јовановиќ | "Македонската научна книга" Изложба во Националната библиотека "В.И. Вернадскиј" - Киев, Украина (осврт) ..................... | 82 |
| Соња Сшрезовска-Велјановска | Истражување, селекција и обработка на "Македоника - информативен билтен" .................. | 84 |
| Благица Илијоска | Издавачката дејнсот на Градската библиотека "Борка Талески" - Прилеп ................................................ | 87 |
| Слободанка Дуева | Библиотекарството во Гевгелија (кус преглед) ........................................... | 93 |


## БИБЛИОТЕКАРСКО ДРУШТВО НА МАКЕДОНИЈА


| | | |
|---|---|---|
| | Записник од Конститутивната седница на Извршниот одбор на БДМ .................................................... | 95 |
| | Одлука за избор на претседател на БДМ .................................................... | 97 |
| | Одлука за одредување библиотека домаќин на 5.Републички натпревар "Млади библиотекари" 2004 год. .............................................. | 98 |
| | Одлука за формирање Комисија за спроведување на 5. Републички натпревар "Млади библиотекари" 2004 год. ............................................... | 99 |
| | Записник од Петтиот републички натпревар "Млади библиотекари" 2004 год ....................................................... | 100 |
| | Одлука за избор на Издавачки совет на БДМ ............................................. | 102 |
| Зорка Чекичевска | Проекти на БДМ за 2005 год .................... | 103 |


## КУЛТУРА И УМЕТНОСТ


| | | |
|---|---|---|
| М-р Виолеша Маршиновска | Агонијата на човекот и христијанството (кон делото "Тоа е човекот" од Владимир Георгиевски) .............. | 121 |

# *60 ГОДИНИ*

## *ОД ОСНОВАЊЕТО НА НАЦИОНАЛНАТА И УНИВЕРЗИТЕТСКА БИБЛИОТЕКА "СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" СКОПЈЕ*

*Националната и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски" Скоије (сега регистрирана како Национална установа Универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски" Скопје) е формирана на 23. ноември 1944 год. со Решение на Президиумот на АСНОМ (Аншифашисшичко собрание на народното ослободување на Македонија) како Народна библиотека со белези на национална.*

*Времето кога е основана, само по себе, говори за значењето на ваква институција за една држава, но и за односот на младата македонска власт кон дејностите со значење на статусен симбол, на одредница на државноста.*

*Оттогаш, минувајќи низ мноштво трансформации - нормативни, статусни, организациски, професионални, просторни - таа бележи растеж чија средишна нишка останува мисијата на депонент на македонската книжна продукција и промотор на информациите за неа низ библиограф- ските изданија и базите на податоци иманентни на национална библио- шека. Меѓу најзначајните промени, секако, е израснувањето во национална библиотека на независна држава.*
*И, не само пригодно, таа е меморија и паметник на македонската култура и национален идентитет ставени во книгата.*

*Кон почитта за оваа институција и Јубилејот, нека бидат придодадени и некои од поважните податоци за нејзината дејност, кумулирани по овој иовод:*

- *околу 1.000.000 наслови на книги и брошури,*
- *над 17.000 наслови сериски публикации,*
- *над 160.000 наслови книги и брошури на македонски јазик,*
- *околу 1.300 наслови сериски публикации на македонски јазик,*
- *250 словенски ракописи,*
- *над 4.500 иљади ориентални ракописи,*
- *1.100 ракописи нотен материјал,*

- *11.000 листови современи ракописи*
- *околу 7.000 карти,*
- *над 4.000 единици старопечатен и редок библиотечен материјал,*
- *приближно 900 графики и цртежи,*
- *околу 40.000 единици фономатеријал,*
- *7.000 докторски дисертации,*
- *околу 8.000 плакати,*
- *околу 1.000 македонски разгледници,*
- *ириближно 200 наслови CD-ROM-ови (бази на податоци, енциклопедии, мултимедија)*
- *подготвени и отпечатени околу 220 свески (броеви) библио- графии (национална, специјални),*

*но, и:*

- *11 директори,*
- *околу 420 вработени,*

*и, меѓу најважното,*

- *над 5.000.000 корисници и*
- *над 4.300.000 единици користен библиотечен материјал.*

*Непосредно учествувајќи во создавањешо и, во најбуквална смисла, имајќи разбирање и професионален однос за значењето и величината на овие подашоции, кон честитките за 60 годишното постоење, Библиоте- карското друштво на Македонија изразува најдлабоко уверување во безалтернативноста од нагорен о'д на оваа Библиотека, но, и дејност од исклучително значење за севкупниот развој - индивидуален, национален, глобален.*

***По повод Јубилејот, Библиотекарското друштво на Македонија на 27.04.2004 год. донесе Одлука за доделување***

## *Почесна "Светиклиментова повелба"*

***на Националната и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски" Скопје, врачена на 31. годишното собрание на 4.05.2004 год.***

*За Библиотекарското*
*друштво на*
*Македонија*

*Зорка Чекичевска, претседател*

Донесувањето Закон за библиотеки
("Службен весник на РМ" бр. 66/01.10.2004)

УДК 02:340.13(497.7)(049.3)

# НОВОТО ВО НОВИОТ ЗАКОН ЗА БИБЛИОТЕКИ

Дипл. прав. Зорка Чекичевска, виш библиотекар
Национална установа Универзитетска библиотека
"Св. Климент Охридски", Скопје

Законот за библиотеки е последниот кој го затвора нормативното регулирање дејноста на библиотеките во Република Македонија на законско ниво.
Тоа е повод да се направи кус осврт на таа материја, со акценти на основните исходишта што ги нуди Законот, целосно наменет на библиотеките.

Клучни зборови: Библиошеки, Законодавсшво, Македонија, Осврши

## Вовед

Правниот систем на Република Македонија го регулира дејствувањето на библиотеките или вршењето библиотечна дејност со повеќе закони:

- Законот за културата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98 и 49/03);
- Законот за задолжителен примерок ("Службен весник на Република Македонија" бр.11/94);
- Законот за заштита на културното наследство ("Службен весник на Република Македонија" бр. 20/04);
- Законот за библиотеките ("Службен весник на Република Македонија" бр. 66/04).[1]

[1] Овде нема да набележуваме други закони кои содржат одредби што ги тангираат библиотеките. Такви се, на пр., законите за видовите степени на образование кои

Како основен или lex generalis за нормирањето во културата, Законош за кулшураша, во голем дел, е резервиран за декларации кои промовираат цели и утврдуваат дефиниции посветени на разбирањето на одделни поими во смисла на Законот. Не запоставувајќи ја неспорната потреба, дури и неопходност, од таков пристап, мора да се нагласи дека ваквиот законски ракопис не го карактеризира утврдување на, особено, конкретни права односно обврски.

Следствено, овој Закон, во голема мерка, само отстапува простор за систематизирање на сегменти или полиња на потесни дејности од културата за кои создава основа за донесување други lex specialis и подзаконски прописи.

Наспроти ваквите, одредби во вистинската смисла се тие за формирањето и дејствувањето Совет за култура, донесувањето и содржината на Национална програма за култура, стимулирањето на творештвото (креативноста) низ одредено алиментирање трошоци на самостојните уметници како и вршењето инспекција во културата.

Значителен дел од Законот е посветен на регулирање на прашањата за остварување на културата во установа (основање, управување, раководење) како и за финансирање на националниот интерес. [2] Карактерот на тие одредби е форма или постапка што, пак, имплицира дека односите кои ги нормира не ја тангираат ексклузивно само културата туку се иманентни и за други дејности од јавен интерес.[3]

Сѐ на сѐ, Законот за културата за библиотечната дејност е со значење на декларативност, промотивност и начелност. Но, пак, целосно ги нормира прашањата на организирање, менаџирање и финансирање.

---

содржат одредби за библиотеките како организациски целини/делови во состав на образовните иституции. Притоа, без особени механизми на обврзност од нивно вистинско егзистирање. Уште помалку, за начин и принципи на работење кон што се подразбира и упатување на примена на друг/и пропис/и или стандарди.

[2] На тоа се отстапени, речиси, 1/3 од вкупниот број членови од Законот не сметејќи ги преодните и завршни одредби чија примена за кусо време се исцрпува.

[3] Такви се сите видови јавни служби кои функционираат како непрофитни правни лица (образование, здравство, наука и сл.). Доколку правниот систем на Република Македонија познаваше закон (за установи) кој унифицирано и на едно место ќе ги нормираше таквите организациски, управно-раководни и финансиски прашања, Законот за културата немаше да содржи одредби од таквов вид.

Со оглед на природата и припадноста во дејностите на заштита и користење, а согласно правната основа од член 57 од Законот за културата, библиотечната дејност е регулирана со два закони: Законот за заштита на културното наследство и Законот за библиотеките.

Како воопштувачки и за библиотечната дејност, Законот за заштита на културното наследство постапува на два начина:

- ги регулира прашањата на заштита на библиотечните добра во нивната вкупност (интегрирано), од идентификација до конзервација и од користење до надзор (вклучувајќи и одредени прашања на персонал ) [4] и

- го пренесува поблиското регулирање на библиотечната дејност што не ја тангира заштитата на кулурното наследство на друг закон односно создава правна основа за донесување lex specialis за библиотечна дејност (член 9, став 2).

Законош за задожишелен иримерок како субспецијален, регулира само еден сегмент на библиотечната дејност (и не само од неа), но, од исклучителна важност за македонската култура - сочувувањето на националната книжна продукција.[5]

Законот за библиотеките[6]

---

[4] Дури, Законот за заштита на културното наследство (член 151 став 3) ја промовира дотогашната Народна и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски" - Скопје во Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски" - Скопје, шест месеци пред донесувањето на Законот за библиотеките.
Притоа, утврдувајќи и функција на матична установа за заштита на дел од движното културно наследство.

[5] Токму заради важноста, овој закон е прв во областа на културата донесен по осамостојувањето на Република Македонија во 1991 год.
Можеби приодите (не) коинцидираат, но и Решението на АСНОМ за доставување задолжителен примерок од македонската издавачка продукција е донесено на 18. 01.1945 год. што било след на Решението на АСНОМ од 23.11.1944 год. за формирање на Народната библиотека - акт донесен меѓу првите по создавањето на Македонската држава во 1944 год. во рамките на Југословенската федерација.

[6] Со донесувањето на овој Закон, престана да важи Законот за библиотечна дејност ("Службен весник на СРМ" бр. 17/74 и измените во ("Службен весник на СРМ" бр. 42/76 (за единствениот библиотечно-информативен систем), бр. 17/84 (за рефералната дејност), бр. 51/88 и "Службен весник на РМ" бр. 12/93 (корекции на идеолошка терминологија).

Кусите напомени за содржинските обележја и концепциски исходишта на набележаните законски прописи се во функција на излачување, лоцирање предметот на Законот за библиотеки, кон кој, видно од насловот, е насочен нашиот интерес.

Што, впрочем, како новина донесува овој Закон? И, што е уште поважно, содржи ли основи и правила за развој на оваа дејност?

И без детално и посеопфатно изложување на анализата на содржинската исполнетост на одредбите од овој Закон, и со ризик од евентуална предозираност на искажаните мислења заради отсуството на пристојна временска дистанца што би ги направила видни ефектите од примената на правилата на однесување и постапување понудени во Законот, се чини дека тој не ветува, барем, задоволителност во осовременувањето и развојот на библиотечно-информациската дејност. Тоа, наспроти понудените неколку нови групи (целини) на одредби.

Принципиелна забелешка на Законот е и неговата определба за исцрпност и беспоговорност на процедуралните одредби наспроти воопштеноста, недореченоста, рокадите во минимизирањето и фаворизирањето, формалноста, декларативноста, несоодветната застапеност на современа терминологија и сл. во делот што би требало да го регулира одвивањето на самата дејност. Тоа пак, само по себе, сугерира и однос на законодавецот или државата кон оваа материја.

Во конкретизација на реченото би следело:

Општа карактеристика на Законот, е воочливата сличност на конструкцијата или аналогноста на одредени решенија и "размислувања" со материјата за музејските предмети иако за библиотеките не е бележит музејскиош фон.[7] Такви се решенијата за влезна евиденција, нагласеното значење на изложбите како активност на библиотеките, уредувањето на научно-образовната и друга дејност на библиотеките, копијата на библиотечно добро, презентирањето на фондот, отпишувањето и сл.

Кон дефиницијата за библиошечниош машеријал или неговото определување во смисла на Законот се постапило екстензивно, со несовремени формулации, по метод на таксативно набројување на видовите библиотечен материјал што довело до разлики и неконзистентност (неидентичност, несовпаѓање) на таквите одредби од трите закони кои ја тангираат библиотечната дејност: заштита на културното наследство, библиотеки и

[7] Депозитноста на задолжителниот примерок е слична со архивското работење.

задолжителен примерок. Така, за одреден библиотечен материјал, законите се во колизија (филателистички материјал, редок библиотечен материјал). Таквиот исход не би требало да е допуштен, а можело да се избегне замката од набројувањето на поединечни видови и, барем во Законот за библиотеки, да се пристапи кон генерализирање на видовите библиотечен материјал (на пр.: објавени печатени, звучни, сликовни, електронски или поинаку умножени публикации...).

Се чини необјасниво и, помалку чудно, наоѓањето на законодавецот да ја фаворизира машичнаша функција на Националната и универзитетска библиотека наспроти нејзината мисија и обврски на национална[8] за што, и библиотечната теорија, но и пракса, не бележат дилема околу нивната хиерархиска подреденост и значење во полза на функцијата на национална библиотека. Понатаму, се претпочитаат изложбите на книги наспроти библиографиите и базите на податоци како промоција на македонската издавачка продукција и култура; потребата од истакнување на прашањето за работното време на библиотеките во Законот (иако за вршењето услуги библиотеките треба да донесуваат свои интерни акти) и сл.

Законот донесува и една чисто политичка одредба (која сака да обезбеди правност во сферата на примената на јазиците на народите/националните заедници согласно измените на Уставот на РМ, предизвикани од Рамковниот договор од 2001 год.) чија непосредна примена не е логична и е надвор од сите стандарди за библиотечна обработка. Станува збор за пропишаната двојазичносш на влезната евиденција и основниот каталог од член 21, став 3 на Законот за што реализација нема никогаш да има, а едновремено, да се остане во рамките на професионалните узанси.

Законот за библиотеки исцрпно и консеквентно ги уредува прашањата на основање, раководење, управување и финансирање на локални библиошеки притоа употребувајќи фасцинантна прецизност во роковите и сл. процедурални прашања како да станува збор за одредби од доменот на работните односи. (Можеби, во крајна линија, тоа и не треба, особено, да му се забележува на овој Закон, и покрај несоодветноста на таквите одредби за оваа област, туку на правниот систем на РМ во целина кој не познава унифицирано нормирање на овие прашања.) Како и да е, се чини неспорен манифестираниот интерес на државата за тоа кој ќе раководи/управува со јавните библиотеки кои ќе дејствуваат на локално ниво наспроти недостатокот на механизам кој би обезбедил одвивање на библиотечната дејност и во случаи кога локалната власт не би била заинтересирана за неа. Во таа смисла, не е предвидена можност државата (централната власт) да пристапи кон орган-

[8] Подетално за законското нормирање на Националната и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски" Скопје, во следниот број на "Библиотекарство".

изирање таква дејност за граѓаните во единицата на локална власт (на пр., за сметка на локалната самоуправа). Не постои, исто така, ниту можност од преземање санкција ако со свое (не)постапување локалната власт предизвика згаснување на веќе организирана форма на вршење јавна библиотечна дејност. Се чини дека сето тоа е оставено да се одвива низ механизмот на финансирање и проценката на интересот од страна на локалната власт што, пак подразбира и "наоѓање, убедување, рангирање на потребите по приоритет" или однесување според разбирањето на носителите на таа власт за оваа дејност. Тоа, наспроти општоприфатеното значење на библиотекарството како логистика на вкупното одвивање на општествениот живот во една заедница (наука, образование, култура, политика, стопанство и др.).

Новина во Законот се и одредбите за Националниош совеш за библиошекарсшво за чие постоење, подолго време, била искажувана оправданост од страна на библиотечната јавност. Но, наспроти нејзините укажувања и очекувања, и во овој дел законодавецот се определил за општост во надлежностите и широка дисперсираност во однос на вокацијата на составот. Така, Советот, во функција на развојот на библиотекарството, "разгледува општи прашања, следи и анализира, проучува и дава мислења и предлози, расправа за спорни прашања" и сл. во состав на истакнати поединци од "библиотекарството, науката, културата, образованието и здруженијата од таа област". Очебијно, Законот не поседува поизразена конкретизација на прашањата во надлежност на Советот ниту поседува одредба која обврзува на, барем, мнозинска застапеност на претставници од дејноста за која се создава ова тело. Тоа значи дека, повторно, прашање на оценка на министерот за култура е професионалната детерминираност на Советот и, со тоа, и на неговата полезност и ефективност.

Следствено, се чини за реална претпоставката дека законската поставеност на Советот, ќе продуцира тромо, не сосема стручно и, релативно, незаинтересирано и нефункционално тело.

Новина во Законот се и одредбите за ираваша и обрвскише на корисницише (членовите 32-34) што, како идеја, е за поздравување. Но, освен конкретноста на одредбите за карактерот на прибирањето лични податоци за корисниците (што е повеќе обврска за библиотеките и друг домен на односи), за нивна вистинска операционализација потребно е донесување општи акти на секоја библиотека што не значи дека тие права, по автоматизам, ке имаат идентична реализација.[9]

[9] Се чини дека овде е можна насочувачка/препорачителна активност на Националниот совет за библиотекарство.

Нова за овој Закон е и можноста од формирање приватна библиотека (воведена уште со Законот за културата во 1998 год.) што е во апсолутна согласност со сите одредби кои ги промовираат и гарантираат слободите на човекот и граѓанинот (изразување, избор на занимање, претприемништво, приватна или граѓанска иницијатива и сл.).

Осигурувањешо ексионати и изложби од странство (членовите 35-37), освен што е нова материја за овој Закон, заслужува да се истакне дека е регулирано осмислено, конзистентно, прецизно и завршено во секој поглед (цел, причини, материја, процедура). Кон овие би ја додале и одредбата од член 31 на Законот според која обврската на основачот од имотно осигурување на библиотечниот фонд, документација и простор на јавните библиотеки ја подига на законско ниво.

Новина во Законот е и регулирањето на израбошкаша на библиошечно добро како принципиелно кон кое ќе следи финално во подзаконски акт. [10]

Во однос на човечкиот ресурс односно формирањето библиошечен кадар, новиот Закон делумно ја сработува задачата. Ова, наспроти нагласеното значење на ова прашање заради отсуството на институционално образование на библиотечен кадар во државава, но и на осмислена политика на такво во други земји.

Имено, поаѓајќи од обезбеденото идентично регулирање на прашањата за библиотечниот кадар за сите дејности на заштитата и користењето со Законот за заштита на културното наследство (членовите 161-166) и без внесеување измени во видовите изборни звања и во условите за избор, Законот го подига степенот на важноста на звањата одредуваќи го министерот за култура за надлежен за избор (по рецензиско мислење од комисија). Доколку се остане во сферата на објективност и компетентност, што ќе рече без заплеткување во влијанија од политичка определеност или личен однос на инволвираните во одлучувањето, на подигањето рејтингот на изборните звања влијае и новината од воведувањето преизбор.[11] (И уште дигресијата: наспроти пропишаното за стручните звања, државата го нема регулирано

[10] За овој вид библиотечен материјал досега беа правени само репроформи или фототипски изданија (онаму каде е тоа технолошки можно).

[11] Заради законската самоуправна можност, органите на библиотеките самостојно да одлучуваат за сите прашања, критериумите за избор во звања од доскорешниот Закон за библиотечна дејност многу различно се "читаа" низ библиотеките. Тоа доведе до обезличување и маргинализирање на звањата до степен на неподнослива карикатуралност.

нивното наградување низ механизмите на стекнување буџетски средства за плати).

Освен изборните, Законот начелно пропишува дека работите во библиотеките се вршат и со персонал со неизборни стручни звања чија подготовка е во рамките на образовниот систем. А нашиот образовен систем не врши подготовки во професијата библиотекар.

Имајќи го тоа за реалност, Законот за библиотеките не ја искористи можноста да пропише други модалитети кои ќе овозможеа формирање/образување библиотекари низ форми на одредена (до)квалификација. Такви би биле: стручни испити, законска или подзаконска задолжителност на добивање лиценца за внес на записи во Националниот библиотечно-информациски систем за библиотекари од сите видови библиотеки, задолжителност на примената на одредени (над)национални стандарди и правила за работа на сите видови библиотеки, поконзистентно регулирање на статусот на Националната библиотека и на прашањата на стручниот надзор и сл. Таквото формирање библиотечен кадар односно одвивањето на библиотечното работење низ постоење и примена на вакви механизми би бил во функција и на националниот или единствениот библиотечно-информациски систем.

Законското регулирање на Националниош библиошечно-информациски сисшем (членовите 38-41) заслужува поопсежна опсервација заради изразената општост, декларативност, неактуелност, беглост и не особена конзистентност што, од своја страна, ја проблематизира заинтересираноста на државата за негово функционирање во вистинската смисла на тој поим.

И веднаш, за недореченоста: ако се пропише дека библиотеките ќе дејствуваат во единствен библиотечно-информациски систем, а при тоа, се остане без механизми за негова реализација, тешко дека библиотеките така ќе функционираат сами од себе. Кој и што ќе ги натера на такво однесување, особено, во време на развиена Интернет комуникација? Уште повеќе што, и покрај декларираното опфаќање на сите библиотеки во системот (член 38, став 1), говорот на Законот не открива децидно на кој вид библиотеки се мисли (само на јавните или и на универзитетските,[12] специјализираните и сл.)

[12] За разлика од јавните, токму овој вид библиотеки поседуваат книжен фонд со висок или, барем, завиден степен на актуелност, научност и стручна профилираност што е од исклучителна важност за квалитетот на информации за корисниците односно за понудата на единствениот библиотечно-информациски систем.

и на кои потсистеми, седно дали во склоп на националниот систем или надвор од него.[13]

Кон ова, како потешкотија, би ја додале и извесната лежерност на одредбата од член 41 според која реализацијата на системот државата го препушта на договорно регулирање на субјектите во него. Во овој контекст треба да се истакне и обрската на Националната библиотека на Република Македонија (член 18, став 1, точка 14 од Законот) да организира Национален библиотечно-информациски систем, но, без јасни модалитети на обврзност од учество за другите библиотеки. Принципот на договорност врз кој, според Законот, реално базира постоењето на библиотечниот систем подразбира манифестирање волја и интерес на различен вид субјекти - од самостојни до организациски делови на други субјекти. Тоа значи различни домени и степени на одлучување и наоѓање, мноштво поединечни деловни односи без јасен начин како Националната библиотека ќе го надминува тоа односно ќе постапува во правец на омасовување на системот со членки.[14]

Неспорно е дека еден од механизмите на обврзување на учество во системот е финансирањето што, во околности на функционирање на локалната власт е во малку покомплицирана состојба, но не и ненадминлива.
Од друга страна, обезбедувањето информациска опременост и можност од телекомуникациска поврзаност на библиотеките, што државата секако ќе го финансира (во секторот култура, образование или друг, сеедно) не значи дека библиотеките, по автоматизам, ќе функционираат во информациски систем. Единственоста на системот се состои од унифицирани и, од едно место водени решенија за прашањата на софтвер, опрема, дизајн на базата, стандарди за внес и др. Тоа значи дека единственоста е првенствено услов, а дури потоа продукт или последица на библиотечниот систем.

Секако дека Законот можеше учеството во системот да го доведе до степен на обрска за библиотеките низ пропишување задожително обезбедување лиценци за внес во заедничката база односно каталог, примена на (над)национални стандарди за обработка и сл. ако воведеше меѓуминистерски механизам на примена на одредби од Законот низ системот на подзаконски акт/и или др. професионални стандарди (во дејностите култура, образование и наука и др.).

[13] Дикцијата на Законот во целина не исклучува можност од формирање и на други, исто така, единствени системи (на пр. на високошколски библиотеки или на такви по тематска профилираност на библиотеките без оглед на основачот).

[14] Договори меѓу носителот (домаќинот) на Националниот библиотечен систем и учесниците секако ќе има, но за прашањата на негова реализација (принципи на работа, вид на програмски привилегии, селекција на библиотечен материјал, вид на опрема, примена на стандарди и сл. кои ќе ја овозможат неговата единственост).

Сето речено за единствениот библиотечно-информациски систем, во крајна линија, како да ја доведува во прашање стратегијата на развој на библиотеките како јавен сервис во Република Македонија. Тоа, пак, несомнено, продуцира или може да продуцира неповолност за корисниците оти не исклучува нарушувања на хармонизираниот или идентичниот развој на достапот до информации, наспроти таквото, со Устав, загарантирано право.

И, на крајот, структурата на мислата и јазикот на законодавецот во делот за Националниот библиотечно-информациски систем се зачудувачки идентични со тие кога, за прв пат во нашето позитивно законодавство беа внесени дополнувања што се однесуваа на единствениот библиотечен систем (во тогашниот Закон за библиотечна дејност во 1976 год.)! А, оттогаш, е забележан премин во развојот на општеството од граѓанско во информациско што имплицира, безмалку, револуционерни промени во информатичките знаења, технологија и можности.

* * *

Следствено, водечката намера на секој законодавец при иновирање на сопствените текстови да создаде нови правила на игра и овозможи развој, се чини, во овој, не е во доволна мера постигнато иако тој донесува промени. Евидентно од текстот е дека не била остварена задоволителна соработка со стручната библиотекарска јавност и дека, во целина говорено, со извесна доза на леснотија е пропуштена можноста да се подготви поконзистентен и помодерен законски текст кој ќе има подисперсиран опфат и подефинирана задолжителност. На тој начин, и подолгорочни ефекти од примената кои ќе резултираат во поврамнотежен развој на правата и слободите на човекот и граѓанинот (во случајов - корисникот) во доменот на инфомирањето, слободата на мислењето, образованието и творењето, а со тоа и на демократизацијата и развојот на вкупните општествени придвижувања, не запоставувајќи ги тие на локално ниво.

**Summary**

UDC 02:340.13(497.7)

**THE NEWS IN THE NEW LAW FOR LIBRARIES**

Grad. Lower Zorka Cekicevska, senior librarian
National Institution University Library "St. Kliment Ohridski" - Skopje

The law for libraries is the last one that concludes the normative regulation work of the libraries in the Republic of Macedonia on the low level.
With reference to this topic a brief review is done. The stress is given to the basic results that the Law offers, completely aimed for libraries.

**Kew words:** *Libraries, Legislature, Macedonia, Reviews*

Проф. Д-р Александра Вранеш
Филолошки факултет при Универзитетот во Белград,
Србија и Црна Гора

Д-р Александра Вранеш (родена 1960 год.) магисшрирала 1989 год., а докшорирала 1996 год. Таа е вонреден ирофесор на Филолошкиош факулшеш во Белград, а од 2000 год. и уиравишел на Кашедраша за библиошекарсшво и информашика.

Предава Библиошекарсшво *I-IV* на додииломскише сшудии и Мешодологија на исшра.жување во библиошекарсшвошо, Техника на нучна рабоша и Сриска библиографија на иоследииломскише сшудии.

Авшор е на иовеќе книги и бројни сшудии, учесник на конференции во земјаша и сшрансшво, иницијашор и организашор на две меіународни конференции од обласша на библиошекарсшвошо одр.жани во Белград (2000. и 2003 год.), уредник на сиисаниешо "Средби на библиографише во сиомен на Д-р Георгие Михаиловиќ", член на Реиубличкаша комисија за иолагање сшручни исииши и за унаиредување во иовисоки сшручни звања и др.

Од 2004 год. и Пресседашел на Сојузош на друшшваша на библиошекарише на Србија и Црна Гора.

УДК 02:004.7

# ДИГИТАЛНИ БИБЛИОТЕКИ[1]

Проф. Д-р Александра Вранеш
Филолошки факултет при Универзитетот во Белград,
Србија и Црна Гора

Прикажани се можностите, аспектите, ефектите и погодностите на дигиталните библиотеки како развој на библиотекарството и организацијата на информацијата за знаењето. Гледано од теоретски и апликативен агол. Не е изоставен ниту критичкиот однос кој ги прави видливи потешкотиите и проблемите во процесот на нивното практикување.
Искажано е и мислење за состојбите на овој план во Србија.

Клучни зборови: Дигишални библиошеки

Библиотекарството, од една, информациските науки, од друга страна; традиционалните облици на организација и дејствување наспроти глобализацијата на информациите, поттикнувана од нивната дигитална форма, и безмалку, натприродните и надтипски модалитети на здружување чија цел е покомплексно информирање; економските и политичките влијанија врз општествената положба на библиотеките и дигитализирањето на информациите како предуслов за образование од далечина и за глобализација на знаењето - претставуваат спротивности во кои денес се најдоа и библиотекарите и корисниците. Мотивациите и исходиштата на ширењето на сознанијата и на задоволството од читањето и учењето се исти, се разликуваат само технолошките предуслови и средствата за нивното достигнување. Од складови, чувари на книгите, библиотеките се трансформираа во брокери на знаење во кои се вкрстуваат потребите за публикација и информација, локациските податоци за нив, правото, слободата и материјалниот аспект на нивното користење. Меѓусебно во постојан натпревар, електрон-

[1] Изложено на Советувањето "БИС 2004 - Библиотечни информациски системи", одржано од 5 - 7 мај, 2004 година во Ниш, во организација на Иновацискиот центар за развој и примена на информациските технологии при Машинскиот факултет на Универзитетот во Ниш.

ските, виртуелните и дигиталните библиотеки реално се разликуваат, но сите се синоним на брзо информирање, кое, наспроти непознавањето национални, географски и историски граници, суштествено се темели на економските. Суштината на традиционалните и дигиталните библиотеки е интелектуалниот производ, а не неговата дигитална форма, педантниот библиографски податок, а не колекцијата на битовите, грижата околу едноставното складирање, вкрстеното сортирање и правовременото презентирање на сите податоци.

Кога во периодот меѓу 15 и 19 век стремежите за создавање на една универзална меѓународна библиографија зајакнале, ни индивидуалните ни колективните усилби во 19 и 20 век, не можеле да го остварат тој сон. Библиографијата тогаш, како што не треба ниту сега, не била набљудувана како производ на опишување на ракописна или печатена публикација, како збир податоци за издавачката продукција, туку опфаќала библиологија, историја на книжевност и библиографија во нејзиното современо значење. Ниту дигиталната библиотека не подразбира само дигитализирани колекции, честопати оформени на регионален, роднокраен, национален принцип, туку процедури и околности, чија трансформација од традиционални во технолошки унапредени овозможува востановување на дигитални колекции. Дигиталната библиотека Американско иамешење, националниот дигитален проект на Конгресната библиотека, Докуменширањешо на американскиош уг на Универзитетот Северна Каролина или сличниот потфат на Универзитетот Корнел, се темелат на депозитна колекција на дигитални записи, на можностите за единствено именување и пребарување од поширок информациски простор. Процесите што водат до дигитална библиотека се селекција, обработка, едукација на библиотекарите, едукација на корисниците и евалуација на работењето, паралелно со неопходната координација, стандардизација и контрола на квалитетот. Оттаму, современата библиотека се именува како комплексна или хибридна библиотека, одредена со нејзиниот социјален, информациски и системски домен, со печатените и електронските носители на информации, низ чија достапност постојано се оценуваат ефективноста, ефикасноста и економичноста.

Откритието на печатарството, класификацијата на човечкото знаење, утврдувањето на меѓународните стандарди и препораки за работа, организација, за библиографски опис, поставувале барања еднакви на оние што денес ги наметнува компјутерската технологија. И како што книгата во почетокот била привилегија на високо образованите и богатите општествени слоеви, така и денес базите на податоците може да ги користи само истиот слој луѓе доколку библиотеките не се поставаат како посредници меѓу поединците жедни за знаење и самото знаење. Кризата на идентитетот низ која минуваат библиотеките речиси дваесет години, од обидите ексклузивноста на новите медиуми да ја пласираат низ името на медијатеките, а денес

преку името на информациски центар, исчезнува пред фактот дека библиотеките, пред сѐ, негуваат знаење, а не само информации, и дека, без оглед на формите низ кои го пренесуваат, го прават демократски достапно независно од возраста, полот, економската положба, физичкиот или менталниот хендикеп. Библиотеките на 21 век ќе бидат слични, ако им дозволиме, на самопослуги на информации. Проблемот на демократичноста и отвореноста, на слободниот достап до разновидни податоци, навестени во сфаќањето на самопослугата, не е во оваа констатација, туку во фактот дека тоа што се нуди е пласирање на информации, не на знаење, со век на траење условен од економски, политички и други општествени законитости. Информацијата може да биде самостојна, а знаењето бара контекст, информацијата може да биде брза, но знаењето се стекнува бавно. Се чини дека интернет завладеа со светот. Неговата надмоќ е видлива и во фактот што дури и најголемите пуританци во Србија тој поим го пишуваат со големи букви, признавајќи му посебност, единственост, неповторливост, преземајќи го од англискиот јазик правото општата именка да се пишува со голема буква, наместо да биде наш, домашен, демократичен, заеднички именител на можноста и на правото на информирање. Наше право е да бидеме објективни и да претставиме два типа информации. Тие кажуваат дека електронските медиуми и интернетот ги потиснуваат традиционалните форми на комуницирање и учење, зашто над 60 милиони луѓе ширум светот секој ден комуницираат преку електронската мрежа, која секој месец се шири за 10 - 15 %, а во текот на еден ден се вклучуваат 500 000 книги со обем од 200 страници. На ова треба да се спротивстави сознанието, честопати неистакнато, дека во светот сепак само еден процент од постојните информации се достапни во дигитална форма. Тогаш, колку е реален стравот дека книгата ќе отстапи пред оваа форма кога преостанатите 99% информации треба да се пренесат на други носители на информации. Самиот Бил Гејтс неодамна го изнел сознаниете дека текстот кој надминува 3-4 страници корисниците сѐ уште повеќе го печатат, наместо да го читаат од екран, што говори дека интернетот е само побрз систем на дистрибуирање на конвенционални записи. А снаоѓањето на интернет, кој дури и на вкрстените прашања честопати нуди безброј потполно несоодветни одговори, сѐ е послично на потребата од класифицирање на човечкото знаење востановена во претходните векови. Библиотеките кои секогаш подготвено одговарале на потребите на времето се прилагодуваат и на новите носители на информациите, нудејќи едновремено и печатен документ и виртуелна информација, зашто тие се, како што запишала Мерилин Гел Мејсон, "јин и јанг на сознавањето, машки и женски принцип, актив и пасив, темнина и светлина, сонце и месечина".

Историските, економските, технолошките особености на едно општество го условуваат и видот на организацијата на библиотеките. Од првите библиотеки во кои фондот и корисникот биле примарни се издвоиле различни задачи, кои со текот на времето влијаеле на осамостојувањето на

одделни служби, содржински и формално. Особено во годините непосредно по Втората светска војна во библиотеките се оформуваат одделенија што ги следат процесите на набавката, чувањето, обработката, користењето на фондовите и информирањето на корисниците. Организациската структура на библиотеките се усложнувала напоредно со збогатувањето на библиотечната дејност, а хиерархијата во меѓусебните односи на вработените станувала сè поизразена. Секој библиотечен сектор имал свој раководител, а сите директно одговарале на управникот на библиотеката. Согласно општественото уредување и степенот на самостојноста на самата професија во библиотеката и надвор од неа, постоела можност за различни видови здружување на вработените заради застапување на заедничкиот интерес, така што едновремено постоеле внатрешни и надворешни комисии, совети, секции, здруженија, но тие не ја нарушувале хиерархијата на одлучувањето. Ваквата бирократска организација на библиотеките, особено како самостојни установи, опстојува сè уште. Додека националните, универзитетските и јавните библиотеки токму така ги структурирале своите работни единици, ваквата ригидна форма на организација ниту порано, а ни сега не е застапена кај факултетските библиотеки во нашата земја. Не можеме да кажеме дека тоа е резултат на нашиот критички однос кон традиционалната и во светот можеби надмината форма на организација, туку повеќе на подреденоста на факултетската библиотека на високошколската установа во чиј состав се факултетските и семинарските библиотеки, како наставно-научни, но едновремено и административни единици на одделни високообразовни установи, најчесто поради малиот број на вработени и скромниот простор, не можеа, ниту имаа потреба, да ја следат формата на организација на самостојните библиотеки, па се чини дека отсекогаш, и во тој поглед, нивната свртеност кон корисникот е поизразена.

Развојот на новите технологии и нивната примена во библиотеките предизвикаа реални промени во библиотечното работење и дисеминацијата на информациите, но не во организациската структура на библиотеките, барем не според очекуваното. Хиерархискиот модел на библиотеките опстоја и покрај заемното преплетување на различни работни процеси, што можеа да бидат основа и за вид кооперативна организација. Така Барбара Моран[2] разликува нови видови организација на библиотечната работа:

1. во форма на комисии, кои ги сочинуваат членови од различни сектори;

[2] Moran, Barbara B.: The Changing Organizational Structure of Academic Libraries. - http://www.lib.pku.edu.cn/98conf/paper/b/BarbaraMoran.htm. - 15.03.2004. - 7 p.

2. во вид на времен ангажман во проектна задача, после чие успешно завршување вработените се враќаат на редовните задолженија;

3. во форма на матрица, или кружок на квалитет, во кој членовите на работните групи, во процесот на барањето најдобри решенија во однос на зголемувањето на продуктивноста и контролата на квалитетот, имаат одговорност и кон раководителот на сопственото оделение и кон раководителот на проектниот тим;

4. како тимови во рамките на одделни сектори, во кои е суштествена групната, а не индивидуалната работа.

Секоја промена на организациската структура во библиотеките, осмислена самостојно или во консултација со советниците, мора да биде посакувана од самиот колектив, односно тој да има чувство дека спроведувањето на таков проект е оправдано. Можна е доколку библиотеките, односно нивниот стручен кадар и раководен тим, се свесни, пред сѐ за: а) потребата од трансформација, минимална или радикална; б) тешкотиите пред кои ќе се исправат во тој процес; в) ако се отворени за сите видови на континуирано образование и усовршување; г) доколку се правовремено и квалитетно информирани од самиот почеток.

Во проектите што ги предлагаа меѓународните или локалните заедници или организации, во периодот од шеесеттите до осумдесеттите години на 20 век, библиотеките се согласуваа со одделни идеи, какви, во рамките на ИФЛА, беа: централизираната набавка, меѓународната стандардизација на каталошкиот и библиографскиот опис, меѓународното единствено нумерирање на сериските и монографските публикации, воведувањето на централизираната каталогизација, каталогизацијата во публикација, развивањето на меѓубиблиотечното зајмување, универзалната библиографска контрола, универзалната достапност на публикациите, заштитата и конзервацијата на библиотечната граѓа, почитувањето на авторските права, универзалниот протек на податоците и телекомуникациите. Почетокот на седумдесеттите години на 20 век го обележа новата иницијатива за основање на конзорциуми на библиотеки (присутни во литературата уште од педесетите), кои претставуваат послободна заедница на членки и можат да ги обединуваат сите претходни форми на здружување, гранско и функционално, но и географско, демографско, регионално, стручно. Технолошкиот развој придонел за општественото втемелување на библиотечните конзорциуми (како форма на здружување познати во стопанството, економијата и образованието уште од средината на 19 век), за разнородноста на домените на нивната соработка и квалитетот на работењето. Тој секако не го предизвикал нивното појавување, но го олеснил во деведесетите, ги поттикнал и придонел за ширењето и комплексноста на нивното работење. Jordan Scepanski ја ана-

лизира смислата на поврзувањето на библиотеките во конзорциуми: "Конзорциумите главно се основаат заради подобрувањето на куповната моќ на институциите-соработнички, достапноста на различни извори (некогаш печатени, денес дигитални, во иднината можеби човечки ресурси) и заради развојот на автоматизираните сервиси. (...) Конзорциумот не е библиотечна асоцијација иако некои од нив се вклучуваат во неговото дејствување. Конзорциумот не е ниту систем на високото образование, ниту пак регионален и државен систем на јавните библиотеки (...)".[3] За конзорциумите не постојат локални, национални, економски, технолошки, типолошки, кадровски, политички, психолошки, федерални граници, поради што тешко се дефинираат. Тие базираат на заедничка цел и интерес кои ги остваруваат со договор, соработка и со флексибилноста на својата мрежа. Доброволното здружување, централизираната администрација и економските поволности се трите основни принципи врз кои се темели дејствувањето на конзорциумот. Неговата ефикасност ја обезбедуваат:

1. дефинираноста на целите и носечките активности, визиите и мисиите на конзорциумот, чии детерминанти едновремено се јасноста, прецизноста и флексибилноста;
2. свеста на сите библиотеки-членки за користа и комерцијалната оправданост на таквото здружување, од што произлегува подготвеноста за соработка;
3. спроведливоста на одлуките на конзорциумот, која е можна само ако управното тело го сочинуваат угледни раководители, чиј збор има општествена валидност, што вклучува не само управници на библиотеките, туку, зависно од нивото на организирањето, и декани на факултети и ректори на универзитети.

Благодарејќи на здружувањето во конзорциуми, малите и средните високошколски библиотеки, задржувајќи го индивидуалниот идентитет на локални збирки, профитираат во сферата на набавка на електронски списанија и бази на податоци и на архивирањето на податоците за идни користења и вклучување во програмите за образование од далечина. Помалите академски библиотеки од САД се здружуваат во конзорциуми, меѓу кои е и големиот и познатиот *Ohio Link*[4], кој вклучува повеќе од 50 библиотеки-членки со различна големина, значење и трајност. Едновремено, покрај веќе мошне развиената институција на легирање, благодарејќи на која пого-

[3] Scepanski, Jordan M.: Collaborating on New Missions: Library Consortia and the Future of Academic Libraries. - http:// www/lib.pku.edu.cn/98conf/paper/c/JordanScepanski.htm. - 15.03.2004. -5p.

[4] Zhang, Sha Li: Collection Management in small and Medium Size University Libraries in the New Century. - http://www.lib.pku.edu.cn/98conf/paper/b/ShaLiZhang.htm

лем број библиотеки ја извршуват својата мисија, се развива и организираната и институционализираната поддршка на приватниот сектор на американските библиотеки, меѓу која треба да се одбележи професионалната организација ALADN (the Academic Libraries Advancement and Development Network)[5], која има за цел да ги развие вештините на библиотекарите и да ги обучи за спроведување на новите програми. На пример, во Велика Британија електронските извори на информации за сите библиотеки и сите членки на универзитетот ги набавува и промовира новата агенција Joint Information Systems Commitee (JISC), додека високошколските библиотеки на 20 најголеми универзитети на оваа земја се здружуваат во конзорциумот CURL (The Consortium of University Research Libraries), заради соработка со библиотеките во земјата и странство.

Улогата на конзорциумот е значајна особено во спроведувањето на набавната политика. Системот Кобсон за обединета набавка воспоставен во Србија под водство на Народната библиотека на Србија е добар и економски оправдан облик на конзорциум, благодарение на кој, со поддршка на Министерството за наука, на научните работници им е овозможен пристап до полниот формат на 12.000 периодични публикации. Успешната набавна политика, изјавува англискиот библиотекар J. A. Urquhart, зависи од "компетентна селекција, контрола на буџетот и просторот наменет за сместување", критериуми чија целосна оправданост се промовира со проектот за дигитални библиотеки. Специјалистот за предметна обработка во библиотеката, добар познавач на одделна научна дисциплина, може, на барање на читателот, да врши селекција на бараниот материјал, што се предвидува во поздравната и визионерска реч на Хозе Ортега и Гасет при отворањето на меѓународниот саем на книги во 1935 година: "Библиотекарот во иднина ќе мора да го води неупатениот читател низ неопходната џунгла книги и да биде терапевт, хигиеничар на неговата лектира. Тоа не соочува со ситуација спротивна на онаа од 1800 година. Денес премногу се чита: угодноста на усвојувањето мноштво идеи што се сочувани во книгите и списанијата со занемарлив или ништожен напор човекот постепено го навикнува, а просечниот веќе го свикнала, да не размислува со сопствената глава и да не го преиспитува прочитаното, што е единствениот пат на вистинското усвојување на идеите. Станува збор за најпогубното, суштински најнегативното својство на книгата. (...) Голем дел на денес енормно нараснатите јавни проблеми потекнува од фактот што просечните глави денес се наклукани со идеи по инерција, разбрани делумно и обезвреднети - значи наклукани со псевдоидеи."

Втор работен процес без чие осовременување нема дигитална библиотека е формирањето систем на каталози. За современиот "on line" компјутеризиран каталог, предизвикот и потребата на нашето време, теме-

[5] Haak, John R.: Acting Locally, Serving Globally: Generating Support for Research Libraries into the Next Millenium. - http://www.lib.pku.edu.cn/98conf/paper/a/JohnHaak.htm. - 14.03.2004. - p. 2

лот на дигиталната библиотека, со одушевување пишува Frederich Kilgour[6], наведувајќи ги следните предности:

1. корисност, зашто повеќе е насочен кон задоволувањето на потребите на корисникот, отколку кон почитувањето на библиографските принципи;
2. достапност на информациите и надвор од библиотечната зграда преку терминал;
3. потполност и ажурност, зашто ги поседува тековните информации, кои се достапни напосредно по нивното внесување во компјутерот;
4. дури ни големината, која варира од персонални компјутери до големи системи, не претставува негов недостаток;
5. флексибилност, бидејќи податоците може да се добијат и на екран и во печатена форма;
6. продуктивност, бидејќи го забрзува процесот на каталогизација и класификација, а со тоа го заштедува времето на библиотекарот и корисникот.

Josephine Fang[7] нагласува дека примената на сметачи овозможува ефикасна централизирана каталогизација, која е основен предуслов за формирање на мрежа на библиотеки, што понатаму води кон висока професионалност на библиотекарите, намалување на трошоците, зголемување на бројот на обработени наслови, како и кон широка дистрибуција на публикациите и на информациите.

Библиотеките, особено оние при високошколските установи, од една страна ја препознаваа експлозијата на информациите и развојот на технологијата која требаше да им овозможи да владеат со нив, а од друга страна развиваа натпревар и кај своите членови, создавајќи простор во општеството да бидат препознавани не повеќе како чувари на книгите и информациите, туку како тнр. менаџери на знаењето. Обемот, комплексноста и разновидноста на информациите ги надраснуваа способностите на поединците и фондовите на библиотеките, а со самото тоа и дотогашните поларизирани сфаќања за библиотекарите како универзални иознавачи, или предметни специјалисти. И едните и другите се здружија во обидот да ги совладаат

[6] The Shared Cataloguing System of the Ohio College Library Center / Frederich G. Kilgour . - Во : Journal of Library Automation . - 5 /1972/ . - стр. 158.

[7] Theoretical Aspects of centralized Cataloguing and Interlibrary Loans / Josephine Riss Fang . - / Manila : IFLA General Conference, 1980/ . - стр. 2-12.

вештините на користењето на телекомуникациската, компјутерската, репрографската опрема, по можност подобро од своите корисници и да го преземат товарот на одговорноста не само за одбир и дистрибуирање на информациите, туку и за обука на корисниците на нивните библиотеки за користење на новите заемни каталози, на базите на податоци, електронските публикации, достапни честопати преку порталот на библиотеката.

Во следните години во кои во Србија организирано и обмислено ќе се изградува системот на виртуелно библиотекарство, чиј битен предуслов е заемната каталогизација, библиотеките, со своите специфични и богати фондови и високообразованите, специјализирани библиотекари, кои имаат можност директно да влијаат на квалитетот на научниот и образовниот процес, а со тоа и на натамошниот општествен развој, треба да го почнат процесот на создавање на виртуелен универзитет, на чие формирање и вклучување во општите образовни и научноистражувачки проекти во светот битно ќе влијае воведувањето и почитувањето на системот на квалитет. Во тој процес библиотеките може да ги користат различните програми кои овозможуваат воспоставување на дигитална библиотека, имајќи ги во вид: а) сеопфатноста на библиотечните процедури; б) комплексноста на барањата на секоја процедура; в) компатибилноста на национално и интернационално ниво; г) материјалната условеност.

Националната библиотека која во соработка со најзначајните матични библиотеки во Србија го дефинираше проектот Виртуелна библиотека на Србија, определувајќи се за комплетниот и заокружениот програм КОБИС, присутен на нашиот пазар уште од 1989 година, ја имаше во вид потребата на библиотеките во Србија што поскоро да се вклучат во балканскиот и светскиот дигитален простор, отворајќи поле за натпревар за сите можни програми што ги поддржуваат библиотечните процедури и на истиот протокол го забрзуваат востановувањето на дигиталниот библиотечен простор на Србија. Тука веројатно би било корисно здружувањето на библиотеките, пред сѐ на јавните, во соодветни конзорциуми заради решавањето на горливите прашања, на кои моментно се одговара недоволно систематски и циховски незаштитено.

Се чини дека дигиталната библиотека опстојува надвор од проблемите поврзани со кадарот во библиотеките. Напротив, недоволната едуцираност или професионалната лежерност имаат сосема видливи негативни последици и на планот на дигиталната библиотека.

Врз основа на искуството стекнато во британските библиотеки Alan Mac Dougall дошол до сознание дека библиотекарите, слично на сите други работници, можат да се поделат во две групи. Првата група ја сочинуваат лица што се заинтересирани за работата во библиотеката, а втората ние

што се рамнодушни кон своите работни обврски. Негов впечаток е дека оваа поделба, направена според интересот и односот кон работата, едновремено ги диференцирала луѓето со висока, средна стручна подготовка и манипулантите. Тој заклучува дека во библиотеките честопати постои "елемент на елитизам и професионален протекционизам" и дека организирањето на семинари може да помогне за отстранување на разликите меѓу овие групи и воспостановување пријатна работна атмосфера во библиотеката. Еден од таквите програми за обука, кој се остварува на Brystol Politechnic School, се состои од 11 месечни средби под покровителство на јавните библиотеки и од две средби во организација на универзитетската библиотека, на кои се разговара за проблемите од библиотечната пракса. Овој вид средби е организиран за квалификувани библиотекари, а за нестручниот персонал е организирана сесија на предавања од 1 до 2 часа неделно.

Експериментот кој бил спроведен во Redclife Library е сосема успешен, зашто остварил:

1. подобро познавање и разбирање на работните процеси;
2. заемно запознавање на вработените со одделните проблеми што се наметнуваат во праксата;
3. посериозен однос кон работата;
4. посрдечен, покоректен однос кон студентите;
5. зголемен број и квалитет на информациите.

Континуираното образование на кадарот е неопходно за развојот на библиотечно-информациската дејност. Оттаму новите програми на англиските библиотекари во колеџите предвидуваат минимална обука за секој член на колективот од најмалку пет часови годишно.

Со оглед на ориентираноста на библиотечната дејност кон барањата на корисниците, кои го следат развојот на научните дисциплини и технологијата, образованието на библиотекарите мора да биде флексибилно и ним да им се прилагодува. Општите насоки за содржината на наставните програми, освен функционалноста и универзалноста, треба да ја одразат и мултидисциплинарноста на професијата. Претходните карактеристики, како и можноста за проверка на усвоените знаења и вештини низ прашалници и анкети, претставуваат солидни предуслови за воведување на учење од далечина, што е пожелно да биде координирано од страна на ICDE (International Coordination of the Distant Education). Современите библиотекари треба:

1. да одговорат на потребите на библиотеката и на нејзното окружување;

2. својата професионална определба да ја чувствуваат и како животна вокација и како услужна дејност;
3. да ја почитуваат традицијата, а промените да ги прифаќаат со натпреварувачки дух;
4. во својата работа да ги применуваат особините на добар компјутерски софтвер - процедуралност, интерактивност, кооперативност.

Веројатно дека на многу библиотекари, па и на самите корисници, размислувањето за однесувањето на вработените во библиотеката им се чини неважно, или барем помалку важно, особено во контекстот на достапноста на фондовите и на информациите. Меѓутоа, тоа понекогаш влијае подсвесно на определбата на корисникот да се обрати на сосема определен библиотекар, своите потреби да ги прилагоди на работното време на стручњакот со кој сака да соработува, или во изборот на библиотеката да го водат психолошки, а не конкретни причини. Оттаму од библиотекарот треба да се очекува:

- поддршка и насочување на индивидуалните напори на корисникот;
- помош во наоѓањето соодветна публикација и информација;
- аналитичност во проблемските пребарувања;
- заинтересираност за степенот на адекватноста и корисноста на дадената информација;
- кооперативност и трпение;
- комуникативност и отвореност;
- посветеност на пребарувањето;
- флексибилност;
- одмереност и љубезност.

Свикнати сме библиотекарите да ги доживуваме како прецизни и сигурни соработници во процесот на научното истражување, како "кустоси" на книгите", а информатичарите како ефикасни и вешти соговорници, што нудат брзи, сестрани и интердисциплинарни информации, независно што тие честопати не водат до знаењето. Можат ли тие и во денешното време да ги задржат своите поларизирани улоги, или е неопходно, како што предлагаат

Colin Steele и Mechthild Guha[8], "склучување брак" меѓу нив? Со соединувањето на двете функции на библиотеките, образовната и забавната, дури настанал и нов термин за означување на овој квалитативен спој, "edutainment", иако сѐ уште кај нас нема соодветен превод. Можеби на крајот на патот по кој тргнале библиотекарите и информатичарите како потврда и признание ќе стои и нов синтагматски спој кој би ја означувал новата професија.

"Историјата на библиотките е историја на услужување. Исто така, таа е и историја на промени (...) само една вредност од минатото е задржана и во новото окружување. Мисијата на библиотеките може едноставно да се објасни како овозможување на услуги што им се потребни на корисниците. Оваа мисија ја делат сите библиотеки во секоја генерација и во целиот свет."[9] До неодамна на мисијата на библиотеката и се пристапувало на традиционален начин, а за нејзиното остварување денес се очекува: соработка, интерактивност, интердисциплинарност, мултифункционалност, мултимедијалност, енциклопедичност, динамичност, брзина, достапност, пребарливост. Опфатноста на овие особини и активности ги наведува современите теоретичари ваквата библиотека да ја означат како виртуелна или постмодерна. Библиотеката веќе денес, а во иднина сѐ повеќе, излегува од рамките на централизирана, физички омеѓена, статичка, формално организирана единица и добива епитети на проблемски ориентирана, технолошки напредна, и, благодарејќи на здружувањето, на финансиски независна, ефикасна и професионална институција.

Електронското издаваштво значително придонесува за воспоставување виртуелна библиотека. Студентската популација во САД почесто користи електронски изданија отколку традиционални, по сведоштвото на библиотекарите дури одбива други. Во определбата на корисниците еднакво се застапени реалните особини на секој формат одделно, како и општите барања на времето во кое живееме. Печатените материјали лесно се пренесуваат, трајни се, опипливи, можеме да ги поседуваме, да им се навраќаме и да уживаме естетски во нив, а за тоа да не ни се потребни никакви технички и телекомукациски помагала; електронските изданија, пак, се актуелни, мултимедијални, флуидни, динамички, отворени за повеќеаспектни, интердисциплинарни и интерактивни пребарувања, но едновремено поставуваат и материјални барања. Високошколските библиотеки, повеќе од сите други видови библиотеки, тежнеат кон балансираност на своите фондови, која тешко се постигнува, како заради максималистичките и бројни барања на своите корисници, така и заради подреденоста на факултетот и универзитетот, кои

[8] Steele, Colin and Mechthild Guha: Staffing the Digital Library od the 21st Century. - http://www.lib.pku.edu.cn/98conf/paper/f/SteeleGuha.htm. - 15.03.2004. - p. 2

[9] Friend, Frederick J.; New Mission? Or Old Mission with a New face? - http://www.lib.pku.edu.cn/98conf/paper/a/FredFriend.htm. - 15.03.2004. - p. 2

не секогаш издвојуваат доволно за обновување на библиотечниот фонд. Оттаму произлегла и потребата на James G. Neal[10] да формулира упатства за воспоставување нови кооперативни модели кои:

1. ја засилуваат компетитивноста во процесот на издавање учебници;
2. го развиваат менаџментот на интелектуалната сопственост заради полесна дистрибуција на наставниот материјал;
3. ги поттикнуваат иновациите во софтверот за достапната информациска технологија;
4. го афирмираат квалитетот на комуникацијата во школското окружување;
5. овозможуваат архивирање и размена на постоечката дигитализирана граѓа.

Во таков случај проблемите со кои се соочуваат библиотеките се:

1. со купувањето бази на податоци и пакети електронски изданија на списанија, библиотеката, како дел на конзорциумот, честопати добива и наслови за кои нема интерес и кои во печатена форма не би ги купила;
2. качување на цените на наставните и истражувачките материјали, кои, спротивно, би требало да се бесплатни;
3. нејасна и непрецизна регулатива врзана за авторските права кај електронските извори;
4. недоволно развиена дигитална идентификациона технологија која овозможува контрола на заштитата на авторските права и економските димензии на пласирањето информации од порталот на библиотеката;
5. архивирање на дигиталната периодика, особено во контекст на застарувањето на информациите во бројни научни списанија - најчесто период од 5 години.

Проблемите што периодиката во печатена верзија им ги создаваше на библиотеките не се поголеми од оние што се јавуваат при користењето на нејзината електронска форма. Така, и во модерното време двете функции на

[10] Neal, James G.: Electronic Publishing and the Future of Library Resource Sharing. - http://www.lib.pku.edu.cn/98conf/paper/c/JamesNeal.htm. - 15.03.2004. - p. 2

библиотеката, чувањето и користењето, постојано едновремено се судруваат и хармонизираат. Решенијата се бараат во:

1. архивирање на периодиката од страна на самиот издавач;
2. основање на "агрегатор сервиси" кои создаваат колекции на електронска периодика од различни издавачи;
3. развивање на ваква дејност како нова функција кај познатите организации, како: EBSCO, Carl, Swets, Faxon, Information Acces Company.

На пример, во Сингапур, се предлага, со архивирањето на периодиката да се задолжи NLB (National Library Board), национална агенција што го прима задолжителниот примерок, а високошколските библиотеки да се ослободат од таа обврска.[11] И без проблемот со чувањето на сериските публикации, виртуелните високошколски библиотеки имаат бројни причини да не ја усвојат нивната дигитална форма:

1. проблеми со авторските права;
2. зголемување на трошоците, особено во иницијалната фаза;
3. некомпатибилност меѓу издавачите;
4. комплексна обука за користење;
5. потреба од специјална опрема;
6. тешкотии при зајмувањето;
7. недоволна покриеност на интересот на корисниците за дигитална периодика;
8. тешкотии во поврзувањето на дигиталната и печатената форма;
9. комплексност на лиценцните договори;
10. постојана променливост на изворот, што цитирањето го прави несигурно, неточно.

[11] Chaudhry, Abdus Sattar and Wang Zhihong: Impact of Electronic Journals on Archival Functions of Academic Libraries : a Singapore Perspective. - http://www.lib.pku.edu.cn/98conf/paper/a/Abdus_Chaudrhry.htm. - 15.03.2004. - p. 3-4

Сепак, електронската периодика е сè почеста во библиотеките, заради држење чекор со времето или заради следните позитивни страни:

1. овозможува правовремен пристап независно од оддалеченоста на корисникот;
2. може едновремено да ја користат повеќе читатели;
3. ги поддржува потребите на пребарувањето;
4. обезбедува заемно поврзување;
5. нуди мултимедијални информации;
6. заштедува простор за сместување на граѓа;
7. не е потребно подврзување и коричење во томови.

Со развојот на учењето од далечина, кое битно влијае на сфаќањето на улогата на универзитетот, се менува и функцијата и местото на библиотеките на универзитетот. Во почетокот се веруваше, сосема избрзано, дека високошколските библиотеки со новата димензија на учењето ќе исчезнат, а се заборавашe дека се тие срцето на универзитетот, кои освен од локално достапни извори, озможуваат собирање информации и од интернет и од здружени кооперативни системи. Бидејќи самите не се доволни, станувaат неопходен чинител на унапредениот наставен процес. Нивна прва задача е да ги научат корисниците да пребаруваат информации и да учат. Според Gaynor Austen[12], новиот универзитет е вклучен во процесите на наставата, истражувањето и комуникациите, а библиотеката треба да го следи целосно, директно: преку книжни медиуми, што се случувало во шеесеттите; со помош на компјутерски опремените служби од седумдесеттите; умрежените библиотеки од осумдесеттите; електронските, дигиталните и виртуелните библиотеки на деведесеттите; а кој знае со какви унапредени форми во 21 век во кој зачекоривме. Со вклучувањето на новите медиуми во фондовите на библиотеките се почуствува потреба од усогласување на терминологијата, па почнува примена на поимите медијатека, фонотека, фототека. Сличен процес денес се одвива и во англискиот јазик, во кој синтагмата "teaching library" во чекор ја следи изразот "teaching cybrary"[13], во моментот без соодветен еквивалент во српскиот јазик, што ја означува и наставата за користење на информациска технологија и примената на информациската

[12] Austen, Gaynor: What is my core business? The Academic Librarian as partner in the teaching and research Process. - htpp:/www.lib.pku.edu.cn/98conf/paper/a/GaynorAusten.htm. /- p.1

[13] Junling, Peng and He Haidi: The Application of Modern Information Technologies and the Intensification of the Education Function for Academic Libraries. - http://www.lib.pku.edu.cn/98conf/paper/a/PengJunling.htm. - 15.03.2004. - p. 2

технологија во наставата. Не само терминолошки, туку и суштински, овој процес беше започнат на University of Southern California во 1994 година, со поинаков пристап во сфаќањето на улогата на библиотеката и со нова поделба на просторот. Имено, просторот предвиден за меѓусебна комуникација на студентите, наставниот и библиотечниот кадар со помош на современа компјутерска опрема, за најновиот софтвер и кадарот за техничка поддршка, е два пати поголем од магацинскиот простор на библиотеката. Таквиот приод го поттикнува воведувањето на иновации во самата настава, па библиотеката служи како експериментален полигон.

Со цел да се воспостави однос и оствари рамнотежа меѓу пропишаните должности и обврски на библиотеката, утврдените и формулираните потреби на корисниците и резултатите од преземениот воспитно-образовен и научно-истражувачки процес, се пристапува кон евалвација на библиотечното работење. Треба да се има во вид дека секогаш постојат барем четири гледни точки за секоја евалвација, зависно од тоа чии се: а) на универзитетот како основач, б) раководителот на библиотеката, в) библиотечниот кадар и г) на библитечните корисници. Тие секогаш влијаат на објективноста, доследноста и на прегледноста на заклучувањето. Би било оптимално кога спроведената евалвација би дала коректни показатели за претходниот период и добро обмислени насоки за идното работење и организација. Во текот на евалвацијата не смее да се изврши замена на тезите за вредностите, односно мерилата на вредност никогаш не треба да бидат осовременета или нова зграда, набавена модерна опрема, наспроти библиотечниот фонд или наспроти библиотекарот. За да се постигне одреден степен на воедначеност во истражувањата и заклучоците потребно е:

1. дефинирање со договор и прецизна формулација на потесните и пошириките параметри на истражувањето и начините на нивното спроведување;
2. набљудување на библиотечната работа во контекст на општите општествени прилики;
3. анализирање на реакциите на вработените библиотекари и корисниците во врска со постигнатите резултати во истражувањето.

Проценувањето на квалитетот на услугата, со заштеда на труд, заклучува Carlos Alberto Acuna Ramos[14], може да се одвива во фази: 1. пред давањето услуга; 2. во текот на услужувањето; 3. по дадената услуга. За цело време корисникот треба кај библиотекарот да ги препознае следните особини: љубезност, комуникативност, сигурност, разбирање, способност,

---

[14] Ramos, Acuna Carlos Alberto: Challenges of Measuring quality in Academic Libraries : a View Peruvian. - http://www.lib.pku.edu.cn/98conf/paper/b/Ramos.htm. -15.03.2004. - 4 p.

кредибилитет и заштитеност на сопствените пребарувања и потреби со цел остварување на интелектуална слобода.

Коректен однос кон авторското дело е обврска и на читателот и на библиотекарот, како во традиционалната, така и во дигиталната библиотека. Читателот треба да ја почитува интелектуалната сопственост на авторот така што: ќе ја истражува примарноста на идејата, ќе ја пласира точно и објективно зависно од контекстот во кој настанала, а не според сопствените потреби, а цитатите од користениот текст ќе ги наведе со комплетна библиографска белешка. Обврските на библиотекарите, особено на тие што работат во високошколска установа, се дури поголеми од претходните, зашто, пред сѐ треба:

1. да се запознаат со законската регулатива која се однесува на оваа област;
2. да обезбедат примена на општите прописи во библиотеката;
3. согласно законот да ги прецизираат интерните правила за користење на граѓата во библиотечните целини;
4. да придонесат во градењето на свеста на читателите, особено кај помладите истражувачи, за почитувањето на авторското право.

Одговорноста на библиотекарот е очекувана константа кога станува збор за користење на тековната издавачка продукција во општиот фонд, како и во збирките и персоналните библиотеки.

Заштитата на авторското право во библиотеката најчесто се однесува на одмереност и парцијалност при умножувањето на печатени материјали или на заштита на одделни извори на интернет. Библиотеките, во начело, го почитуваат авторското право веќе со самото чување на своите фондови, особено на ракописната граѓа и на библиотечните целини кои го носат личниот печат на своите сопственици.

Почитувањето на интелектуалната сопственост на авторот секако не смее да биде рестриктивно, да остава таков впечаток, а најмалку да претставува оправдување за евентуална недоволна ангажираност на библиотекарот. Тоа е во спротивност, на некој начин, со ширината на дистрибуцијата на литературата и на идеите и со основното право на човекот на интелектуална слобода, која со вакви забрани се ограничува, понекогаш politititички и економски условува.

Сознанието дека меѓу библиотекарите, професорите и научните работници се случуваат "кражби" на идеи, дури и на цели текстови, дека туѓите книги се преведуваат или препишуваат без наведување на изворот, дека интернетот се користи како општо добро, пред кое не постои никаква

интелектуална одговорност, е поразувачка вистина на нашето време, за која, за жал, говорат бројните објавени книги и списанија. Останува отворено прашањето дали библиотекарот има обврска, или можеби право, или е тоа, пак, надвор од неговата компетенција, на корисникот да му укаже на плагијатот, стручен, научен, уметнички, на непочитувањето на принципите на техниката на научната работа.

Така, во име на библиотеката не се поставува прашањето на нејзиното исчезнување заради примената на новите медиуми и современата информациска технологија, туку заради економската условеност на нејзините колекции, која е потенцирана со профитабилниот маркетиншки настап на одделни понудувачи и продавачи на бази на податоци, на пример.

Меѓутоа, без единствен одговор е прашањето на заштитата на правата на корисниците во смисла на достапноста на знаењето и информациите со рационално користење на современите репрографски услуги, за издание што одамна е продадено, а за негово ново публикување издавачот или авторот не се заинтересирани. Значи, тоа останува отворено, препуштено на библиотекарите и читателите, на нивното знаење и чесност, зависно од крајната намена и цел на информациите - образовно-научни или комерцијални. Користењето на изворите што носат профит се врши со логичко ограничување, но кога би се замислиле над секој одделен случај за кој таквото правило би можело да се примени без сомнение би биле во недоумица. Ако официјалните правни акти не ги дефинирале прецизно овие поими, тогаш секако не е неочекувано библиотекарот да греши и да биде недоследен, зашто доза на субјективност во одлучувањето секогаш е присутна.

Digital Millenium Copyright Act, кој Конгресот на САД го донесе во 1998 година, се занимава со етичките прашања на употребата на библиотечната граѓа, а во 2001 година е дополнет со делумни ограничувања во сферата на користењето на дигиталните записи. Се појавија, значи, нови медиуми, со содржини што бараат правна заштита, уште пред да се решат прашањата на цитирањето и парафразирањето на нечиј став во комерцијални и некомерцијални цели. Иако прашањето за цитирањето како нарушување на авторското право е актуелно уште од средината на осумдесеттите години, при што границата меѓу комерцијалните и некомерцијалните цели никогаш не била прецизирана, паралелно се развива цитатната анализа, со бројни индекси на цитати, опстојувајќи и самата на границата меѓу научен и ненаучен метод. И повторно се поставува интригирачко прашање: во која мерка парафразите претставуваат нарушување на авторските права, кога едновремено се и промоција на резултатите и придонес во јавноста на работата на еден автор.

Дали со спречувањето на фотокопирањето и печатењето, со преснимувањето, скенирањето на одделни делови навистина се остварува зашти-

тата на авторските права, или на истражувачите само им се отежнува прибирањето на податоците, кои мора да ги препишуваат на начин на кој тоа го правеле корисниците на библиотеките и архивите пред педесетина години, а придобивките на денешниот технолошки развој како да не им се веќе на услуга?

Грижејќи се за индивидуалниот пристап кон авторското дело можно е дека заборавaме на колективниот организиран пристап кон него. Библиотекарите ги гледаме како посредници меѓу авторот и корисниците што се обидуваат рационално и добронамерно да ги заштитат интересите на двете страни. Притоа заборавaме на силната потреба на библиотекарот на корисникот да му даде комплексна, правовремена, потполна информација, што честопати подразбира на порталите на библиотеките да се најдат, без претходно регулирани авторски права, потполни текстови на материјали што биле умножени но не и печатени, а како депозитен примерок се сопственост на библиотеката. Такви се, на пример, специјалистичките, магистерските и докторските тези, несомнено од интерес за универзитетската популација, заради што и се чуваат во високошколските установи, но без однапред дадена дозвола од авторот да се појават во друг медиум. Кога овој проблем и натаму би го продлабочувале, архивите на многу наши библиотеки, во кои се чуваат видео, аудио или фото записи на книжевни вечери, музички свечености, изложби, би можеле да се посматраат како нелегални, бидејќи најчесто не се одобрени од страна на авторот или од учесниците.

Библиотеката треба да израсне до нивото на ефикасен лидер, менаџер, координатор, интегратор, провајдер на информациите во своето окружување, не заборавајќи никогаш дека нејзината крајна цел не е самозадоволството и самопофалбата, туку задоволството и пофалбата на корисниците. А задоволството на корисникот е толку поголемо колку просторот кој ја задоволува неговата интелктуална љубопитност ги надминува рамките на неговата локална библиотека, или на географски ограничен библиотечно-информациски систем.

Превод од српски
Јелена Фиданоска
НУУБ "Св. Климент Охридски" , Скопје

## Summary

UDC 02:004.7

# DIGITAL LIBRARIES



Prof. Dr. Aleksandra Vranes
University of Belgrade, Faculty of philology
Serbia and Montenegro



The possibilities, aspects, effects and benefits of the digital libraries, as a result of the development of both librarianship and knowledge management information are shown. From theoretical and application view, it is not omitted the critical review that makes problems to become visible in the process of their practicing.
Also, a viewpoint regarding the conditions in Serbia is presented.



**Kew words:** *Digital Libraries*

УДК 351.751.5:655.41(497.11)(091)

# ЦЕНЗУРИРАНИТЕ КНИГИ ВО СВЕТЛИНАТА НА ПРАВНАТА РЕГУЛАТИВА И НА БИБЛИОГРАФИИТЕ

Проф. Д-р Александра Вранеш
Филолошки факултет при Универзитетот во Белград,
Србија и Црна Гора

Направен е преглед на цензурата на печатената литература во Србија, од појавата до денес. Едновремено, и на процесот на создавање на задолжителниот примерок на книжната продукција.

Клучни зборови: Цензура, Печашена лишерашура, Србија

Толкувањето на поимот цензура, како спротивставување на оригиналноста, индивидуалноста и критички искажаното мислење, едновремено буди и сеќавање на снаодливост, на економска и, најчесто, политичка пресметаност. Колку повеќе цензурата е втемелена во општеството толку се поприсутни и начините за владеење со неа. Во 18 век кога во Европа се шират националните печатарски продукции, српската книга почнува да зависи од Гркот Димитриј Теодосиј, кој живее во Венеција и печати илирски и кирилски книги. На тие книги како место на печатење се појавуваат Москва, Киев и Санкт Петерсбург, што, никако не одговара на вистината, бидејќи биле објавени во Венеција. Тоа, пак, , одговарало на политиката на Реформаторите на падованските студии кои, издавајќи дозволи, божем го пропишуваа местото на нивното печатење. Така, по долготрајни архивски истражувања, проф. Мирослав Пантиќ заклучува дека "венецијанската власт дозволувајќи (...) печатење на такви книги, немала цел на православните да им даде замаскирана католичка лектира туку спротивно, претставувајќи ги тие книги како странски, ги одбивала од себе приговорите дека дозволува на нејзино подрачје да се умножува опасно еретичко семе". Со печатењето con falsa data или in data forestiera, Реформаторите на падованските студии се бореле со верската и државната цензура и со римскиот индекс на забранети книги, кој иако во облик на библиографија, всушност не претставува препорака, туку, сам по себе, е забрана. За нив, тие оставиле и библиографска белешка во серија архивски книги наречени Terminazioni stampe in data forestiera. Значи,

тие, всушност, и ги произведувале и ги разрешувале библиографските заблуди.

Со развојот на печатарската дејност во Белград, во пресрет на интелектуална Европа и нејзините закони, се развива и легислатива врзана за печатот и доставувањето на задолжителен примерок, со цел воспоставување контрола на јавниот збор. Оттогаш, 1833 год., до денес, 2003 год., заокружувајќи 200 години на формулирање закони, укази и уредби, на тоа поле се менуваа поводите, општественото окружување, но секогаш постоела цензура на печатената или на друг начин искажана мисла и дело.

По отворањето на Печатницата во Белград, Српскиот Кнез Милош Обреновиќ пропишува, врзувајќи ја наредбата за печатењето на Басниѝе на Доситеј Обрадовиќ, "да се предадат 6 примероци на располагање на цензурата" од кои еден е наменет за Народната библиотека. Така, од одлуката за доставување печатени публикации на цензура произлегува задолжителниот примерок во Србија. Од рестриктивното правило резултираше позитивна последица во корист на Националната библиотека. Од 1841 год. до Втората светска војна, правилата за цензорот што ги следеа законите за печатот како и самите закони, укази и уредби се менувани повеќе пати. Првично, тие ја вклучувале само домашната книга, за потоа да бидат проширени од страна на Александар Караѓорѓевиќ и на странските и книгите печатени на српски јазик во странство. Должностите на цензорот, едниот одреден од страна на државата, а другиот од страна на митрополитот, биле јасно дефинирани и опфаќале чување на православниот, христијанскиот, политичкиот и етичкиот образ. Оттука, исчитувањето на цензорските одлуки или уредбите на власта, заради нивно воспоставување, всушност е хронологија на реформските потези на српските културни дејци, во четириесеттите и педесеттите години на 19 век, а пред сѐ, на Вук Стефановиќ Караџиќ и на неговата борба за воведување нов правопис. Цензорските обврски биле проширени од контрола на содржината на контрола на правописот, дури и кај увезените книги, а се спроведувале темелно, со одземање печатени примероци или со уништување печатарски плочи. Констатирани се и финансиски ефекти од наплатувањето лежарина на ѓумрук, до увидот на цензорот. Бројот на цензорските и задолжителните примероци се менувал од закон во закон, а по појавата на приватните печатници ги опфаќа и нив (1852 год.).

Со Законот за печат од 1925 год., цензурата во Србија официјално се воспоставува само за време на војна и мобилизација, а одговорноста спрема државата во процесот на изработката на книгата била степенувана. Со Уредбата за задолжително доставување печатени материјали од 24 јули 1945 год. било предвидено на "државната централна библиотека да и се доставу-

ваат на чување и оние книги и други печатени материјали чие растурање е забрането од било кои причини".

Во годините по Втората светска војна, решенијата за забрана на дистрибуција на определени книги, произлезени од Законот за спречување злоупотреби на слободата на печатот и други видови на информирање, главно, се од политички карактер и биле донесувани на два начина: непосредно по војната, со кусо, но сепак објаснување зошто книгата или списанието се забранува, за да во шеесеттите и седумдесеттите години во службениот весник се внесува само одлука без какво и да е објаснување. Во тие години, во големите српски библиотеки, како Народната библиотека на Србија, Библиотеката на САНУ, Универзитетската библиотека "Светозар Марковиќ", се создаваат фондови на забранети книги, наполно недостапни за читателите. Некогашните формулации за прогласување на должностите на цензорот со текот на времето прераснале апсурдно, во заштита и спречување на злоупотреба на слободата на печатот и другите видови информирање. Така, во Србија, од цензурата на печатот произлегле, едновремено, задолжителниот примерок и затворените фондови на забранети книги чие појавување не беше следено од српската библиографија. Одвреме навреме, и во зависност од залагањата и интересот на поединци, составени се библиографии на забранети книги. Неправдата спрема книгата и авторот беше двојна и длабока: како поради самата забрана, така и поради молчешкум наполното занемарување на публикацијата во библиографските прегледи. Претходната констатација најдобро се потврдува со ангажираниот текст на Здравко Лековиќ од 1987 год. за проблемот на центарот на политичката моќ и на цензурата на информациите, во кој таа има идиличен контекст, соодветен на времето. Идилични се, можеби, следниве две стории за цензурата:

Познатиот српски комедиограф Бранислав Нушиќ ја напишал комедијата Сомнишелно лице, под влијание на Гогољ, 36 години пред нејзиното изведување. Од управниците на Народниот театар, како Милорад Поповиќ Шапчанин, била одбивана повеќе пати, с# до денот кога на таа функција го заменил самиот Нушиќ. Како управник на театарот, тој си го цензурирал сопствениот ракопис и го вратил на дното на фиоката на управничката маса. Самоцензурата, толку ретка во сите животни периоди и прилики, се отелотворила кај Нушиќ.

Вториот пример е од поновата историја, од годините по Втората светска војна, во кои познатиот писател Радован Зоговиќ ја заубил довербата на тогашната власт и бил ставен во домашен притвор, со забрана за објавување на кое било дело, во оригинал или превод. Со тоа, неговото семејство било довело на работ на сиромаштијата. Во тоа време, го посетувала само поетесата Десанка Максимовиќ, која цензурираните ракописи на

Зоговиќ ги потпишувала и ги објавувала под свое име. Поради оваа постапка, неискусен библиограф би можел да , припише грди особини, а вистина е дека нејзините мотиви биле длабоко хумани - хонорарите за позајменото име , биле важни за опстојувањето на семејството Зоговиќ. Свесното прифаќање на цензурата и досетливиот обид за нејзино одбегнување потсетуваат на печатењето con falsa data во Венеција.

Распнатоста на власта, како што своевремено констатирал Желимир Кешетовиќ, "помеѓу желбата да биде популарна и либерална пред домашната и странската јавност и настојувањето да не дозволи загрозување на својот политички монопол" резултирала во апсурдни и шаблонски забрани кои, честопати, можеле да го понесат епитетот самоуиравна цензура. Оттука, во српската наука и култура, во поширока смисла, а во школските програм, во потесна смисла, занемарени се во потполност или толкувани во негативен контекст одделни автори или нивни дела како тие на Милош Црњански, Јован Дучиќ, Ѓорѓе Јовановиќ, Владиката Николај Велимировиќ.

Интересно е дека периодот на изолацијата во науката и културата бил дополнет со изолација во библиографијата. Всушност, секогаш совесните библиотекари свесно ги почитувале општите општествени законитости наместо да ја прибираат внимателно секундарната граѓа, со што не се спротивставувале на развојот на цензурата. Библиографската белешка во моментите на информациска блокада би можела да биде корисна и светла информација што го свртува вниманието на напредните општествени сили кон постоењето на цензурата. Едновремено, таа може да биде патоказ за проценка на постоењето на цензурата во определен период и нејзините ефекти во развојот на културниот живот, во кој, за разлика од социјалните и политичките збиднувања, остава потешки и подолготрајни последици. Можеби тогаш би можеле да се добијат одговори на прашањата зошто во Нобеловиот музеј во Стокхолм не се споменува Иво Андриќ, ниту во плејадата наградени писатели, ниту во каталогот на библиографските белешки за нобеловците. Зарем последиците на цензурата во светот спрема тоа што потекнува од неврзана земја од самоуправниот социјализам се толку долготрајни што влијаат и на пласманот на наградено дело на нашиот автор?! Да не е тоа можеби однос на големите спрема малите народи? Ваквата библиографска анализа би можела да го осветли и феноменот на самоцензурата кај Кашубите, кои го занемаруваат сопствениот јазик, традиција и култура заради потребата да се вклопат во окружувањето. Од тоа произлегува дека цензурата не е само белег на општествените мерила, туку и на природата на човекот, зашто ако народот и поединците сами не прават доволно за пласирањето на сопствената култура, тогаш самите цензори се информација за сопствената земја.

Ставот на Stephen Gottlieb дека цензурата на утрешнината ја одредува политичкиот избор на денешнината, на сите н,  наметнува одговорност, а националната библиографија ја прави можен привилегиран сведок на историјата.

Превод од српски,
Верица Петровска
НУУБ "Св. Климент Охридски", Скопје

**Summary**

UDC 351.751.5:655.41(497.11)(091)

**CENSORED BOOKS IN THE LIGHT OF LAW REGULATION AND BIBLIOGRAPHIES**

Prof. Dr. Aleksandra Vranes
University of Belgrade, Faculty of philology
Serbia and Montenegro

A review of the printed literature censure in the Serbia, from its presence up to now is made. At the same time a process of creation the legal deposit for such book production is analyzed.

**Kew words:** *Censure, Printed Literature, Serbia*

УДК OO5

# МЕНАЏМЕНТ ВО БИБЛИОТЕКА
(со посебен осврт на раководењето)

Јелена Петровска
Национална установа Универзитетска библиотека
"Св. Климент Охридски", Битола

## Поимот менаџмент

Развојот на цивилизацијата и потребата од сѐ поефективно и поефикасно доаѓање до определена цел го принудиле човекот да користи одредени знаења и вештини за да ја оствари својата замисла. Токму тоа е зародишот на менаџментот кој, низ времето, прераснал во теорија.

Постојат повеќе теоретски пристапи кон проблемот менаџирање. Еден од најпознатите автори и, едновремено, татко на "научниот менаџмент" Ферадерик Тејлор (Frederik Tejlor), ја истакнува научната димензија на менаџментот, користењето на науката и примената на научни методи во зголемувањето на продуктивноста со поголема ефикасност во производството.

Од бројните сфаќања за значењето на манеџментот, го издвјуваме она на Тодор Кралев кој смета дека менаџментот е "Комплекс на функции, кој во еден организациски систем (фирма, компанија, претпријатие, установа или друг организациски систем) е задолжен за дефинирање на целите и "водење" кон остварување на тие цели"[1] Истиот автор посочува и други дефиниции кои мошне јасно и екплицитно ни го појаснуваат поимот менаџмент:

- менаџерите ја исполнуваат својата задача со тоа што ги поттикнуваат другите да ги извршуваат своите задачи;

[1] Тодор Кралев, 1996, Основи на менаџментот, ЦИМ, Скопје, стр.5

- менаџмент значи да се поттикнуваат другите да го прават она што мислиме дека е правилно;
- да се работи нешто со рацете на другите;
- менаџерите работат со и преку луѓето;-
- менаџерите се луѓе кои донесуваат и реализираат одлуки;
- менаџментот е остварување на нешто преку луѓето. [2]

Сепак, треба да се нагласи дека кон менаџментот треба да се пријде и од аспект на специфичноста на една институција, од нејзината големина и значење. Посебно во сферта на образованието и културата, менаџментот претставува акција и промена како и заедничка цел на сите учесници, истакнувајќи го при тоа значењето на екипирањето односно менаџментот на целиот персонал, а не само на раководната структура.

Во услови на библиотечно работење, менаџментот или управувањето со библиотеката вклучува постојани промени. Стремежот кон совршенство во работењето подразбира многу и чести промени, внатрешна организациска поставеност на библиотеката, можност таа сама да одлучува како и познавање на современите менаџерски функции и принципи.

## Менаџерски функции

Сите активности и процеси што се извршуваат во доменот на менаџментот се менаџерски функции. Во литературата постојат десетици автори кои нудат поделби на менаџерските функции кои, иако терминолошки се слични, пројавуваат разлики во подредувањето на функциите по важност. Сепак, може да се идентификуваат пет основни функции:

- планирање
- организирање
- екипирање
- раководење
- контролирање

[2] Кралев, стр. 5

Планирањето е една од основните менаџерски функции т.е. основа за остварување на останатите менаџерски функции. Таа имплицира нови идеи и знаења, но и се што е врзано за работното место. Планирањето е средство за акција и начин за остварување на целта. Ако планирањето е ефикасно, може да се очекува и негова реализација.

Организирањето и екипирањето се менаџерски функции кои по својата поставеност ја дефинираат улогата на поединецот во организациската структура и одредувањето на задачите кои треба да се извршат согласно способностите и мотивираноста на луѓето. Тоа се менаџерски функции кои ги идентификуваат потребите од работна сила, профилот и квалитетот на кадарот што е на располагање.

Раководењто се рефлектира во многу области на менаџирањето и во себе вклучува повеќе активности како што се мотивирање на работниците, насочување на нивните активности, воспоставување меѓусебна комуникација, решавање на конфликтни ситуации, проценување и евалуирање како и создавање пријатна работна атмосфера.

Контролирањето се јавува како обединувачки фактор на сите менаџерски функции заради постигнатиот резултат. Имено, оваа функција создава мерки и активности кои треба да го обезбедат остварувањето на планот.

Сите овие функции, сами по себе, не би имале ефект ако не се во меѓусебна координација. Нивната добра координација овозможува успешно функционирање на задачите на организационата целина.

## РАКОВОДЕЊЕ (LEADING)

За да се разбере раководењето како основа на успешното реализирање на образовната функција на библиотеката, неодминливо е разјаснувањето на поимот раководење како тежишен белег на менаџментот.

Низа автори потврдуваат дека првиот систематски напор од страна на психолозите и другите истражувачи да го сфатат поимот раководење бил идентификација со личните карактеристики на раководителите. Резултат на таквото гледање се лаичките мислења дека раководителите се раѓаат како такви, а не се создаваат; дека се индивидуи со предиспозиции за раководење; дека се природно храбри и поагресивни од другите луѓе. Меѓутоа, и покрај бројните обиди да се расчлени што е тоа што еден раководител го има или го нема како збир лични особини, извесно е едно - раководењето (leading) е менаџерска функција која во себе вклучува мотивирање на подредените,

насочување на активностите на други, избирање на најефективен начин (канал) на комуницирање и решавање на конфликтите помеѓу раководителите и оние членови кои се влијаени од раководењето.

Овие активности ги извршуваат различни видови менаџери, па литературата идентификувала три вида менаџери:

- врвни (top level managers)
- средни (middle level managers)
- прво ниво на менаџери (first-line managers)[3]

Врвните или топ менаџерите се одговорни за организациониот систем во целина и се наоѓаат на неговиот врв. Тие утврдуваат долгорочни цели и стратегии и деловна политика во едно претпријатие (на пр.: претседател на управен одбор на библиотека, директор).

Средните менаџери ги остваруваат среднорочните цели со помош на работниците. Кај нив е најизразена менаџерска функција на организирањето и контролата (на пр.: раководители на библиотечни оддели).

Првото ниво на менаџери се тие што се наоѓаат на најниското скалило, а се одговорни за извршување на краткорочни или секојдневни работни цели. Кај нив е изразена менаџерската функција извршување (на пр.: извршители).

Битно за успешноста на еден менаџер се и стиловите на раководењето. Теоријата познава неколку поделби на раководители по стиловите. Според Левин, по овој критериум, се издвојуваат три типа на раководители:

- автократски,
- демократски и
- либерални.

Автократските раководители се поставуваат во улога на командант и очекуваат послушност, менаџерите со демократски стил се конслутираат со подредените за одлуките и акциите кои ги преземаат, а либералните - сосема малку ја употребуваат власта и им дозволуваат завидна слобода на подредените.

[3] Кралев, стр.1О

Blake и Mouton идентификувале пет стила на раководење:

1. Авократски раководител - главно, насочен кон производството, покажува минимално внимание кон луѓето. Тој е "тврд администратор" кој ги занемарува односите со соработниците. Тие, пак, не соработуваат со него, чести се боледувањата и бегањето од преземање одговорност. Тоа се лоши раководители.
2. "Кантри клуб" - раководител - на прво место ги става меѓучовечките односи, а продуктивноста на второ. Лесно ги продолжува паузите, се распрашува за домашни проблеми, па, општо земено, нема работна атмосфера. Без стимулирање, соработниците стануваат неинвентивни ја губат смислата за креативност. И овој тип, се лоши раководители.
3. Раководители на "половина пат" - просечни, се застапуваат за златната средина и имаат просечни резултати. Секогаш се за компромиси. И тоа е тип на лош раководител .
4. Сиромашни раководители - не се стремат ни кон резултати во работењето ни кон воспоставување хумани услови. Нив не ги интересира ништо и работат точно толку за да не ја изгубат позицијата. Тие се раководители од типот "нишај врата, примај плата". Pa, се поставува прашањето дали такви раководители воопшто треба да бидат раководители? Тие се, исто така, лоши раководители.
5. Тимски менаџер - покажува максимални резултати и внимава на своите подредени. Тој е добар организатор и целите ги одредува заедно со соработниците. Секогаш учи односно се надградува, а знаењето успешно го применува во своето работење. Иако идеален за менаџер (раководител), тоа е тип на раководител кон кој треба да се тежнее.

За да може што подобро да се разработи корелацијата помеѓу успешен раководител од една, и остварувањето на образовните и други цели на библотечното работење, од друга страна, мошне важен е аналитичкиот пристап кон сите аспекти на раководењето.

За да биде успешен, раководителот мора да игра и одредени менаџерски улоги. Авторот Henri Mintzberg ги издвојува следните:

- интерперсонални,
- информативни и
- улоги на донесувачи на одлуки.

Интерперсоналните улоги укажуваат на главата на фирмата. Имено, менаџерот се наоѓа во улога на извршител на протоколарни задолженија. Тој ги мотивира, обучува и охрабрува вработените И, едновремено, е врска меѓу вработените во организацијата и другите менаџерски нивоа.

Преку информативните улоги, менаџерите набљудуваат, се отвораат за примање информаци и за нивно ширење меѓу персоналот. Менаџерот треба да е успешен потпарол и да умее да се обраќа на вработените, да им појаснува одредени прашања и се што е од интерес за фирмата.

Улогите на донесувње на одлуки во себе содржат четири подвида улоги и тоа:

- претприемач,
- раководител при нарушувања,
- алокатор на ресурси и
- преговарач.

Во улога на претприемач, менаџерот треба да нуди идеи и презема активности за нивна реализација. Во улогата на раководител при нарушувања, тој треба да се истакне со донесување одлуки во невообичаени состојби (штрајк, прекинување на извршување на договорена работа и сл.). Кога е во улога на алокатор на ресурси, менаџерот треба да донесува одлуки кои ресурси, кога и како ќе бидат распоредени. И најпосле, раководителот треба, мошне успешно, да игра и улога на преговарач, посебно во проблем ситуации.

Во заклучок, би можело да се рече дека за успешен раководител (водач, менаџер) се чини, неминовно, познавањето на сите овие принципи без разлика дали станува збор за водство како посебен пристап во менаџментот или за чисто менаџирање.

УДК О25.5

# УЛОГАТА НА ИНФОРМАЦИСКАТА СЛУЖБА ВО СОВРЕМЕНА БИБЛИОТЕКА

М-р Нада Карaџоска
Градска библиотека "Борка Талески" - Прилеп

Во услови на современо библиотечно работење, улогата на информациската служба станува се понагласена. Информираноста стана нужна претпоставка за секоја успешна институција, а прибирањето, обработката и преносот на "свежи" и точни информации - еден од основните предуслови за функционирање на современата библиотека.

Дефиницијата за информациската служба во една библиотека што ја понуди Американското библиотекарско друштво во 199О год., потполно одговара на нејзината функција. Во неа се истакнува: "Целта и крајниот "производ" што се очекува од една информациска служба во една современа библиотека е таа да ја обезбеди информацијата што ја бара корисникот."[1]

Во контекст на оваа дефиниција слични се и ставовите на многу европски автори. Такво е мислењето (девизата) за информациската служба или "community service" во Бирминген - Англија, кое гласи: "If we dont have the information, we know someone who has". Tokmu vo ovaa re~enica, францускиот автор Jean-Philippe Lamy ја препознава улогата на информациската служба која треба да ја обезбеди информацијата што ја бара корисникот.[2]

Основната задача на библиотеката, па и на информациската служба, е да обезбеди достап до документи и информации односно на корисниците да им понуди документи т.е. публикации и информации на сите медиуми. При-

[1] Information services for information Consumers: Guidelines for providers // RQ 30 (1990) 2. Winters, стр. 262

[2] Jean Philip Lamy, "Vers de nouveau services dans les bibliothèques publiques", Bulletin des bibliothèques de France, N° 6, 1992, стр. 54

тоа, библиотекарите треба да ги стават на располагање на корисниците, првенствено сопствените фондови, но истовремено да упатат и овозможат достап до документи и од други библиотеки.

Како пример по ова прашање можат да послужат многу библиотеки во Република Франција каде што информациската служба има повеќе нивоа, односно сектори (оддели) во зависност од карактерот, видот и времетраењето на услугите:

- Служба за информирање - дава брзи и прецизни информации, а времетраењето на давање на тие информации не треба да биде поголемо од 1О минути
- Документарна служба - насочена кон задоволување на барања на корисници кои се малку продлабочени, а давањето на информациите трае и подолго од 15 минути
- Реферална служба - која ги упатува корисниците на информации во некоја друга библиотека или друг извор, каде ќе се одговори на неговото барање.[3]

Во врска со времетраењето на услугата, француските автори сметаат дека на секое барање од корисникот треба да се одговори со голема ефикасност, поврзувајќи ги трите елементи кои ја сочинуваат или условуваат брзата услуга: брзина, умешност и квалитет. Неуспехот на еден од овие елементи повлекува неуспех на целата услуга.

Ова шематски, според Бертран, би изгледало вака:




[3] Martine Poulain, "Les Bibliothèques publiques en Europe", Edition du cercle de la Librarie, 1992, стр. 1О4

Истиот автор во врска со пренесувањето на информации и врската меѓу давателот на услугата (библиотекарот) и примателот (корисникот), ја презентира преку следнава шема:




Според оваа шема библиотеката ја напушта стриктната улога на носител или давател на услуги, односно таа влегува во една различна комуникациска врска со корисникот, по една хиерархиска поставеност на сите процеси и активности во еден заеднички систем на една глобална информативна машинерија.

Корисницииіе иомеіу иоііребиііе, услуіиііе и однесувањеііо во библиоііекаііа (релација: библиоііекар - корисник)

Во настојувањето информацијата да биде што подостапна до корисникот, значајна улога има однесувањето на библиотекарот во информациската служба со корисникот, односно релацијата библиотекар - корисник.

Директното комуницирање на библиотекарот-информатор со корисникот, во некои ситуации има многу специфики по однос на снаодливоста и умешноста на библиотекарот. Тоа всушност значи, дека со корисниците треба да работат образовани, интелигентни и комуникативни лица. Има случаи и кога самите корисници не можат да бидат прецизни во своите барања, но тој проблем има пошироко значење и произлегува од несоодветната културна, образовна и информациска политика во една земја.

Што се однесува до библиотекарите-информатори во библиотеките, според мислењето на американецот William Katz, библиотекарите-информатори треба да се потрудат да ги усовршат досегашните и да усвојат нови вештини. Секој библиотекар, денес, би требало да биде оспособен за:

- прибирање сознанија за сите достапни информациски извори и за проценка на веројатноста на успехот на одредена стратегија за пребарување во дадена ситуација;
- ефикасно организирање на податоците и на информациите за нивно што поуспешно користење;
- користење на повеќе информациски технологии, од печатот преку аудио-визуелни медиуми до компјутерите;
- разбирање на корисниците и целосно задоволување на нивните информациски потреби.[4]

Од ова произлегува дека библиотекарот-информатор ја има улогата на посредник меѓу "големите количини" информации и корисникот, односно тој ја има улогата на активен информациски водич.

Работата на библиотекарот-информатор во една голема библиотека во службата за информации битно се разликува од работата на библиотекарот во помалите библиотеки, каде што и посебно не функционира оваа служба. Така на пример, во малите библиотеки информациските услуги се даваат на исто место каде што се врши и позајмувањето, па токму од оваа причина библиотекарот треба да биде добро образован, подвижен, снаодлив

[4] Дора Сечиќ, 1998. Информациски услуги во библиотеката, НУБ "Св. Климент Охридски", Скопје, стр. 27

и самостоен во извршувањето на работните задачи, т.е. нудењето услуга на корисникот.

## Уиравување со квалиiiieiii во информацискаiiiа служба

Организацијата на сите активности во библиотеката, а посебно во информациската служба се движат во насока на задоволување на корисниците. Таквите активности се анализираат според релевантните критериуми во процесот на давање услуга. Ефикасноста на таа услуга се потпира врз исполнувањето и почитувањето на четирите критериуми:

- резултат (од умешноста при давање услуга),
- пристапност (полесен пристап до фондот),
- рокови (времетраење на снабдување, или давање помош) и
- врската (меѓу библиотекарот и корисникот, взаемната љубезност и амбиентот).[5]

Од ова произлегува дека квалитетот на услугата во библиотеката не се состои од усовршената формалност при контактот со корисникот, туку од реализацијата и достигнувањето на целта - задоволување на неговите потреби.

Видот, содржината и редоследот на активностите во информациската служба со примената на TQM (Total Quality Management) со планирано и организирано дејствување, шематски би изгледало вака:[6]




Од ова може да се констатира дека тоталната контрола на квалитетот во целост треба да биде свртена кон корисникот и секоја акција што се

[5] Eric Sutter, 1992, Services L'information et qualité, ADBS editions, str. 43.

[6] Н. Караџоска: Управувањето со квалитет како основна претпоставка за успешно работење на библиотеките. Зборник на трудови - ДНУ, Прилеп, 17, 2OO1, стр. 113

презема во библиотеката треба да тргнува од барањето и потребата на корисникот. Библиотекарите, посебно библиотекарите-информатори, треба да имаат предвид дека квалитетот во процесот на нивната работа е вечно отворен проект и нивото на квалитет на услуга мора постоЈано да се унапредува, а тоа се остварува со планирано и организирано дејствување на патот до TQM (Total Quality Management).

Користена литература

1. Дора Сечиќ, 1998. Информациски услуги во библиотеката, НУБ Св. Климент Охридски, Скопје, стр. 27
2. Eric Sutter, 1992, Services L'information et qualité, ADBS editions, str. 43.
3. Information services for information Consumers: Guidelines for providers // RQ 30 (1990) 2. Winters, стр. 262
4. Jean Philip Lamy, "Vers de nouveau services dans les bibliothèques publiques", Bulletin des bibliothèques de France, N° 6, 1992, стр. 54
5. Martine Poulain, "Les Bibliothèques publiques en Europe", Edition du cercle de la Librarie, стр. 1O4
6. Н. Караџоска: Управувањето со квалитет како основна претпоставка за успешно работење на библиотеките. Зборник на трудови - ДНУ, Прилеп, 17, 2OO1, стр. 113

**Résumé**

UDC O25.5

**LA RÔLE DE SERVICE D'INFORMATION DANS LA BIBLIOTHEQUE CONTEMPORAINE**

M-r Nada Karadzoska
La bibliothèque de la ville Prilep "Borka Taleski"

Le service d'information dans une bibliothèque a une grande et inestimable signification. Dans les conditions contemporaines, c'est une priorité de chaque bibliothèque et, à travers de ce service, se reconnaître tout entièr travail des bibliothèques.

УДК О2(489)

# РАЗВОЈ НА БИБЛИОТЕКАРСТВОТО И ИНФОРМАЦИСКИТЕ НАУКИ[1] ИСКУСТВОТО НА ДАНСКА (со посебен акцент на Библиографскиот центар)

Софче Марковиќ
Национална установа Универзитетска библиотека
"Св. Климент Охридски" - Скопје

Статијата го проследува развојот на библиотекарството во Данска преку постигнувањата на данските библиотечни институции.
Такви се: Кралското училиште за библиотекарство и информациски науки, Националната Кралска библиотека која функционира како национална библиотека, Универзитетската библиотека, Книжевниот музеј и Фото музејот, Данскиот библиографски центар како носител на данската библиографска дејност со сета информациска технологија и инфраструктура на данскиот библиотечен систем како и Данската национална библиотека за наука и медицина, специјализирана библиотека за природни науки.

Клучни зборови: Библиошекарсшво, Данска

Најголема заслуга за развојот на библиотекарството во Данска има Кралското училиште за библиотекарство и информациски науки (Royal School of Library and Information Science) како врвна институција во сферата на библиотекарството. Оваа високообразовна институција за библиотекарство врши едукација на студенти во редовна настава што се дополнува во координација со Универзитетот во Оденсе, а преку вонредни и повремени курсеви и семинари. Годишно се организираат 15-2О курсеви вклучувајќи ги посебните за дата-бази, ЦД-ромови, интернет, референци итн. До 1995 год. студирањето траело 4 години теоретски дел и 6 месеци практичен дел. Од 1997 г. ова училиште добива универзитетски статус, а од пред две години се

[1] Овој проект е реализиран во рамките на **FARE/TEMPUS** Програмата. Престојот во Данска е дел од проектот.

применува американски и англо-саксонски начин на работење. Студирањето трае три години по што се добива диплома за завршен библитоекар, и една година последипломски студии што обезбедува диплома за раководител на библитечно-информациски студии и библиотекар-истражувач. Дипломираните студенти на овој факултет се високо вреднувани во сите сфери на данското општество и на лесен начин можат да дојдат до вработување.

Во рамките на Училиштето се наоѓа и библиотека за литература и библиотекарство, документациски и информациски науки наменета на научните работници и студентите на тоа Училиште, но, и на целата данска популација.

Книжниот фонд на библиотеката вклучува:

- Збирки на народнише библиошеки и информациско-научни збирки,
- Збирки на книги и iiериодика од хуманишарнише, социолошкише и шехнолошкише науки како и од обласшише наука,
- Збирка на уiiашни машеријали и библиографска граiа.

Книгите и периодиката се издаваат само на студенти од ова училиште.. Библиографиите на апстракти од библитечни и информациски науки, библиотечната литература и печатените книги секогаш се на слободен достап. За последните 2О години се опфатени околу 3О.ООО теми од Скандинавските земји кои вклучуваат литература (книги, извештаи и статии) од Данска, Шведска и Норвешка.

ЦД-ромовите се користат само ако се за учење, по пат на договор со Училиштето.

Книжниот фонд опфаќа околу 185.ООО единици библиотечен материјал распоредени на 4.ООО метри полици. Повеќе од 3.5ОО наслови се сериски публикации од кои 1.ООО наслови се научно-стручни списанија, а околу 1.7ОО наслови се обработуваат тековно. Содржинската информација за монографските публикации и брошурите се подготвува со термини од тезауруси, а сериските публикации се азбучно средени по години, броеви и страници.

Библиографската збирка е подредена по системот УДК, а другите збирки по Данскиот децимален класификационен систем (адаптација на DEWEY-евиот)[2] кој се наоѓа на Home page на Библиотеката.

[2] Оваа адаптација на DEWEY системот на класирање е воведена во 1956 година како

Од 1992 година записите се внесуваат во електронската база (досега се внесени 6О.ООО записи). Од областа на библиотекарството електронски се обработени повеќе од 2ОО наслови. Кај периодиката, 65% од насловите се од референтната и научната збирка. Најмногу се внесуваат записи од областа на информатиката, технологијата, социологијата, менаџментот и правото.

Најголема библиотека во Данска е Националната Кралска библиотека (Royal Library). Таа е спој на старата Кралска библиотека и новата градба на Black Diamond (Црн дијамант) како ново архитектонско решение. Кралската библиотека е отворена за јавноста од 1973 год., а дотогаш била лична библиотека на кралот Фредерик III.

Во Библиотеката постои травелатор (лента за движење) преку кој се доаѓа до мост-конструкцијата, која ги дели Одделот за позајмување од Одделот за информации (читалните). Старата читална на Библиотеката има изглед на катедрала и е Центар за Меѓународни студии во кој се сместени публикации на НАТО, КОЕН и др. Тука се наоѓаат и каталози на стари дански и странски ракописи од 192О до 193О година.

Од читалните се издвојуваат истражувачката читална и посебните читални за доверливи документи, опремени со безбедносни камери. Секоја читална има по 16О места. Посебно се издвоени Центарот за мапи, карти и слики; Центарот за музика, театар и ориенталистика и Центарот за книжна историја и ракописи.

Оваа библиотека ги врши функциите на:

- Национална библиошека
- Универзишешска библиошека
- Книжевен музеј и
- Фошо музеј

---

скратена УДК. Базира на 3 поделби и тоа: прва (главна) која ги содржи 1О-те главни групи (постои и групата 4 за јазиците); втората која содржи 1ОО поделби и третата со 1.ООО подподелби за сите групи заедно.

Поради големината, библиотечниот фонд се наоѓа на 3 локации:

- Амагер (лишерашура од хуманишарни науки)
- Фиолсшрад (лишерашура и iiомошни машеријали од оiiшшесшвени науки и iiраво)
- *Slotsholme*н (научен дел од библишекарсшвошо)

Националната библиотека овозможува слободен достап до информации преку мрежата интернет за што има 6O компјутери (услугата чини O,5O круни за 1 час). До 196O г., каталогизирањето се вршело рачно, а потоа преку електронскиот систем REX.

Во оваа библиотека се обработува библиотечна граѓа од групите:

- шеологија
- филозофија
- хуманишарни науки
- оiiшшесшвени науки

Литературата од природните науки се обработува само ако е депозит на Данска. Согласно Законот за задолжителен примерок, Националната Библиотека добива се што се издава на територијата на Данска; купува книги што се издаваат во други земји, а се однесувааат на Данска; или авторот/преведувачот е од данско потекло. Така комплетираниот материјал е содржан во библиографијата ДАНИКА. Националната библиотека е задолжена за селекција на списанијата кои се вклучуваат во Националната библиографија. Во доменот на библиотечната обработка, таа е поврзана во електронскиот Dan Bib систем кој се наоѓа во Данскиот библиографски центар.

ДБЦ (Данскиот библиографски центар) има цел да ги презема библиографските записите за книги подготвени од издавачките куќи, да ги редактира и вклучува во Националната библиграфија. Тоа е приватна институција со ограничена одоворност и четири главни акционери:

- Националнаша асоцијација на локалнаша власш (iiрофишна организација на сише локални власши освен Коiiенхаген која iiоседува 46% од вредносша на акциише),
- Градош Коiiенхаген ( 1% од вредносша на акциише),

- Владаша на Данска, iiрешсшавена iiреку Минисшерсшвошо за кулшура (29% од вредносша на акциише),
- "*Guldendal*", iiривашна издавачка куќа (14% од вредносша на акциише).

Данскиот библиотечен центар, сегашниот Дански библиографски центар е основан во 1991 год. Тоа е институција на данската библиографската дејност, но и имател на информациската инфраструктура на данскиот библиотечен систем кој го чинат сите библиотеки во Данска.

Данскиот библиографски центар се грижи за:

- библиографскше бази на iiодашоци досшаiiни на јавносша,
- јавнша мрежа за iiренос на библиографски и други информации,
- делумнаша взаемна кашалогизација и меiубиблиошечношо iiозајмување.

Според договорот меѓу Министерството за култура на Данска и Данскиот библиографски центар, Центарот води грижа за поголемиот дел регистрирани документи во Данската национална библиографија и е одговорен за библиографската продукција, поделена на следниот начин:

- Данска национална библиографија - ревии,
- Данска национална библиографија - сшашии,
- Данска национална библиографија - визуелна граiа,
- Данска национална библиографија - книги,
- Данска национална библиографија - аудио граiа,
- Данска национална библиографија - музички машеријали,
- Грендланска библиграфија - книги.

Евидентно од наведеното, монографските публикации се обработуваат во издавачките куќи, а Данскиот библиографски центар ги презема и редактира веќе постоечките библиографски записи. Така преземените записи претходно се селектираат од стручен тим на библиотекари од Националната библиотека.

Во електронската база на податоци вклучена е само данската периодика, а научните и стручни списанија се обработуваат без селекција.

Обработката на статии од списанија и весници и друг некнижен библиотечен материјал се врши автоматизирано во електронскиот систем Дан Биб од 1997 год. според европски и меѓународни стандарди. Принципот на селекција на статии од другите видови списанија е квантитет, а не на квалитет. Статиите кои се вклучуваат по содржина треба да имаат најмалку 15О зборови. Инаку, Данската национална библиографија вклучува 75О наслови списанија и 8 наслови најпознати дански весници.

Поради огромната издавачка продукција, во Данска постојат повеќе специјализирани библиотеки. Една е Данската национална библитека за наука и медицина (Danish National Library of Science and Medicine), основана во 1482 год. Таа е најстара универзитетска библиотека во Скандинавија. Целосно е уништена со катастрофалниот пожар кој го зафатил Копенхаген во 1728 год., а обновена во 1861 год. Во 1989 год., Универзитетската библиотека го менува името во Данска национална библиотека за наука и медицина и функционира како дел на Националната библиотека. Поради профилираноста на фондот, таа е лоцирана во близина на Универзитетот, Клиниката и Медицинскиот факултет. Данската Национална библиотека за наука и медицина поседува литература од 1497 год. до денес. На горниот кат се сместени читалните збогатени со слики на најпознатите научници од природните науки. Тематски, фондот на Библиотеката се состои од: анатомија, антропологија (физичка), астрономија, биохемија, биологија, хемија, компјутерки науки, екологија, генетика, географија (физичка), геологија, геофизика, математика, медицина, минералогија, физика, физиологија, психологија (клиничка) и зоологија. Книгите и списанијата од последните 1О години се на слободен достап, а постарите се сместени во магацин.

До 1979 год. се водени каталози во картончиња, а потоа записите се внесуваат во електронскиот каталог COSMOS (Copenhagen Scientific and Medical Online System).

## Summary

UDC 02(489)

### DEVELOPMENT OF LIBRARIANSHIP AND INFORMATION (EXPERIENCES FROM DENMARK)

Sofche Markovik
National Institution University Library "St. Kliment Ohridski" - Skopje

This article is made as review about development of librarianship in Denmark followed with the visit of the Danish libraries specially Bibliographic Centre.

**Keywords:** *Librarianship, Denmark*

УДК 027.54(497.2)

# НАЦИОНАЛНАТА БИБЛИОТЕКА "Св.Св. КИРИЛ И МЕТОДИЈ", СОФИЈА

## видена низ реализацијата на Проектот за истражување на нејзиниот книжен фонд за потребите на Македоника (27.10. - 21.11.2003)

М-р Емилија Мајсторова-Стојановска
Соња Стрезоска-Велјановска

Национална установа Универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски" - Скопје

Одделот Македоника, како дел од Библиографскиот центар на Националната установа Универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје, за своја примарна дејност го има истражувањето библиотечен материјал и информации во врска со Македонија во странски електронски бази. Од моментот кога овој Оддел започна со вакво пребарување, остана проблемот со недостаток на електронски бази за книжните фондови на националните библиотеки на соседните балкански земји. Тоа беше причина да се отпочне со етапниот проект за проучување на овие фондови de visu.

Во таа смисла беше реализиран и подпроектот: Истражување на книжниот фонд на Националната библиотека „Св.Св. Кирил и Методиј“ во Софија, Република Бугарија.

Посетата на оваа институција беше можност да се направат и соодветни паралели на стручните процеси, можности, достигнувања, но и проблеми со таквите во функционирањето на НУУБ „Св. Климент Охридски“ - Скопје.

Центарот за национална библиографија ги опфаќа Тековната и Ретроспективната библиографија, како и подготовката на *authority file*. За разлика од кај нас, таму е вклучена и Националната агенција за ISBN и ISSN центарот. Специјалните (вклучително и персоналните) библиографии се израбо-

туваат во Одделот за ретроспективна библиографија. Од друга страна, нашите сознанија говорат дека нивниот оперативен систем CDS/ISIS-dos ISO 2709, во споредба со COBISS-от што се користи кај нас, во многу заостанува по својата функционалност и опциите потребни за задоволување на меѓународните библиографски стандарди предвидени во UNIMARC-от.

Бугарската Национална библиотека интензивно работи на подготовка на Контролиран рубрикатор - унифициран регистар на предметни определници и подопределници, т.е. на стандардизација на предметните рубрики за употреба, со консултации на искуствата па Вашингтонската Конгресна библиотека, Националната библиотека на Франција итн.

Во однос на формалната обработка, за реализација на конверзијата на каталогот на книжниот фонд од 1878 до 1969 год., т.е. за рекаталогизација или срамнување на податоците од електронската база со службениот каталог, без класирање и предметизирање туку само со сигнирање, Библиотеката има добиено средства од фондацијата Отворено општество.

Центарот за национална библиографија подготвува 8 (осум) серии: Серија 1. Болгарски книгопис - месечен билтен (1897- ): книги, официјални, нотни, графички и картографски изданија; Серија 1. Болгарски книгопис - годишен регистар (1967- ): книги, официјални, нотни, графички и картографски изданија; Серија 2. Болгарски дисертации - годишен регистар (1973- ); Серија 3. Дискографија - годишен регистар (1972- ): грамофонски плочи, касети, компактдискови; Серија 4. Болгарски периодичен печат - годишен регистар (1965- ): весници, списанија, билтени и периодични зборници; Серија 5. Летопис на статиите от болгарските списанија и сборници - месечен билтен (1952- ); Годишни регистри (1966- ); Серија 6. Летопис на статиите от болгарските вестници - месечен билтен (1952- ); Годишни регистри (1966- ); Серија 7. Болгарија в чуждата литература (Булгарика) - годишен регистар (1964- ) и Серија.

За жал, поради долгогодишната ситуација во АОП центарот на Библиотеката, макотрпната работа на бугарските колеги од 1992 година до денес, постои само во електронската база на податоци на Библиотеката, но не и во печатена форма, што е уште една отежнувачка околност во меѓубиблиотечната соработка и размена и, воедно, голем хендикеп во ажурноста на добивањето податоци за нашиот оддел Македоника.

Според евиденцијата на Националната библиотека во Софија, годишно се обработуваат околу 5.700 бугарски монографски публикации и околу 26.000 статии. Од 2000 год., со донесувањето на новиот Закон за задолжителен примерок, престаната е можноста од контрола на издавачите, освен доколку тие не се регистрирани во ISIS системот на Библиотеката.

Центарот за библиографски информации од објективни причини (немање доволно материјални средства), не врши *de visu* обработка на материјалот и е издвоен од Центарот за национална библиографија.

Тој оддел, всушност, е еквивалент на работните задачи на нашите оддели Македоника и Реферален центар, како: давање и упатување на читателите на информации како и подготвување на Булгарика (едновремено и информативен билтен и библиографија), но и пребарување на странски електронски бази по барање на корисниците. Основните разлики на Центарот за национална библиографија и Центарот за библиографски информации се во тоа што првиот ги подготвува, а вториот ги користи нформациите.

Од финансиски потешкотии, Одделот за набавка и комплетирање на депозит, во најголем дел, ги комплетира странските изданија со размена, а не со купување. (Размена се врши со 850 странски библиотеки, а се купуваат околу 800 наслови годишно.) Овде од голема полза е активноста на бугарската дијаспора која ажурно се труди ваквите изданија да ги доставува или подарува, со ретки исклучоци кога некој за тоа бара материјален надоместок. Во овој оддел, годишно се комплетираат околу 2.500 монографски и 1.200 периодични странски наслови, и тоа само во оригинал, а не преводи. Најголенм дел од нив се од областа на хуманитарните и природо-математичките науки kako и од уметностите.

Ракописно-документарниот центар опфаќа: а*)* материјали од *X-XIX*-ти век, поделени во три збирки: Збирка на старословенски ракописи (1.500 ракописи, од кои 1.352 старословенски); Збирка на стари и ретки книги, и ретка периодика, до 1878 год.; Збирка на странски ретки книги (XV-XVII век); б*)* ориентален дел (околу 700.000 архивски единици, од кои 5.000 арапски ракописи, многу турски старопечатени книги, дефтери и сл.); в*)* Бугарски историски архив (особено голем број лични архиви на истакнати дејци од периодот на преродбата - 1878/1912; 80.1 портрети и фотографии, и сл.). Инаку, најстарата печатена книга од овој оддел датира од 1506 год.

Центарот за автоматска обработка на податоци од поодамна има недостаток од постојано вработен стручен кадар поради сличните состојби и проблеми со кои што се судираме и ние, а кои сериозно влијаат врз носечките библиотечни дејности, иако треба да се нагласи дека во поглед на компјутерската опременост Националната библиотека во Софија прилично заостанува зад НУУБ „Св.Климент Охридски“ - Скопје.

Одделот Опслужување опфаќа: меѓубиблиотечно позајмување - дејност поделена на два дела: позајмување на библиотечен материјал за бугарски

корисници (2.200 годишно) и позајмување на библиотечен материјал за странски корисници во Европа (околу 800 на годишно ниво); читални (вкупно 10 од кои 5 се специјализирани, а останатите се користат за општествени науки, медицина, електро-техника и стари весници, со вкупно 400 места и годишно членство од 23.000-25.000, од кои 70% се магистри и специјализанти, 24% студенти, 6% други); магацини (сместени на сите осум kата на доградениот дел од Библиотеката, но, сепак, со недоволен простор за соодветно сместување на вкупниот фонд).

Одделот Официјални изданија всушност претставува депозитна библиотека создадена 1970 год. чија збирка содржи странски (меѓународни организации, публикации на министерствата, брошури и соопштенија, нормативни документи, наредби, правилници и сл. кои груповно се обработуваат). (По 1990 год., периодика, официјални изданија на одделни држави во форма на книги, официјални статистички податоци, законодавни документи, оперативни и актуелни прирачници и сл. добива и Универзитетската библиотека). Ваквите материјали се обработуваат на лице место: потпечатување, сигнирање, каталогизација, содржинска обработка. Фондот на оваа Збирка изнесува околу 90.000 странски (од кои, околу 80% изданија од САД) и 400.000 бугарски единици.

Проектот за формирање национална компјутерска мрежа за поврзување со европските документациски центри е дотиран од Програмата за развој на ООН. Освен тоа, читателите можат бесплатно да вршат on line пребарувања во европските документациски бази и преку Информацискиот центар на Делегацијата на европската комисија на ЕУ, каде се депонираат материјалите и документите од процесот за присоединување на Бугарија кон Европската унија.

Во одделот Конзервација и реставрација се работи според стандардизираните процеси кои што не се разликуваат од начинот на заштитување во истоимениот оддел во НУУБ „Св.Климент Охридски“ - Скопје. Така, за секоја реставрација или конзервација се изработува протокол (опис на затекнатата состојба и состојбата после). Се користи PH 7 киселост на хартијата, нишесте лепак, а заштитените фотографии се чуваат во фолија. Интересно искуство за нас беше можноста да ги видиме папките што самите ги изработуваат од специјален картон од странство (примероци се донесени во нашата Библиотека).

Би сакале посебно да го нагласиме постоењето на Научната секција во која дејствува високостручниот кадар на Библиотеката со задача да ги следи новините во библиотекарството, да подготвува или преведува прирачници, стандарди и сл. (Во времеto кога престојувавме во Библиотеката, беше организирана Научна конференција на тема „Книгата*:* идно време во минатото*?*“, поделена во две секции: „Од Интернет кон Гутенберг“ и „Библиотеки, библио-

графија, читање" и две сесии „Глобализација и национална идентичност" и „Кирилица или латиница во виртуелното и реалното пространство" од која беше планирано објавување зборник на трудовите.)

Студискиот престој беше можност и за посета на Колеџот по информациски науки и информациски технологии во Софија, чиј Декан покажа голем интерес за воспоставување стручна соработка. (На овој колеџ има и студенти од Република Македонија кои следат настава на смеровите Библиографии и Информации и информациски науки.)

За потребите на НУУБ „Св.Климент Охридски" односно фондот Македоника беа прибавени CD-ROMови (електронски библиографски записи 2001, 2002 и 2003 год.), *de visu* беа истражени голем број монографски и сериски публикации како и повеќе годишта од библиографии што недостасуваат во нашиот книжен фонд. Беа донесени и изданија на специјални библиографии и други стручни публикации со цел за истражувања или користење како компаративен извор при разрешување одредени стручни прашања од функцио-нирањето на нашата Библиотека.

# ДА СЕ ЖИВЕЕ СО **LINUX**

Брајан Огер

Брајан Огер објаснува зошто Библиотеката на округот Хауард (Howard County Library) се префрлила на Linux клиент околина.

Во 1998 год., Библиотеката од округот Хауард ги надгради своите терминалски базирани јавни работни станици со персонални компјутери кои работеа на Windows 95 и PAC for Windows, продуктот на Dynix. Слично како и вработените од областа на ИТ (информатичката технологија) во другите библиотеки, презедовме бројни мерки за да ја обезбедиме сигурноста на опремата и мрежите, потпирајќи се на CMOS лозинки, скрипти за пријавување и разновидни верзии на услужен софтвер и софтвер за заштита конфигуриран да ги спречи штетите предизвикани од корисниците - намерни или не.

Додека овие мерки функционираа, поставувањата побаруваа чести модификации, како што се доградуваа различните компоненти. Проблемите уште повеќе се зголемија кога започнавме со мигрирање на Windows NT во 1999 год., како што тогаш ни беше препорачано од Dynix, нашиот набавувач на библиотечниот систем. Многуте варијанти на управувачи за видео и мрежни картички доведоа одржувањето и надградувањето на мрежата да се претвори во метеж. Беше потребно премногу време за да се активира и подигне опремата - само за да им се обезбеди на корисниците Интернет прелистувач.

За време на демонстрацијата во 1999 год. на, тогаш најавуваниот систем Dynix Horizon, бевме погодени од тврдењето дека со Horizon, работната станица за корисникот, ќе побарува само Интернет прелистувач за да овозможи целосен пристап до каталогот и алатките за управување со сметките (accounts). Ако е тоа точно, ќе бидеме во можност да ги елиминираме сите проблеми кои произлегуваат од одржување на различни Windows оперативни системи (ОС) - закрпи, драјвери и поправки - со едноставно мигрирање на Linux клиентска околина.

Непобитниот аргумент дојде кога требаше да инсталираме сè повеќе заштитни поправки за многуте наши работни станици кои работеа на Windows NT. Можевме да направиме надградба со наредната верзија на Windows, која автоматски ќе ги инсталираше новитетите и поправките. Но тоа ќе побаруваше одлив

на средства за надградба и дополнителна меморија. И сеуште ќе имавме оперативен систем кој ќе содржеше многу повеќе работи отколку што ни беше потребно.
Безбедност во самиот дизајн

Линуксот изгледаше како перфектен ОС затоа што е стабилен и, како повеќекориснички ОС, од почетокот е граден земајќи ја предвид безбедноста. Прва работа беше да се најде корисничка околина која изгледа и работи што е можно послично на познатата Windows околина. Најдовме дека Gnome, корисничка и развојна околина за UNIX и Linux ќе ни овозможи пријателска и интуитивна корисничка околина. Бевме сигурни дека нашите корисници со Gnome ќе се чувствуваат како дома, но вистинскиот предизвик лежеше во создавањето на сопствено искуство за корисниците кое ќе заштити од штети, безбедносни грешки и конфигурациски промени.

Клучот за да се излезе во пресрет на овој предизвик беше нашиот креативен и упорен тим и адаптибилноста на Linux кернелот - најосновниот дел на еден ОС. За различните Linux дистрибуции (Red Hat, SuSe или Mandrake) можете да размислувате како за генерички оперативни системи, слично како за Microsoft Windows XP. Секоја Linux дистрибуција е изградена врз истиот Linux кернел. Она што го разликува Linux од Windows е флексибилноста која Linux му ја нуди на искусниот корисник во приспособувањето на многу специфични барања. Нашите две учени глави, Михаел Риксекер (специјалист за мрежи) и Луис Салазар (инженер за мрежи), создадоа кернел од што произлезе корисничка околина која верно ги имитира не само изгледот и чувството на Windows околината и на прелистувачот, туку ги нема и непотребните ѕвончиња и свирчиња кои доаѓаат со стандардната инсталација на Windows.

## Изградете ја вашата куќа од соништата

Размислувајте за оперативниот систем како за куќа од предградието. Со Windows добивате многу убава куќа во која се вклучени сите карактеристики и особини што можете да ги замислите. Многу од тие карактеристики и особини никогаш нема да ги користите, ниту пак да имате потреба од нив и, освен ако не сте неверојатно богати, не би сакале да ви се зголеми вашиот износ за плаќање на хипотеката.

Со Linux може да направите произволен број на модификации во куќата - додавање, отстранување, и/или комбинирање на особини за да добиете токму онаква куќа каква што сте посакувале. Проширувајќи ја аналогијата малку повеќе - ние сме во можност да направиме сопствена куќа - од почеток сосема безбедна , супер-сигурна, со заковани прозорци и затворени врати и со дополнителни внимателни стражи.

„Windows“ куќата работи најдобро најмалку на Pentium III. Наспроти тоа, нашата „Linux“ куќа работи перфектно добро и на обичен Pentium II. Уште повеќе,

имаме можност да ги испуштиме особините за кои не сакаме да имаме поддршка. Ова ја намалува „хипотеката“ уште повеќе.

Нашата миграција создаде една суштинска придобивка: може да продолжиме да ја користиме постарата опрема која инаку не е погодна за поновите верзии на Windows и да ги инвестираме доларите во дополнителни јавни работни станици, наместо да направиме замена на постоечките работни станици.

**La vida Linux**

Вработените во информатичката технологија се среќни што тековната верзија дозволува надградби и ревизии преку мрежа. Заради тоа, тие не мораат да ја „допираат“ секоја машина за да извршат надградба или промена на конфигурацијата. Вработените во јавниот сервис ја ценат можноста што работните станици сами се исклучуваат и вклучуваат секој ден како одговор на наредба зададена преку мрежа. Тие, исто така, го ценат автоматското чистење на кешот и колачињата по три минути на мирување.

Повеќе не стануваме нервозни кога ќе слушнеме за уште една закана по сигурноста на Windows. Ако имате било каков персонален компјутер со Windows 98, 95 или NT, знаете колку време сте инвестирале во минатите шест месеци за да ги инсталирате сигурносните закрпи како резултат на овие закани.

Да, ние можевме да ја надградиме целата наша опрема на Windows XP за да го искористиме неговиот автоматски инсталатор на сигурносни закрпи. Меѓутоа, проценивме дека тоа ќе не чини повеќе од $35.000. Тоа би ги покрило надградбите за академските лиценци, подобрување на меморите, и замената на 14 стари персонални компјутери Pentium II кои не би ја поддржале миграцијата. Освен тоа, ќе требаше да платиме, да инсталираме, и да конфигурираме антивирусен софтвер како и уште некои заштитни алатки од трети лица за да ги спречиме штетите направени од корисниците. И после сето тоа немаше да додадеме ниту едно ново корисничко место.

Искуства на корисниците

Корисниците можат да пребаруваат по која било Интернет локација која не побарува Internet Explorer. Локациите со Flash®, Java® и Acrobat® содржини се целосно достапни. Корисниците можат да ги променуваат поставувањата за печатење и да печатат на мрежните печатачи. Можат да спуштаат и да разгледуваат веб содржини во Microsoft Word®, Excel® и PowerPoint® формати користејќи го инсталираниот пакет на OpenOffice. Содржината можат да ја зачуваат на нивни дискети.

Што не можат да направат? Да го земеме за момент предвид опсегот на опции достапни преку Windows Control Panel – поставувања на скенерот, администраторски поставувања, звучни и аудио уреди и говор и други. Тие се недостапни за обичниот корисник на некоја од нашите работни станици. Со исклучок на некои конфигурациски можности за специфични сесии како што се „број на примероци за печатење“, непотребните особини и опции едноставно ги нема пред погледот на корисникот.

Многу од нашите корисници ни малку не се сомневаат дека нешто е „различно“ од нивното вообичаено online искуство. Тие не можат да го подигнат компјутерот со помош на дискета. Тие не можат да ја инфицираат машината со вирус од дискета или од Интернет, затоа што најголемиот број на вируси се наменети за Windows и затоа што нашиот кернел не дозволува активирање на корисничка извршна програма.

Уште повеќе, поставувањата за заштита кои ги вградивме ги оневозможуваат корисниците да инсталираат датотеки на системскиот диск или да ги читаат од дискета. Не можат да прават измени во оперативниот систем или на кои било датотеки на дискот. Ниту пак можат да инсталираат или конфигурираат софтвер како што е Instant Messenger или програма за шпионирање. Засега, а се сомневаме дека ќе се обидеме да го „поправиме“ ова , не можат да играат игри кои побаруваат Shockwave®.

Уште повеќе отворен код

Нашата сопствена дистрибуција на Linux ја нарековме „LuMix“, по нејзините создавачи: Луис Салазар и Мајк Риксекер. Секоја јавна работна станица, покрај LuMix и неговата едноставна работна околина Gnome, има уште три парчиња софтвер со отворен код: прелистувачот Mozilla, вер. 1.3; Xpdf, вер. 0.3; и Flash за Linux.

Најновиот прелистувач Mozilla е целосно опремен Интернет прелистувач изграден врз основа на отворен код од Netscape. Достапен е за разни видови на оперативни системи. Тие кои го пробале ја ценат неговата способност за автоматско менување размер на страниците за печатење за тие да се прикажат целосно во режимот „портрет“, како и неговата вградена можност за елиминација на скок-реклами. Xpdf е прикажувач на Acrobat датотеки со отворен код, кој коректно ги прикажува и печати датотеките зачувани во универзален .pdf формат. Flash за Linux им дозволува на корисниците на Linux коректно да ги изведуваат датотеките кои оригинално се креирани за форматот Macromedia Flash.

**Linux** засекогаш

Ние продолжуваме да ја проширувааме нашата употреба на Linux. Во идните верзии на LuMix планираме да додадеме временски ограничувања. Ова ќе

им овозможи на вработените во јавните сервиси да прекинат со активноста на мерење пристап за време на периодите со големи побарувања. Наместо тоа, новиот корисник ќе се пријави на слободна работна станица, но за време на најголемите побарувања ќе биде ограничен на одреден временски период.

Кај нашите вработени во одделите за позајмување и за информации ги префрламе работните станици на верзии на Linux и работна околина Gnome која на вработените ќе им овозможи пристап до повеќе можности, програми и функции. Ова ќе биде придобивка за нашиот персонал од информатичката технологија со тоа што тие ќе треба да применуваат помалку Windows закрпи. Вработените ќе го ценат додавањето на StarOffice на секоја машина во секоја просторија. (StarOffice е комерцијален роднина на OpenOffice и има дополнителни можности, како што се тезауруси и можност да се креираат Acrobat документи.)

Истражете ја примената на Linux решенијата во вашата библиотека. Тоа може да претставува добра инвестиција како што Linux станува најупотребуван оперативен систем за серверите.

Предложете ја можноста вашите вработени од ИТ да почнат да го надградуваат своето знаење за Linux со оспособување на старите персонални компјутери да работат под Linux. Нека градат заштитни ѕидови, огласни страниці и Интерни мрежи со Linux и други решенија со отворен код. Охрабрете ги да одат на курсеви.

Ако сте заинтригирани со опцијата Linux, но немате оспособен кадар за да го изведе тоа, побарајте компании, како што е Userful Company, кои ќе ви овозможат ефтини решенија за терминали за јавен пристап кои користат Linux.

Dynix Horizon – http://www.dynix.com
Flash for Linux – http://www.macromedia.com/shockwave/download/alternatives
OpenOffice – http://www.openoffice.org
Gnome desktop – http://www.gnome.org
Mozilla – http://www.mozilla.org
Xpdf – http://www.foolabs.com/xpdf

Информација за авторот
Брајан Огер (brian.auger@HCLibrary.org) е помошник директор во Библиотеката на округот Хауард, Колумбија, МД.

Библиотеката на округот Хауард**:** шест библиотеки**,** пет милиони позајмени примероци

Библиотеката на округот Хауард работи со шест библиотечни клонови кои ги даваат сите услуги, вклучувајќи ја и Централната библиотека во предградието меѓу Балтимор и Вашингтон. Тоа е систем раширен низ округот со централи-

зирано управување и со сервис за доставување. Минатата година позајмила преку пет милиони примероци. Библиотеката нуди преку 200 персонални компјутери - работни станици за јавен пристап, од кои секоја овозможува достап до каталогот (Dynix Horizon Информациски портал) и целосен Интернет пристап.

Одделот за ИТ на системот ги одржува мрежите, персоналните компјутери, оперативните системи, печатачите, и другата опрема. Нивните колеги во Одделот за автоматизација го администрираат Dynix-базираниот систем. Интернет пристапот се добива преку мрежата Maryland Saylor преку 10Mb оптичка врска во Централната библиотека. Во Централната библиотека се наоѓаат и многуте сервери кои го нудат Dynix, електронска пошта и веб сервиси за системот. Библиотечните клонови се поврзани преку T1 frame relay пренос .

Додека Dynix во моментот работи на HP-UX, а некои негови дополнителни сервиси работат на Windows-NT (Horizon Portal 2.1 и TeleCirc II), ИТ кадарот го префрла секој друг сервер на Red Hat Linux. Овој процес започна пред неколку години со конфигурирање на старите персонални компјутери во заштитни ѕидови на клоновите. Следеа Linux-базираните сервери за документи и печатење. Потоа дојде замената и надградбата на централниот сервер со Dell Poweredge сервери кои работат на Red Hat. Ние сме задоволни од плановите на Dynix да го поддржат Linux во идните верзии на нивниот следен Horizon производ.

Оригиналниот текст на статијата е достапен на адресата:
http://www.libraryjournal.com/article/CA406008

Превод од англиски
Жаклина Ѓалевска
НУУБ „Св. Климент Охридски“, Скопје

# **WWW OPAC** вер. **4.2**

Жаклина Ѓалевска, програмер
Национална установа Универзитетска библиотека
„Св. Климент Охридски“ - Скопје

Во рамките на тековните активности на ИЗУМ од Марибор, Словенија, за усогласување на верзиите на програмската поддршка COBISS2 кај сите членки на COBISS.Net, во текот на август оваа година беше инсталирана нова везија на WWW OPAC - веб апликацијата за пребарување на библиографско-каталошките бази на податоци во системот COBISS.MK (COBIB и локалните бази на податоци на библиотеките).

Ако досега сте го користеле WWW OPAC, откако ќе се пријавите на адресата http://www.nubsk.edu.mk/cobiss/, ќе забележите дека изгледот на почетната страница (слика 1) е малку поразличен од порано. Покрај препознатливото лого, кое и сега, ако го кликнете, ќе ве пренесе на апликацијата COBISS/OPAC за пребарување на заемната и локалните бази во системот, на левата страна на екранот се наведени повеќе врски, и тоа:




Слика 1

- Платформа **COBISS**, каде можете да најдете повеќе информации за развојот, организацијата, технолошката платформа на COBISS, апликациите, и сл.,
- **COBISS.Net**, која ве води на страницата на овој проект (слика 2), од каде можете да се приклучите на другите системи COBISS (Словенија, Босна и Херцеговина, Србија и Црна Гора),
- Спогодба ве води до текстот на Спогодбата за воспоставување на мрежата COBISS.Net, која беше потпишана на 27. февруари 2003 година во Белград, Србија и Црна Гора,
- Проект ВБМК дава куса информација за проектот Виртуелна библиотека на Македонија,




Слика 2

- библиотеки во Македонија е врска до базата COLIB.MK која ги содржи основните податоци за сите библиотеки членки на системот COBISS.MK (слика 3),




Слика 3

- **COBISS/OPAC** каталози и бази на податоци**,** е врската која ја активира апликацијата COBISS/OPAC за пребарување на заемната база на податоци COBIB.MK и локалните бази на податоци на библиотеките вклучени во системот COBISS.MK,
- избрани е-публикации ве води на следна страница, на која се дадени две врски: едната до базата на средновековните старословенски ракописи во Македонија, а другата до електронското издание на списанието „Библиотекарство“, и
- известувања и новости не води на страница каде се дадени хронолошки сите активности поврзани со системот COBISS.MK (инсталирање на нови верзии, дополнување на прирачници, вклучување/иступување на библиотеки во/од системот COBISS.MK и др. - слика 4)




Слика 4

Сите прашања, проблеми, критики и пофалби што ги имате во врска со WWW OPAC и COBISS може да ги испратите на е-поштенската адреса vbmkservis@nubsk.edu.mk
наведена во долниот дел на насловната страница.

УДК 621.039:004.6(497.7)

# ДИГИТАЛНАТА ЗБИРКА НА ЦЕНТАРОТ ИНИС ЗА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Дипл. маш. инж. Марија Сејменова-Гичевска
Национална установа Универзитетска библиотека
"Св. Климент Охридски" - Скопје

Базата ИНИС е библиографска база креирана од податоци проследени од националните ИНИС центри. Таа нуди информации за светската литература во доменот на мирновременска примена на нуклеарната енергија во различни области на науката и техниката. ИНИС содржи записи за конвенционална и неконвенционална или сива литература (научно - технички извештаи, тези, дисертации, излагања од собири, патенти и сл.). Системот ИНИС негува и збирка на целосни документи (full text) неконвенционална литература која од 1997 се ажурира на CD-ROM-ови.

Центарот ИНИС за Република Македонија располага со дигитална збирка на целосни текстови (full text) неконвенционална литература со што е еден од 30-те национални центри кои вршат услуги од типот на дисеминација на документи.

Системот ИНИС (International Nuclear Information System)е најголем информациски систем во светот во доменот на мирновременска примена на нуклеарната енергија во различни области на науката и техниката. ИНИС работи во рамките на Меѓународната агенција за атомска енергија - ИАЕА како децентрализиран систем, во соработка со националните центри на земјите - членки на ИНИС и меѓународни организации. Затоа е и уникатен, бидејќи документите што генерираат од различни страни на светот се собираат на едно место, се сервисираат и се конвертираат во облик достапен за јавност. Центарот ИНИС за Република Македонија, се наоѓа во Националната установа Универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски" - Скопје, а неговата дејност се одвива во соработка со Министерството за образование и наука.

Системот ИНИС го сочинуваат:

- база на податоци ИНИС,
- збирка на целосни текстови (full text) неконвенционална ли-тература застапена во базата на податоци.

## База иа иодаiiiоци ИНИС

Базата ИНИС е библиографска база на податоци која датира од 1970 год. и содржи повеќе од 2,5 милиони научно - технички библиографски единици. Годишно, тој број се зголемува за 70.000 до 80.000 записи креирани од страна на националните ИНИС центри. Имено, согласно филозофијата на децентрализираност на системот, националните центри од земјите - членки на ИНИС се одговорни за:

- избор на литературата објавена во рамките на нивните граници и организациони компетенции,
- креирање записи согласно правилата на ИНИС и нивно понатамошно проследување до Секретаријатот на ИНИС.

## Некоивеициоиалиа лиiiiераiiiура во ИНИС

Литературата застапена во базата на податоци ИНИС се групира во две категории, конвенционална и неконвенционална.

Коивеициоиалиаiiiа литература е комерцијално достапна преку нормалните дистрибутивни канали, како и издавачки куќи за набавка на книги, списанија и сл.

Некоивеициоиалиаiiiа литература (наречена и сива литература), опфаќа научно - технички извештаи, тези, дисертации, излагања од собири, патенти, и сл. кои не се лесно достапни преку комерцијалните канали.

Системот ИНИС е еден од ретките информациски системи, кој негува збирка на целосни документи (full text) неконвенционална литература застапена во базата на податоци. Збирката содржи повеќе од 600.000 full text документи кои датираат од основањето на базата и се ажурира постојано. Постарите документи се складирани на микрофиши и со барање до Секретаријатот на ИНИС достапни се во печатена форма. Системот ИНИС е современо организиран информациски сервис кој ги следи новите текови во

сферата на дигитализацијата, па почнувајќи од 1997 год., оваа збирка се комплетира на CD-ROM-ови. Тоа значи дека сите документи публикувани по 1997 год., се достапни електронски во Acrobat PDF формат.

## Цеiiiiароiii ИНИС за Реиублика Македоиија

### Виес во ИНИС базаiiiа

Центарот ИНИС за Република Македонија активно се занимава со внес во ИНИС базата на податоци со записи што генерираат од Македонија. Следењето на македонскиот депозит заради изнаоѓање содржини од интерес за ИНИС е редовен процес. Такво е следењето новини во строго стандардизираните и унифицирани правила за формална и содржинска обработка на документите. Основен критериум за избор на документите кои се внесуваат во ИНИС базата е совпаѓање на предметот на документот со областите што ги покрива ИНИС. Обично, секоја обработена единица содржи:

- библиографски опис (податоци за авторство, индивидуално или корпоративно; наслов; издавач; јазик; година на издавање; и сл.);
- класификациски код - шифра (според содржината, документот се класифицира по дадена класификациска шема која одговара на областите што ги покрива ИНИС);
- серија на дескриптори (клучни зборови, хиерархиски подредени во ИНИС Тезаурусот, со кои се опишува содржината на докумнтот);
- кратка содржина или апстракт (задолжително на англиски јазик).

Исто така, Центарот обработува домашна неконвенционална литература и, како целосен текст, ја проследува до Секретаријатот на ИНИС.

### Сервиси и услуiи

Информациите содржани во базата на податоци ИНИС се пребаруваат на CD-ROM-ови и on-line преку Интернет. Македонскиот центар ИНИС како активна членка, има ексклузивно право на користење на базата на двата медиуми.

Во текот на 2003 год, Секретаријатот на ИНИС спроведе акција за бесплатен достап до ИНИС базата на Интернат наменет, пред се, на академ-

ските институции, со цел за поголема искористеност на Базата. Националниот центар за Република Македонија изврши анкетирање, во рамките на што, влез во Базата добија следните институции:

- Електротехнички факултет - Скопје;
- Машински факултет - Скопје;
- Рударско-геолошки факултет - Штип;
- Институт за физика. Природно-математички факултет - Скопје;
- Медицински факултет - Скопје

Дииiiiалиа збирка

Центарот ИНИС располага со дигитална збирка на целосни текстови (full text) неконвенционална литература застапена во базата на податоци. Со тоа, нашиот центар е еден од 30-те национални центри кои вршат услуги од типот на дисеминација на документи. Збирката се состои од над 250 CD-ROM-ови произведени почнувајќи од 1997 год. Годишниот број нови CD-ROM-ови зависи од фреквенцијата и волуменот на записи со кои националните центри ја полнат Базата. Секој CD-ROM содржи околу 150 full text документи, а е придружен од софтвер за пребаруање како на англиски, така и на француски јазик. Документите се подредени според бројот на библиографската единица под која се заведени во базата на податоци ИНИС (RN-Reference Number).

Така, после успешно извршените пребарувања во Базата и пронаоѓањето на бараната информација, преку бројот на единицата (RN) се избира соодветниот CD-ROM и се доаѓа до посакуваната литература.

ЛИТЕРАТУРА

[1] Presenting INIS, IAEA, Vienna, 1999

[2] IAEA-INIS-24, INIS: Manual for Online Retrieval from the INIS Database on the Internet

[3] Сејменова-Гичевска, Марија, Реиублика Македонија во Меiународниош информациски сисшем за нуклеарни науки и шехнологии (ИНИС). Библиотекарска искра, 1999; 17(1-2): 99-104

[4] Сејменова-Гичевска, Марија; Јакимовски, Славе, Сиисаниешо “Зборник на шрудови - Машински факулшеш Скоије” во Меiународниош информациски сисшем за нуклеарни науки и шехнологии (ИНИС). Зборник на трудови - Машински факултет Скопје, 2000; 19(1): 3-10

**Summary**

UDC 621.039:004.6(497.7)

## THE DIGITAL COLLECTION OF THE INIS CENTER FOR THE REPUBLIC OF MACEDONIA

Graduated Mechanical Eng. Marija Sejmenova-Gicevska
National Institution University Library "St. Kliment Ohridski" - Skopje

The INIS Database is a bibliographic database compiled from data submited by INIS Members. It covers the world literature on the peaceful applications of nuclear science and technology. Literature reported to INIS may be subdivided into two categories, conventional and non-conventional. Conventional Literature is literature that is available commercially through the normal distribution channels, such as the book and magazine trade or publishing houses. Non-Conventional Literature (NCL, also called grey literature) comprises all other forms of literature, including scientific and technical reports, patent documents, conference papers and non-comemercially published thesis not readily available through commercial channels. The full text INIS collection of NCL documents has been issued on CD-ROM since 1997. The INIS Center for the Republic of Macedonia operates by the National institution University Library "St. Kliment Ohridski" - Skopje. The digital NCL collection is available through the Center, since it offer Document Delivery Services for obtaining the full text documents.

# "МАКЕДОНСКАТА НАУЧНА КНИГА"
## Изложба во Националната библиотека "В.И. Вернадскиј" - Киев, Украина (осврт)

Ники Кирјазовска-Јовановиќ, виш библиотекар
Национална установа Универзитетска библиотека
"Св. Климент Охридски" - Скопје

Во рамките на манифестацијата Деиови иа иаукаііia иа Реиублика Македоиија во Украииа, што се одржа од 31 мај до 5 јуни 2004 година во Киев, во организација на Националната академија на Украина и Македонската академија на науките и уметностите, беше реализиран собир на кој, со свои излагања, настапија истакнати академици и други стручни и научни работници од двете земји.

Меѓу другите активности, на 1 јуни во Националната библиотека "В.И. Вернадскиј" беше отворена изложба Македоискаііia иаучиа кииіа во подготовка на Националната установа Универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје.

На големо задоволство на украинската научна, културна и општествена јавност, на неа, преку книги беше прикажан дел од поновите научни и културни достигнувања во Република Македонија. Изложениот избор (околу 700 репрезентативни книги и ЦД-а) од поновата македонска книжна продукција, опфаќаше значајни дела за Македонија, нејзината наука, култура, уметност, музика, филм, фолклор, археологија, историја, јазик, литература и друго. Целта на изложбата на книги беше можност за афирмација на Македонија и македонската наука и култура општо. Сите изложени книги беа подарени на Националната библиотека на Украина "В.И. Вернадскиј" со желба тие да остават траен белег во нејзините фондови, како доказ за блиските културни врски меѓу македонскиот и украинскиот народ кои датираат од поодамна, а продолжуваат и денес. Преку интензивната соработка на двете држави во многу домени се отвораат нови хоризонти за непречен проток на идеи, искуства и заемни духовни проникнувања.

Во донирањето книги за изложбата, покрај НУУБ "Св.Климент Охридски" учествуваа и: МАНУ, ИЗИИС, Државниот архив на РМ, Музејот на Македонија, Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата, Институтот за македонска литература, Институтот за фолклор "Марко Цепенков", Институтот за национална историја, Институтот за македонски јазик "Крсте Мисирков", Универзитетот "Св.Кирил и Методиј", ЕИН-СОФ, Кинотеката на Македонија, Институтот за старословенска култура и др.

За оваа изложба беше подготвен каталог, пригоден плакат, видео проекција за македонското културно наследство, туристички плакати и водичи. Сето тоа беше придружено со македонска изворна музика, а присутните на отворањето на изложбата беа послужени со македонско вино.

Во оваа пригода беше потпишан Договор за соработка меѓу Националната установа Универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски" од Скопје и Националната библиотека на Украина "В.И. Вернадскиј" од страна на директорите на библиотеките, г. Борко Зафировски и академик г. Олексеи Онишенко.

Директорот на НУУБ "Св. Климент Охридски" г. Борко Зафировски имаше презентација (со ЦД) на организацијата на Библиотеката. Притоа беше остварена и средба со стручниот колегиум на библиотеката-домаќин, на која тој говореше за дејноста, работните искуства на НУУБ и можностите за натамошна меѓусебна соработка.

На изложбата, покрај нашите изложени книги, домаќините се потрудија да ги изложат книгите за Македонија и од автори Македонци од нивните фондови. Беа изложени многу ретки и значајни книги од нашите преродбеници кои твореле на тие простори, како и многу стари и интересни географски карти на Македонија.

Во организацијата и подготовката на изложбата учествуваа: Димитри Димитров, Ники Кирјазовска-Јовановиќ, Сенка Наумовска и Денко Тодоровски. Пригодниот каталог го подготвија Лилјана Димитрова и Снежана Тодоровска, а за дизајнот се погрижи Искра Димитрова. Поставката на изложбата во Киев ја направија Ники Кирјазовска-Јовановиќ и Денко Тодоровски.

УДК 01-028:908(497.7)

# ИСТРАЖУВАЊЕ, СЕЛЕКЦИЈА И ОБРАБОТКА НА "МАКЕДОНИКА - ИНФОРМАТИВЕН БИЛТЕН"

Соња Стрезоска - Велјановска
Националнa установа Универзитетска библиотека
"Св. Климент Охридски" - Скопје

Прикажани се прицsmåципите на селекција и обработка на "Македоника" инфотмативен билтенг.

Клучни зборови: Македонија, информашивен билшен

Во 2002 год. излезе од печат првиот број на "Македоника - информативен билтен **1995, 1996, 1997"**, подготвен во Службата "Македоника" како дел од Библиографскиот центар при Национална установа Универзитетска библиотека "Климент Охридски" - Скопје.

Основните коцепциски прицици на овој билтен се утврдени од стручно профилирани библиотекари од Библиографскиот центар и надворешни членови. Информатичкото екипирање на Библиотеката овозможи овој вид публикација да се работи низ Интернет пребарувања во странски бази на податоци од интерес за "Македоника". Основната цел е што побрзо, понавремено, поефтино и поактуелно информирање па корисниците за бараните публикации од светот.

Освен што е информатор, Билтенот, едновремено, е и индикатор за купување книги и списанија заради комплетирање на библиотечните фондови со што се овозможува тој материјал да се обработи *de visu* и, паралелно, да се подготви и Библиографијата "Македоника".

Билтенот е наменет за потребите на науката, културата, образованието, стопанството т.е. вкупниот општествен и политички живот во Републиката.

Кригериумиiiie за селекција на "Македоника - информаТивен билТен" се:

- објавени странски трудови за Македонија во нејзините етно-географски граници (третирани од било кој аспект), за македонскиот народ и македонците поединци, македонските национални заедници, малцинствата и етничките групи во странство;
- објавени трудови од Македонци кои живеат и творат во странство без оглед на предметот што го третираат или јазикот на кој пишуваат;
- трудови од македонски автори објавени во странство на македонски и туѓ јазик или преведени;
- трудови на автори од македонските малцинства и етничките групи објавени на изворниот и на туѓиот јазик или преведени.

Истражувањеiiio и селекцијаiiiа за Билтенот се вршат во on line достапни бази на податоци, on line каталози на библиотеки и книжарници ширум светот. Фондовите на библиотеките што не се достапни преку Интернет, се пребаруваат низ печатените библиографии и каталози кои ги поседува Национална установа Универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски" - Скопје. Принципот на преземање е строго селективен и се врши на две нивоа: првото - според погоре наведените критериуми, а второто - со намена за купување од веќе селектираните публикации за "Македоника".

При пребарувањето се користат клучни зборови како: Македонија, Балкан, Источна Европа, но и такви за географските соседи на Македонија како и светски познатите личности и настани од историјата исовремието...

Истржениот и селектиран материјал се обрабiiiува и структурира, најпрво, низ азбучно средување за да може да се идентификуваат истите единици најдени во повеќе бази. Описот и дескрипторите на единиците во сите бази на податоци не е вршен според постоечките библиографски стандарди, но, при обработката се користи и извлекува максимумот од она што е понудено, со цел на читателот да му се презентираат што повеќе информации за наведената библиографска единица.

Во Билтенот се вклучени информации за монографски и сериски публикации како и статии и прилози. Сите единици се класираат според УДК (Универзална децимална класификација).

Библиографскиот опис на монографиите во Билтенот се врши според ИСБД(М), Меѓународен стандарден опис на монографиите а, на статиите според Упатствата за примена на ИСБД-и во описот на составните делови.

Нотациите се формирани врз основа на насловот, содржината, предметните определници, клучните зборови, апстрактите, дескрипторите и другите помошни елементи понудени во единиците.

Во следната фаза на обработка се врши транскрипција на оние единици кои не се најдени во својата изворна форма, во изворно писмо (грчко, бугарско, српско, хрватско, руско, турско ...).

Билтенот содржи Регистар на автори, Регистар на наслови, Предметен регистар, Регистар на on line бази на податоци и Регистар на наслови сериски публикации.

Покрај имињата на лицата кои учествувале во духовното создавање на содржините вклучени во Билтенот, Регистарот на автори содржи и имиња на автори цитирани во забелешките. Тој е среден азбучно и ги содржи сите форми на имињата што ќе се откријат од кои се упатува на единствена именска определница.

Регистарот на наслови ги содржи (азбучно средени) главните стварни наслови на библиографските единици.

Предметниот регистар информира за содржината (предметот) на библиографските единици преку определници или предметни рубрики.

Регистарот на on line бази на податоци ги содржи сите бази во кои се пронајдени библиографските единици и тој е подреден азбучно.

Регистарот на наслови сериски публикации е подготвен според ISBD(S), Меѓународен стандарден библиографски опис на сериски публикации и низи публикации.

**Summary**

UDC 01-028:908(497.7)

RESEARCH, SELECTION AND PROCESSING THE
**"MACEDONICA - INFORMATIVE BULLETIN"**

Sonja Strezoska-Veljanovska
National Institution University Library "St. Kliment Ohridski" - Skopje

The principles of selection and processing the "Macedonica - Informative Bulletin" are shown.

**Kew words:** *Macedonia, Informative Bulletin*

УДК 027.022:655.41(497.7)

# ИЗДАВАЧКАТА ДЕЈНОСТ НА ГРАДСКАТА БИБЛИОТЕКА "БОРКА ТАЛЕСКИ" - ПРИЛЕП

Благица Илијоска, виш библиотекар
Градската библиотека "Борка Талески" - Прилеп

Направен е преглед на издавачката дејност на Библиотеката досега.

Клучни зборови: Градскаша библиошека "Борка Талески", Издавачка дејносш

Во Прилеп, градот со богата библиотекарска традиција, првото читалиште е отворено во 1867 год., а прв библиотекар бил Илија Здравев.

Во својата книга "Воспоменание и белешки", Никола Еничарев запишал:

"Читалиштето и неделното училиште живо ги заинтересираа занаетчиите и другите граѓани. Во тоа време Цариградското читалиште ни испрати неколку сандаци со разни книги и карти, подарок на Прилепското читалиште. Повеќето од тие книги се распратија по поголемите села: Варош, Тополчани, Тројаци, Плетвар, Ореовец, Богомила, па дури и во Тиквешките села, Ваташа, Неготино и во Битола. Со тоа читалиштето стана општ двигател на културниот напредок".

Низ времето, читалиштето се менувало и денес опстојува како Градска библиотека. Библиотите, во принцип, се едни од најдемократските институции. А конкретнава, со своето стручно и професионално работење има обезбедено значајно место во културно-образовниот живот во Општината, но и пошироко.

Својата дејност ја извршува преку централната библиотека во Прилеп и подрачните во Тополчани, Варош, Кривогаштани и Ропотово.

Организирана во повеќе служби, Библиотеката повремено се занимава и со издавачка дејност иако таа не и основна. Можеби, тоа е една од причините за релативно скромниот обем на изданија кои, најчесто, ги реализира Роднокрајниот оддел, самостојно или во соработка со други

сродни културни институции.

Прилеп и Прилепско како крај со бројни и значајни творци е исклучително податлив за роднокрајна библиографска дејност, но, и подруга издавачка дејност.

Прва монографска публикација каде Прилепската библиотека се јавува како издавач, заедно со Тутунскиот комбинат - Прилеп, е киижевииоiii збориик иа ирилеиски авiiiори иасловеи "Дваесеiii и шесiii-мииаiiiа" од 1973 год. (Еден од уредниците на ова дело е Димче Атанасоски, тогашен директор на Библиотеката.) На 216 страници забележани се биографски податоци за застапените автори и избор од нивниот литературен опус што го направиле сами.

Застапените автори (Григориј епископ Пелагониски и Прилепски, Марко Цепенков, Стале Попов, Волче Наумчески, Сотир Гулески, Блаже Конески, Коле Чашуле, Благоја Корубин, Миле Попоски, Коце Солунски, Илија Поповски - Мариовецот, Александар Ежов, Ѓорѓи Сталев, Бранко Илиевски, Глигур Крстески, Евгенија Шуплинова, Бранко Варошлија, Драгица Најческа, Ѓоре Напески, Петар Попоски, Божидар Тодороски-Бодле, Миле Неделкоски, Василе Димески, Слободан Рошкоски, Благоја Ристески, Трајче Крстески), носејќи го во себе бунтот на прилепскиот човек, тематски понирајќи во неговата историја и инспирирајќи се од животот, обичаите, фолклорот, легендите, но и реалноста на прилепското поднебје, му се оддолжиле на својот роден крај запишувајќи го сето тоа низ уметнички збор.

Антологиското книжевно дело "Дваесет и шестмината" одиграло значајна улога и во воспитно-образовниот процес како четиво од училишните програми.

По повод грандиозниот јубилеј, 100-годишнината на Тутунскиот комбинат во Прилеп, Градската библиотека во соработка со Тутунскиот комбинат го издава трудот "Библиоiрафија иа ирилеискiiiе авiiiори од ослободувањеiiiо до 1970 iодииа" , 1973 год., чиј составувач е тогашниот директор на Библиотеката Димче Атанасоски.

Библиографијата е структурирана во два дела. Првиот опфаќа книги, брошури, сепарати, музикалии и албуми, а вториот дел трудови објавени во списанија. Во неа се опфатени 90 автори и 1.700 библиографски единици што е релативно солидно за проучување на творештвото на прилепските автори. Редењето на библиографските единици е направено според Универзалната децимална класификација што овозможува синтетизирање на трудовите по научни области, поголема прегледност и научен приод кон материјата.

Библиографијата содржи и регистри на автори и наслови. Лектурата

и јазичната корекција е на проф. Орде Сливјаноски, а тиражот е 1.000 примероци.

Издавањето на оваа библиографија означува почеток на нова, особено, значајна дејност на полето на библиографијата во Роднокрајното одделение на Прилепската библиотека - активност која перманентно продолжува и овозможува собирање и проучување, како на творештвото на прилепчани, така и на севкупниот пишан збор за културно-образовниот, стопанскиот, историскиот и општествено-политичкиот развој на Прилеп и Прилепско.

Прв наслов кој Библиотеката го објавува самостојно е "Родиокрајиа библиоірафија иа ирилеискиііие авііори (1970-1980)", 1996 год. (продолжение на објавената библиографија на Димче Атанасоски).

Составувач и уредник е Благица Илијоска, главен и одговорен уредник Славе Ристески (тогашен директор на Библиотеката), рецензенти се д-р Ристо Ристески, д-р Димко Кокароски и Павлина Ежова, а Светлана Марковиќ е редактор.

Библиографијата претставува драгоцен извор на информации за делата на авторите од Прилеп и Прилепско објавени во периодот 1970-1980 година во Република Македонија, а нејзиното консултирање неопходно за сите чиј предмет на интересирање се овие автори.

Структурирана е во два дела: 1. Монографски публикации од прилепски автори (со 400 библиотечни единици) и 2. Статии и прилози од прилепските автори (со 2.286 библиотечни единици), во тираж од 500 примероци.

Содржинската обработка е според системот на (UDK) Универзалната децимална класификација, а библиографскиот опис согласно Меѓународните стандарди за библиографски опис на монографски ISBD(M) и ISBD(S) сериски публикации. Освен задолжителите податоци за библиографскиот опис, некои единици содржат и забелешки кои, најчесто, ги дополнуваат и толкуваат елементите од главниот опис и информираат за содржинските карактеристики на опишаната единица. Библиографијата има регистар на автори и стварни наслови на анонимните публикации како и регистар на наслови на сериските публикации.

Ова библиографско издание подразбира парцијално остварување на библиграфско-информативниот систем на нашата земја.

Дел од статиите и прилозите содржани во оваа роднокрајна библио-

графија не се предмет на обработка на Националната библиографија на РМ, што на овој труд да му дава улога на примарна библиографија со вонредно значење за проучување и откривање на културно-историското наследство на Прилепскиот крај.

Во 1998 година Библиотеката издава и специјална библиографија "Хроиолошка библиоірфија - Народеи iiiеaiiiар "Војдаи Чериодрииски" - Прилеи", ciiiaiiiии и ирилози од иериодичии иубликации: "Ciiiремеж" (1954-1995) и "Народеи iлас" (1965-1995), чиј составувач и уредник е Наде Караџоска, главен и одговорен уредник Ангелина Гареска, редактор Благица Илијоска, а рецензенти д-р Јелена Лужина и д-р Михајло Георгиевски.

На своите 164 страни, Библиографијата содржи 740 хронолошки подредени библиографски единици со богата анотација, 11 фотографии во црно-бела техника од позначајните претстави изведени на прилепската сцена и регистар на автори и стварни наслови на анонимните статии и прилози од опфатените сериски публикации.

Во овој библиографски прирачник наоѓаме информации за дејноста на театарот и неговите потешкотии во функционирањето, за критики на драмски текстови, актерски креации, сценски изведби и режисерски поставки, но, и за круната на театарската култура во Прилеп - Театарските игри "Војдан Чернодрински". Меѓу позначајните од театарските игри се информациите за престижните фестивалски награди, естетски дебати на тркалезната маса на критиката, промоции на дела од еминентни автори врзани за театарското создавање, придружни манифестации и сл.

Во 1995 година Библиотеката го прослави својот голем јубилеј - педесет години од основањето - (1945-1995), меѓник на историјата и патоказ кон иднината.

Монографијата "Градска библиоiiiека "Борка Талески" - Прилеи", објавена со задоцнување во 2000 година, на 44 страни, низ текст, фотографии и бројки, го прикажува полувековниот растеж на Библиотеката - од мало градско читалиште до афирмирана институција и жариште на културата во Општина Прилеп. Подготвена е од Редакциски одбор во состав: Славе Ристески, Ангелина Гареска, Благица Илијоска, Елена Рулеска, Каролина Крстеска, Наде Караџоска, Марија Пажеска, Мирјана Вангелоска, со фотографии на Кирил Петкоски, а главен и одговорен уредник е Василе Димески (тогашен директор на Библиотеката)..

Во 2004 год. Прилепската библиотека ја издава стручната публи-

кација "Маркеiiiиwi ориеиiiiација иа иародииiiie библиоiiieки" од м-р Наде Караџоска по рецензија на проф. д-р Добри Петровски и Миле Бошески - библиотекар советник. На 128 страни текст, фотографии и табеларни прегледи дадени се состојбите на народните библиотеки во Република Македонија (магистерски труд на авторот).

Изложени се резултатите од истражувањата кои покажуваат дека врз приодот и содржината на организацијата на услугите на корисниците во народните библиотеки големо влијание имаат нивните скромни финансиски можности, образованието, оспособеноста и мотивираноста на вработените како и потребите на корисниците. А, современото библиотечно работење наметнува нови задачи и обврски на библиотечните работници за чие совладување е потребна високо професионална оспособеност во управувањето и владеењето со новата дигитална технологија и вршењето едукација на корисниците за нејзино користење.

Поаѓајќи од таквото окружување, оваа публикација разработува и сугерира маркетиншки приод во организирањето на услугите и, во таа смисла, има значење на методско помагало за организирање активности на една модерна библиотека низ маркетинг-концепцијата.

Освен тоа, овој труд го збогатува релативно скромниот опус на авторска стручна библиотечна или блиска до неа литература во Република Македонија.

Во текот на оваа, 2004 год., Библиотеката планира да се појави со уште една роднокрајна библиографија "Прилеп и Прилепско на страниците на "Нова Македонија"" (во печат) што го опфаќа периодот 1945-1965 год. Тоа е значаен проект за градот Прилеп, финансиски подржан од Министерството за култура на Република Македонија.

Библиографијата е подготвена од Благица Илијоска, Ангелина Гареска, Марија Пажеска и Цветанка Толеска. Значајно за неа е тоа што припаѓа на примарните библиографии со de visu обработка (статии и прилози од дневникот "Нова Македонија") согласно меѓународни стандарди, а дополнета со анотации за содржинскиот белег на библиграфските единици.

**Résumé**

UDC 027.022:655.41(497.7)

# L'ACTIVITÉ ÉDITORIALE DE LA BIBLIOTHEQUE PUBLIQUE "BORKA TALESKI" - PRILEP

Blagica Ilijoska, bibliothècaire supérieure
La bibliothèque de la ville Prilep "Borka Taleski"

L'activité éditoriale de la bibliothèque publique "Borka Taleski" - Prilep est très modeste et jusqu'ici il y a plusieurs publication:

- La bibliographie de auteurs de Prilep (1945-1970);
- La bibliographie des auteurs de Prilep (1970-1980);
- Speciale bibliographie (hronologique) du théâtre populaire "Vojdan Cernodrinski" de Prilep (1965-1995);
- Monographie "Bibliothèque publique "Borka Taleski" - Prilep";
- "Marketing orientation des bibliothèques publiques" et
- La bibliographie "Prilep et l'environs sur les pages de "La nouvelle Macedoine" (1945-1965)", qui est sous presse.

УДК 027.022 (497.7)

# БИБЛИОТЕКАРСТВОТО ВО ГЕВГЕЛИЈА
(кус преглед)

Слободанка Дуева, виш библиотекар
Матична библиотека "Гоце Делчев" - Гевгелија

Одбележувањето јубилеји, обично, е повод за анализа на достигнувањата, лоцирање на проблемите (често, традиционални) и утврдување на правците на развој.

Годинава се навршуваат 60 години од донеувањето на Одлуката за формирање библиотека во Гевгелија и скоро еден век од формирањето на првото Градско читалиште во 1910-та година.

Во периодот до ослободувањето, читалиштето работи со прекини, а по ослободувањето на Гевгелија на 7.11.1944 год., Месниот народно-ослободителен одбор на 16.11.1944 год. ја донесува Одлуката за формирање градско читалиште и упатува барање до населението за собирање книги за потребите на градската библиотека. Одзивот на повикот бил повеќе од очекуван и за кратко време биле собирани над 3.000 книги кои биле селектирани. Наредната, 1945 год., во февруари, започнува со работа Градската библиотека во Гевгелија со книжен фонд од околу 500 книги и еден библиотекар.

Во почетокот, Библиотеката била сместена во приватна просторија на главната градска улица, а од 1950 год. во денешните простории, во зграда прогласена за споменик на културата. Иако локацијата и зградата се мошне атрактивни, самиот корисен простор ни оддалеку не ги задоволува минимум стандардите за библиотечно работење. Тоа го детектира основниот и најважен проблем-просторот кој, засега, се чини дека најтешко ќе биде решен без соодветен ангажман и на локалната самоуправа.

Во периодот од 1953-1957 год. се отвораат 6 селски библиотеки од кои, во моментот, функционира само библиотечниот клон во Миравци.

Згаснувањето на библиотечните клонови уследи како резултат на немањето доволно средства за работа на библиотеките, па, книжниот фонд беше подарен на училишните библиотеки.

Актуелната организација на Библиотеката се состои од неколку оддели.

- Во Информативното позајмно одделение е сместен вкупниот книжен фонд за деца и возрасни и тука се обавува целокупната активност со корисниците. Одделот располага со околу 80.000 монографски публикации од кои 13.000 за деца. Годишно Библиотеката има околу 1.300 корисници од кои 90% се ученици.
- Одделот периодика располага со 1.310 томови од 100 наслови весници и списанија. Во рамките на овој оддел е и Збирката посебен и специфичен фонд од над 400 наслови монографски публикации.
- Во Одделот за калсификација и систематизација се обработува целокупниот книжен фонд според меѓународните стандарди за библиотечно работење (ISBD(M). Библиотеката располага со повеќе видови каталози за монографските и сериските публикации кои се ажурираат континуирано.

  (Се очекува, оваа година Библиотеката да се вклучи во Единствениот библиграфско-информациски систем на Македонија.)
- Од 1986 година формиран е Роднокраен оддел во кој се чуваат монографски публикации, списанија и разновиден некнижен библиотечен материјал од гевгелиски автори. За тој фонд, досега се издадени две персонални библиографии. Одделот располага со 235 наслови монографски публикации и 301 примерок некнижен материјал - покани, плакати, постери и каталози.
- Во рамките на библиотеката работи и еден клон во селото Миравци кој располага со околу 7.000 книги.

Во програмските активности на библиотеката посебен акцент се става на популаризација на книгата. Во текот на годината се организираат разновидни манифестации во соработка со училиштата од општината со цел за афирмација на библиотечната дејност и доближување на книгата до секој потенцијален корисник.

Библиотеката има интернет врска, но со ограничено користење. Има и сопствена Web-страница.(www.biblioteka.edu.mk)

Со новите законски прописи, таа ќе функционира како локална јавна Библиотека. Останува отворено прашањето што ќе донесе таквата промена за библиотечната дејност во Општина Гевгелија.

Бр.286/18.06.20042од.

ЗАПИСНИК
од Конститутивната седница на Извршниот одбор на БДМ

одржана на 25.05.2004 год. во просториите на БДМ, во Националната установа Универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје.

Согласно Статутот на БДМ (член 18), седницата беше свикана од Претседателот на Извршниот одбор Миле Бошевски.

На седницата присуствуваа сите новоизбрани членови на Извршниот одбор освен Надица Георгиева од Библиотеката на МАНУ (уредно поканета).

Покрај Претседателот на БДМ, на почетокот на седницата присуствуваа и дел од членовите на претходниот Извршен одбор (Владимир Кочоски од НУ Библиотека "Кочо Рацин" од Тетово, Благој Николов од НУУБ "Св. Климент Охридски " од Битола, Благица Спиридонова од НУ Библиотека "Гоце Делчев" од Штип и Јулија Темелкова од Градската библиотека "Браќа Миладиновци" од Скопје), на новоизбраните членови на БДМ. Честитајќи им го изборот, тие им посакаа успех во работата, но и растеж и развој на библиотекарството како дејност во РМ.

Работниот дел на Седницата се одвиваше по следниот

Д Н Е В Е Н Р Е Д:

1. Изборнапретседавачсо Седницата;
2. Избор на Преседател на ИО;
3. Избор на Секретар на ИО;
4. Избор на благајник на БДМ;
5. Донесување Одлука за одредување потписници на финансиските документи на БДМ;

Точка 1

За Претседавач со Седницата беше избрана Јелена Петровска од НУУБ "Св. Климент Охридски" Битола.

Точка 2

Согласно регулираното во членот 18 од Статутот на БДМ, за Претседател на беа предложени:

- М-р Наде Караџоска од Градската библиотека "Борка Талески" од Прилеп (заради неспорните квалитети развиени и низ последипломските студии, но и работниот ангажман во еден вид библиотека (народна, јавна) кој согласно Националната програма за културата и другите законски акти, во најголем дел, поминуваат во надлежност на локалната самоуправа) и
- Зорка Чекичевска од НУ Универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски" Скопје (заради солидната теоретска оспособеност за библиотекарство манифестирана и со објавување трудови, долгогодишното практицирање на одредени библиотечни процеси, искуство во раководењето, базичната правна наобразба).

Во дискусијата во која ништо од реченото не беше проблематизирано, за Претседател на БДМ беше избрана Зорка Чекичевска со консензус.

Точка 3

Размислувањата искажани од членовите на ИО за кандидатите за Претседател на БДМ, беа сосема доволни изборот на Секретар на БДМ да биде направен, исто така со консензус и без нови предлози, за Наде Караџоска.

Точка 4

Изборот на Благајник на БДМ беше одложен за следната седница на ИО од причини што тој не треба да е од составот на ИО односно треба да се поразговара со некој од членовите на БДМ.

Точка 5

Имајќи ги во вид надлежностите на Претседателот на БДМ согласно Статутот, ИО донесе одлука потписник на документите на Друштвото да биде Зорка Чекичевска. Едновремено, ја задолжи да ги заврши работите околу депонирање потпис во судските регистрациони документи и банката каде БДМ е депонент со жиро сметка.

Освен тоа, ИО донесе одлука Верица Петровска од Националната установа Универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски" Скопје да биде втор самостоен потписник на жиро сметката на БДМ од причини на елиминирање евентуален застој во финансисикото работење на БДМ.

Записникот го подготви,
Зорка Чекичевска

Библиотекарското друштво на Македонија
Претседател,
Зорка Чекичевска

Бр. 287/18.06.2004 2од.

Врз основа на член 18, став 1, 2 и 3 од Статутот на Библиотекарското друштво на Македонија, Извршниот одбор на БДМ на својата конститутивна седница од 25.05.2004 год., донесе

## О Д Л У К А
### за избор на Претседател на БДМ

1. За Претседател на Библиотекарското друштво на Македонија се избира Зорка Чекичевска, виш библиотекар од Националната установа Универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски" Скопје со мандат мај 2004-мај 2006 год.

2. Согласно Статутот на БДМ, Извршниот одбор го овласти Претседателот Зорка Чекичевска за потписник на БДМ во периодот означен во точка 1 на оваа Одлука.

3. Престанува овластувањето потписник на БДМ на претходниот претседател на БДМ Миле Бошевски со денот на внесување на промените од точка 2 на оваа Одлука во Судскиот регистар и банката депонент на БДМ.

### О б р а з л о ж е н и е

Согласно изборот на нов Извршен одбор на Редовното изборно собрание на БДМ одржано на 14.05.2004 год. во Радовиш и одредбите цитирани во преамбулата, се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Библиотекарско друштво на Македонија

Претседател,

Зорка Чекичевска

зч/зч

Бр. 336/29.10.2004 2од.

Врз основа на член 4 од Правилникот за организирање и спроведување на Републичкиот натпревар "Млади библиотекари", Извршниот одбор на БДМ на седницата од 14.09.2004 год., донесе

## О Д Л У К А
### за одредување библиотека домаќин на 5. Републички натпревар "Млади библиотекари" 2004 год.

1. За домаќин на 5. Републички натпревар "Млади библиотекари" 2004 год. се одредува Националната установа Универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски" Битола во чии простории тој и ќе се одржи.

2. Терминот за одржување на натпреварот е 16.11.2004 год.

3. Библиотеката од точка 1 на оваа Одлука обезбедува услови за организирање на натпреварот согласно односниот Правилник.

Библиотекарско друштво на Македонија

Претседател,

Зорка Чекичевска

зч/зч

Бр.337/29.10.2004 2од.

Врз основа на член 6 од Правилникот за организирање и спроведување на Републичкиот натпревар "Млади библиотекари", Извршниот одбор на БДМ на седницата од 14.09.2004 год., донесе

# О Д Л У К А
## за формирање Комисија за спроведување на 5. Републички натпревар "Млади библиотекари" 2004 год.

1. За членови на Комисијата за спроведување на 5. Републички натпревар "Млади библиотекари" 2004 год., се именуваат:

- Миле Бошески, претседател (НУУБ "Климент Охридски" Скопје),
- Магдица Шамбевска, член (НУУБ "Климент Охридски" Скопје),
- Јоланда Бошевска, член (НУУБ "Климент Охридски" Битола).

2. Комисијата од точка 1 на оваа Одлука го спроведува натпреварот согласно одредбите од Правилникот цитиран во преамбулата.

Библиотекарско друштво на Македонија

Претседател,

Зорка Чекичевска

зч/зч

Бр.345/16.11.2004 2од.

# З А П И С Н И К
## од Петтиот републички натпревар "Млади библиотекари" 2004 год.

На 16.11.2004 година во просториите на Националната установа Универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски" - Битола се одржа Петтиот републички натпревар на членовите на секциите и клубовите Млади библиошекари при народните библиотеки на Република Македонија.

На натпреварот учествуваа 26 (дваесет и шест) натпреварувачи, победници на општинските натпревари "Млади библиотекари" организирани од народните библиотеки, одржани во текот на месецот октомври 2004 година.

За регуларноста на натпреварот се грижеше Комисија во состав:

1. Миле Бошески - НУУБ "Св. Климент Охридски" - Скопје, претседател;
2. Магдица Шамбевска - НУУБ "Св. Климент Охридски" - Скопје, член;
3. Јоланда Бошевска - НУУБ "Св. Климент Охридски" - Битола, член.

Натпреварот беше анонимен. Секој натпреварувач, пред почетокот на посебен образец ги запиша своите генералии и шифрата под која ќе се натпреварува. Потоа, самите натпреварувачи ги ставија обрасците во пликови, ги залепија и истите беа отворени откако беа прегледани прашалниците и беше утврден редоследот на победниците на натпреварот.

Според покажаните резултати, Комисијата констатира дека:

Првото место го освои:

Давид Алексовски, НБ "Тане Геор2иевски" - Куманово, ОУ "Браќа Миладиновци" - Куманово со освоени 160 бодови.

Второто место го освои:

Андреј Манев, НБ "Искра" - Кочани, ОУ "Кирил и Мешодиј" - с. Г.Подло2, Кочани со освоени 160 бодови.

Третото место го освои:

Леа Матевска, НБ "Браќа Миладиновци" - Скоије, ОУ ".Јан Амос Каменски" - Скоије со освоени 155 бодови.

Специјална награда:

1. Викторија Босилевска, НБ "Браќа Талески" - Прилеи, ОУ "Блаже Конески" - Прилеи и

2. Марија Спасова, НБ "Ванчо Прке" - Виница, ОУ "Славчо Сшо-јменски" - Виница.

Комисија:

Миле Бошески с.р.

Магдица Шамбевска с.р.

Јоланда Бошевска с.р.

16.11.2004 год.
Битола

Претседател на БДМ,

Зорка Чекичевска с.р.

Бр. 322/04.10.2004 2од.

Врз основа на член 19, став 1, алинеја 8, а во врска со член 27 од Статутот на на Библиотекарското друштво на Македонија, Извршниот одбор на БДМ, на седницата од 14.09.2004 год. ја донесе следната

## ОДЛУКА
за избор на Издавачки совет на БДМ

За членови на Издавачкиот совет на Библиотекарското друштво на Македонија се избрани:

1. Зорка Чекичевска, Претседател на БДМ (НУУБ "Климент Охридски" Скопје);
2. Јелена Петровска, НУУБ "Климент Охридски" Битола;
3. М-р Димитри Димитров, НУУБ "Климент Охридски" Скопје;
4. Слободанка Дуева, Народна библиотека "Гоце Делчев" Гевгелија;
5. Драгица Силјаноска, Народна библиотека"Григор Прличев" Охрид;
6. Вангелија Цавкова, Народна библиотека "Искра" Кочани;
7. Верица Петровска, НУУБ "Климент Охридски" Скопје;
8. Соња Цоневска, НУУБ "Климент Охридски" Скопје;
9. Марија Враживирска, Библиотека на Правниот факултет.

Мандатот на членовите на Издавачкиот совет трае две години односно го следи мандатот на Извршниот одбор.

Претседател на БДМ,

Зорка Чекичевска

зч/зч

Бр. 291/25.06.2004 год.

ПРОЕКТИ 2005 іод.
Библиошечна дејносш

Подносишел на ироекшош
Библиошекарско друшшво на Македонија

Назив на ироекшош
Сорабошка и членување во меіународни и национални библиошекарски асоцијации: ИФЛА и др.

Раководишел
Зорка Чекичевска, Пресшедашел на БДМ
адреса/седишше на БДМ:
НУУБ "Св. Клименш Охридски" Скоије, Бул. "Гоце Делчев" бр. 6
*bdm@nubsk.edu.mk; zorka@nubsk.edu.mk*

Цел
Следење и информирање за новошо во развојош на библиошечнаша дејносш на меіународно ниво и неиосредно учесшвување во акшивносшише на некои од исшо шаквише библиошечни асоцијации, иромошори и шворци на современише шрендови во оваа обласш (ИФЛА, ЕБЛИДА).
Двонасочен досшаи до свешскиош информашивен иросшор за библиошекарсшвошо.
Сорабошка со библиошечни национални асоцијации и размена на искусшва согласно регулираношо во билашералнише сиогодби за сорабошка на Реиублика Македонија со нивнише домицилни земји.

Оиис на акшивносшише
Членувањешо на БДМ во ИФЛА (Меіународна федерација на библиошекарски асоцијации и организаци) и ЕБЛИДА (Евроиско биро на библиошеки, асоцијации за информации и докуменшација) значи и добивање одредени сиисанија (*IFLA Journal*), месечни билшени и други информашивни машеријали за рабошаша и акшивносшише на шие, но и на други организации (УНЕСКО) и разни меіународни комисии и шела. Тоа обезбедува ирисшаи до информации за акшуелнише збиднувања во евроискиош и свешски библиошечно-информациски камиус.

Учесшвошо на годишни и други конференции со/без конкрешни излагања, меіу другошо, е сшашусен белег на ирешсшавување на оваа дејносш на независна држава.

Неиосреден коншакш и размена на искусшва ио разни ирашања меіу библиошекари од различни зедмји, можносш за водење заеднички ироекши.

Динамика на реализација
Проекшош има коншинуиран шек и се води секоја година. Вирочем, имaненшно за акшивносши на членување и учесшво во рабоша на одредени организации (обнова на членарина, следење на информашивни гласила, ирисшаи до информации, билашерална или мулшилашерална сорабошка со исшородни асоцијации). Сешо шоа заради важносша на коншинуишешош на шаквише дејсшија.

Кадар
Проекшош ќе биде реалиозиран од иовеќе извршишели со ВСП, библиошекари, виши библиошекари, библиошекарски совешниц, членови на БДМ.

Финансиски средсшва

- членарина во ИФЛА и др. асоцијации = 52.000,00
- учесшво на Годишнаша конференција на ИФЛА (Осло) и др. рабошни средби = 96.000,00

ВКУПНО = 148.000,00 ден.

Очекувани ефекши
Информирање, заиознавање и осшручување на блиошечниош кадар од националнаша библиошечна мрежа на РМ за современише шекови на развој во библиошекарсшвошо и информацискише науки.
Осознавање и можносш за одредување иравци на развој кои обезбедувааш наша комиашибилносш со иракшикувањешо библиошекаршсшво и информација со евроискиош и свешски иросшор.
Хармонизирање на ирофесоналнаша осиособеносш на библиошечниош кадар. Конечно, афирмација на библиошечно-информацискаша и издавачкаша дејносш како и вкуиносша на кулшурнише, образовнише, сшручнише и научнише досшигнувања кај нас, а со шоа и на Реиублика Македонија како држава.

Библиошекарско друшшво на Македонија
Пресседашел,
Зорка Чекичевска

зч/зч

Бр. 292/25.06.2004 год.

ПРОЕКТИ 2005 іод.
Библиошечна дејносш

Подносишел на ироекшош
Библиошекарско друшшво на Македонија

Назив на ироекшош
Обука за ирелиминарно иденшификување и чување библиошечни добра и редок библиошечен машеријал

Раководишел
Зорица .Јаковлевска- Сиировска, конзервашор во НУУБ, Скоије
адреса/седишше на БДМ:
НУУБ "Св. Клименш Охридски" Скоије, Бул. "Гоце Делчев" бр. 6
*bdm@nubsk.edu.mk*

Цел
Обука на библиошекари од народнише (јавни) библиошеки за ошкривање, иосшаики на ирелиминарно иденшификување и зашшиша како и за услови на чување библиошечен машеријал ушврден како библиошечно добро согласно одредбише на новиош Закон за зашшиша на кулшурношо наследсшво ("Службен весник на РМ" бр.20/04) или како редок библиошечен машеријал согласно оишш акш на минисшерош за кулшура.
Неиосреден увид и евиденција на условише за чување на ваков вид библиошечен машеријал во библиошекише имашели како и уиашување на иримена на шехничкише сшандарди и иосшаики за безбедно чување на библиошечни добра и редок библиошечен машеријал.

Оиис на акшивносшише
Едукација на библиошекари од народнише (јавни) библиошеки со цел за ошкривање на библиошечни добра и редок библиошечен машеријал; иоуки во основнише знаења за ироцедурише на нивен нашамошен шрешман до ушврдувањешо за библиошечно добро или редок библиошечен машеријал како и уиашување на иосшаикише на зашшиша, условише за чување и начинош на корисшење.
Одржување два(шри) семинари за библиошекари од народнише (јавни) библиошеки во РМ со шаква намена.

Снимање на сосшојбише со ваквиош библиошечен машеријал во шие библиошеки.

Подгошовка на иросиекш (брошура) за оваа ироблемашика како инсшрукшивно иомагало за обврскише на вкуиношо иосшаиување со библиошечнише добра и решкиош библиошечен машеријал.

Динамика на реализација
Проекшош ке се реализира во шрешиош кваршал од 2005 год.

Кадар
Проекшош ќе биде реализиран од извршишели од НУУБ "Св. Клименш Охридски", Скоије (1 конзервашор, 1 магисшер, 2 виши библиошекари, 1 библиошекарски иомошник).

Финансиски средсшва
За реализација на Проекшош, иошребни се финансиски средсшва за:

| | | | |
|---|---|---|---|
| - | иодгошовка на иросиекш/брошура (авшорски хонорар и иечашење)............................. | = | 19.000,00 |
| - | иашни шрошоци ........................................................ | = | 7.200,00 |
| - | дневници...................................................................... | = | 5.200,00 |
| - | иошшенски шрошоци................................................ | = | 600,00 |
| | ВКУПНО: | = | 32.000,00 ден. |

Очекувани ефекши
Ошкривање, иденшификување и зачувување на библиошечни добра и редок библиошечен машеријал како дел од кулшурношо наследсшво на Реиублика Македонија.

Евиденширање на сосошојбише на шаквиош машеријал и на условише за негово чување и корисшење.
Реализација на иншенциише на Законош за зашшиша на кулшурношо наследсшво на РМ во сегменшош иишувани кулшурни добра.

Библиошекарско друшшво на Македонија
Пресшедашел,
Зорка Чекичевска

зч/зч

Бр. 293/25.06.2004 год.

ПРОЕКТИ 2005 іод.
Библиошечна дејносш

Подносишел на ироекшош
Библиошекарско друшшво на Македонија

Назив на ироекшош
Единсшвениош библиоірфско-информациски сисшем на Реиублика Македонија во услови на иремин на народнише (јавни) библиошеки во надлежносш на локалнаша власш
(меiународна конференција)

(Проекшош ќе се реализира во сорабошка со НУУБ "Св. Клименш Охридски", Скоије)

Раководишел
Зорка Чекичевска, Пресседашел на БДМ
адреса/седишше на БДМ:
НУУБ "Св. Клименш Охридски" Скоије, Бул. "Гоце Делчев" бр. 6
*bdm@nubsk.edu.mk; zorka@nubsk.edu.mk*

Цел
Приоишшување на знаења и искусшва на шеорешичари и иракшичари на библиошекарсшвошо и информашикаша од соседни (ио можносш, и други) земји околу ирашањаша на организација и функционирање на единсшвен библиографско-информациски сисшем во услови на иремин на дел од библиошечнаша јавна служба во надлежносш на локалнаша самоуирава.

Освен библиошечнаша јавносш, целни груии на оваа конференција би биле и ирешсшвници на ценшралнаша извршна власш (кулшура, образованбие и наука, локална самоуирацва), на универзишешскаша номенклашура како и на локалнаша власш..

Оиис на акшивносшише

Меiународнаша конференција (шркалезна маса) би се совиаднала со Годишношо собрание на БДМ.

Означенаша шема би била дешализирана во иоединечни сегменши и шака ионудена на учесницише за нивно искажување.

Со излагања би се иојавиле ирофесори на факулшеши ио библиошекарсшво кои би искажале иодгошвеносш да ги изложаш своише шеорешски сшановишша ио шемаша на конференцијаша.

Своја ирезеншација на искусшваша би имале и исшакнаши библиошекари кои рабошеле на реализирање на овие ирашања во своише земји.

Наши би биле воведношо насочувачко и други излагања кои би ироблемашизирале или иреиорачувале одредени исходишша.

Сише излагања би биле иубликувани во зборник на македонски и иаралелно, на англиски јазик.

Динамика на реализација

Проекшош ке се реализира во ирваша иоловина на 2005 год.

Кадар

Членовише на Извршниош одбор на БДМ, на Издавачкиош совеш на сиисаниешо "Библиошекарсшво", иовеќе библиошекари од националнаша библиошека, народнише (јавни) и други библиошеки, членови на БДМ.

Финансиски средсшва

За реализација на Проекшош, иошребни се финансиски средсшва за:

| | | | |
|---|---|---|---|
| - | авшорски хонорар за реферашише (4 авшорски шабаци) ............ | = | 56.000,00 |
| - | иревод (4 авшорски шабаци)............ | = | 31.000,00 |
| - | иечашење зборник............ | = | 26.000,00 |
| - | меiународен авионски иревоз............ | = | 104.000,00 |
| - | хошелско смесшување на госшише од сшрансшво (20 ноќевања)............ | = | 75.000,00 |
| - | иашни шрошоци ............ | = | 7.200,00 |
| - | дневници ............ | = | 4.800,00 |
| - | админисш. и иошшенски шрошоци ............ | = | 8.000,00 |
| | ВКУПНО: | = | 312.000,00 ден. |

Очекувани ефекши

Сшекнување знаења за шшо иоусиешно градење и функционирање на единсшвениош библиографско-информациски сисшем во услови на иовеќеслојна надлежносш брз библиошечнаша јавна служба (ценшрална/локлна власш; кулшура/образовани и наука). Ова, особено, во услови на иремин на народнише (јавни) библиошеки во надлежносш на локалнаша власш.

Восиосшавување и негување сорабошка и коншакши со библиошекари од сшрансшво, размена на искусшва и знаења.

Промовирање на македонско библиошекарсшво вклучишелно и неговиош невладин дел ireку акшивносшише на БДМ, книжнаша издавачка иродукција, сегменши на кулшурношо наследсшво во РМ односно македонскаша кулшура оишшо.

Библиошекарско друшшво на Македонија
Пресшедашел,
Зорка Чекичевска

зч/зч

Бр. 294/25.06.2004 год.

ПРОЕКТИ 2005 iод.
Библиошечна дејносш

Подносишел на ироекшош
Библиошекарско друшшво на Македонија

Назив на ироекшош
Предлоi на меiународни индекси (ознаки) за Македонија до УДК конзорциумош во Хаi

Раководишел
.Јелена Фиданоска, виш библиошекар од НУУБ, Скоије
адреса/седишше на БДМ:
НУУБ "Св. Клименш Охридски" Скоије, Бул. "Гоце Делчев" бр. 6
*bdm@nubsk.edu.mk*

Цел
Создавање неоиходен инсшруменш за соодвешна обрабошка и ирезеншација на националнаша издавачка иродукција сиоред овој меiународен сшандард.

Оиис на акшивносшише

Прибирање, избор и исшражување релеваншна лишерашура од обласша на регионалнаша географија, регионализацијаша и иросшорнише целини во Реиублика Македонија.

Подгошовка на можни модели на (регионално/локално) разграничување на Македонија со соодвешни УДК ознаки.

Анализа, оцена и избор на модел со иредлог УДК ознаки.

Сшручни консулшации со Кашедраша за географија ири Природно-машемашичкиош факулшеш и негова верификација.

Проследување на иредлог меiународнише ознаки за Македонија до УДК консорциумош и комуникација во врска со нив.

Динамика на реализација
Прваша иоловина на 2005 год.

Кадар
Проекшош ќе го реализира шим сосшавен од 1 магисшер ио географија и виш библиошекар, 2 виши библиошекари и 2 консулшанши (рецензенши) од Природно-машемашичкиош факулшеш - Скоије.

Финансиски средсшва
За реализација на Проекшош иошребни се финансиски средсшва за:

- авшорски хонорар (1,5 шабаци).................................. = 23.000,00
- иошшенски и др. шрошоци ........................................ = 3.000,00

ВКУПНО = 26.000,00 ден.

Очекувани ефекши

Универзалнаша децимална класификација, како еден од меѓународнише сисшеми за иребарување (и индексирање) на докуменшише, има широка иримена во Македонија.

До осамосшојувањешо, Реиублика Македонија имаше (една) географска ознака во рамкише на ознакаша за Југославија. Во 1998 г., на барање на НУБ "Св. Клименш Охридски", доби соисшвена УДК ознака во редовниош анекс на УДК Конзорциумош од Хаг - *Extensions and corrections to the UDC, vol. 20, 1998, UDC Consortium, the Hague.*

Доиолнувањешо на меѓународниош сшандард со иодешално географско разграничување на шеришоријаша на Македонија - соодвешни УДК ознаки за макро, мезо, микрорегиони, градови ишн., овозможува комилешна и соодвешна сшручна ирезеншација на националнаша издавачка иродукција.

Тоа обезбедува и унифицирана обрабошкаша сиоред меѓународно ирифашени сшандарди, неоиходен услов ири формирањешо заемна база на иодашоци која е цел на единсшвениош библиографско-информациски сисшем (БИС) на РМ.

Библиошекарско друшшво на Македонија
Яресседашел,
Зорка Чекичевска

јф/зч/зч

Бр. 295/25.06.2004 год.

ПРОЕКТИ 2005 іод.
Библиошечна дејносш

Подносишел на ироекшош
Библиошекарско друшшво на Македонија

Назив на ироекшош
Одбележување на Денош на книіаша и авшорскише ирава и денош на библиошекарише на Македонија - 23 аирил
Орiанизирање државен наширевар "Млади библиошекари"

Раководишел
Миле Бошески, Раководишел на Одделош за развој на библиошекарсшвошо, НУУБ "Св. Клименш Охридски" Скоије, Бул. "Гоце Делчев" бр. 6,
*bdm@nubsk.edu.mk; mile@nubsk.edu.mk*

Цел
Афирмација на книгаша, чишањешо, авшорскише ирава и библиошекарсшвошо. Последново, како нераскинлив дел и висшинска логисшичка иоддршка на образованиешо, наукаша и кулшураша односно вкуиниош цивилизациски расш на човешшвошо оишшо. Во шаа смисла, и на македонскошо оишшесшво.

Оиис на акшивносшише
Основношо чесшвување на Денош на книгаша, авшорскише ирава и библиошекарсшвошо се сосшои во организирање свечен собир на библиошекари, авшори и корисници на библиошеки и чишање на Поракаша на генералниош секрешар на УНЕСКО ио шој иовод како и Македонска иорака. Орiанизирање државен наширевар на млади библиошекари (корисници на народнише библиошеки). Доделување наiради и иризнанија.

Динамика на реализација
Проекшош е од шрадиционален каракшер.
Програмаша за одбележување на денош на книгаша и авшорскише ирава ќе се реализира во месец аирил 2005 година.

Оишшинскише и завршношо државно наширеварување на млади библиошекари ќе се одржаш во месецише сеишември/окшомври 2005 год.

Кадар

Извршен одбор на БДМ и други членови.
Комисија за сироведување на Државниош наширевар.

Финансиски средсшва

За реализација на Проекшош, иошребни се финансиски средсшва за:

| | | |
|---|---|---|
| - шрадиционално иодарување цвеш и книга на ирисушнише на Свечениош собир ...................... | = | 5.000,00 |
| - расиишување Конкурс за државниош наширевар "Млади библиошекари"........................ | = | 3.000,00 |
| - награди и иризнанија .................................................. | = | 8.000,00 |
| - иашни и дневни шрошоци на Комисијаша за сироведување на наширеварош ......................... | = | 6.000,00 |
| - иечашење машеријали, иошшенски шрошоци ........ | = | 1.500,00 |
| ВКУПНО | = | 23.500,00 ден. |

Очекувани ефекши
Вклучување на Реиублика Македонија во одбележувањешо на Свешскиош ден книгаша, авшорскише ирава и библиошекарсшвошо како акшивен иаршицииiенш во свешскиош цивилизациски иросшор.

Сврщување на вниманиешо на ценшрише на одлучување на ироблемише и иошребише во доменош книгаша, авшорош, авшорскише ирава и библиошекише.

Преку наширеварош "Млади библиошекари" - афирмација на значењешо на книгаша во ироцесош на образованиешо, развојош и формирањешо на личносша кај младаша иоиулација во РМ, но и иоиуларизација на библиошекише како инсшишуции и библиошекарош како ирофесија.

Библиошекарско друшшво на Македонија

Пресседашел,

Зорка Чекичевска

зч/зч

Бр. 296/25.06.2004 год.

ПРОЕКТИ 2005 iод.
Библиошечна дејносш

Подносишел на ироекшош
Библиошекарско друшшво на Македонија

Назив на ироекшош
Професионално надiрадување на библиошекарише низ иодiошовка и издавање сшручно сиисание "Библиошекарсшво"

Раководишел
Зорка Чекичевска, Прешседашел на БДМ
адреса/седишше на БДМ:
НУУБ "Св. Клименш Охридски" Скоије, Бул. "Гоце Делчев" бр. 6
*bdm@nubsk.edu.mk; zorka@nubsk.edu.mk*

Цел
Издавањешо на сшручнošо сиисание "Библиошекарсшво" е со цел за информирање за современише шекови во шеоријаша и ираксаша на библиошечнаша дејносш и ирофесија. Особено, за новинише во доменош на меiународнише и други сшандарди, иравила и иреиораки за нејзино организирање и вршење.
Едукација на библиошекарскиош кадар во РМ, шшо е од иосебна важносш заради ошсусшвошо на каков било друг облик на инсшишуционално (до)образование на библиошекари кај нас.
Сшимулирање и афирмирање на нашише сшручни и шворешки вредносши во оваа сфера како и иромоција на библиошекарсшво во РМ во целина.
Докуменширање на насшани и случувања во библиошекише во РМ.

Оиис на акшивносшише
Поттшикнување и насочување на шворечки (авшорски) исказ за шеорешски, исшориски, аиликашивни, инсшрукшивни и за сл. ирашања и ироблеми од доменош на библиошечно-информацискаша дејносш; ирибирање на шакви сшручни машеријали од дејсшвувањешо на сише учесници во националнаша библиошечна мрежа; ираведување меiународни сшандарди, иреиораки и др машеријали како и наиизи од сшрански сшручни сиисанија; уредување, иечашење и дисшрибуирање на сиисаниешо во библиошеки во земјаша и сшарнсшво.
"Библиошекарсшво" се објавува во 2 броја годишно и шираж од 300 иримероци.

Динамика на реализација
Проекшош е од долгорочен каракшер, а се одвива целаша година.
(Со мали ирекини, сиисаниешо коншинуирано излегува од 1955 год., ио 2 броја годишно.)

Кадар
Неиосредношо водење на реализацијаша на овој Проекш е обврска на Издавачкиош совеш на сиисаниешо (9 члена) и Редакцијаша (3 члена).

Финансиски средсшва
За реализација на Проекшош, иошребни се финансиски средсшва за:

- авшорски хонорари (шрудови, иревод, редакција).................................... = 70,000,00
- иечашарски шрошоци и шех. уредување (2 броја ио 110 сшр. , шираж 300)............................... = 120.000,00

ВКУПНО = 190.000,00 ден.

Очекувани ефекши
Можносша за информирање, дообразување, ироблемашизирање или ириоишшување на наииси за современише шекови, збиднувања и развој на библиошечнаша дејносш оишшо шшо ја создава објавувањешо на сшручношо сиисание "Библиошекарсшво" е со цел да ефекшуира во иодобрување и иновирање на вкуинаша рабоша на библиошекише во РМ.
Пришоа, и меѓу другошо, од особена иолза е неизосшавнаша комиарација на нашише сосшојби со иракшикувањешо библиошекарсшво во свешош, а со цел за одредување иравци на развој во оваа сфера кај нас.
И, сешо шоа, во име на шшо иоусиешно задоволување на иошребише на корисницише - смислаша или мисијаша на иосшоењешо библиошеки.
Афирмирање на нашише иоединечни и заеднички шеорешски, мешодолошки, организациски, исшражувачки и аналишички шези, ироекции, ирисшаии или осшварувања низ нивно ириоишшување до библиошечнаша, админисшрашивнаша и друга сродна јавносш кај нас и во свешош.
Продолжување на следењешо и докуменширањешо на исшоријаша на библиошекише и библиошечнаша дејносш во Реиублика Македонија.

Библиошекарско друшшво на Македонија
Иресседашел,
Зорка Чекичевска

зч/зч

Бр. 298/25.06.2004 год.

ПРОЕКТИ 2005 іод.
Библиошечна дејносш

Подносишел на ироекшош:
Библиошекарско друшшво на Македонија

Назив на ироекшош:
Менаџменшош и неіоваша иримена во рабошаша на народнише (јавни) библиошеки

Раководишел:
М-р Нада Караџоска, Народна библиошека "Борка Талески"- Прилеи
адреса/седишше на БДМ:
НУУБ "Св. Клименш Охридски" Скоије, Бул. "Гоце Делчев" бр. 6
*bdm@nubsk.edu.mk*

Цел

Здобивање со знаења за вешшинише и шехникише на менаџирањешо и негова иримена во рабошењешо на народнише (јавни) библиошеки со цел за иоусиешно осшварување мисијаша на библиошекише (ирошек на библиографски информации и овозможување нивно корисшење).

Проекшош е наменеш за дирекшорише и за врабошенише во овој вид библиошеки.

Неговошо значење ироизлегува и заради ирешсшојниош шрансфер на народнише (јавни) библиошеки од ценшалнаша на локалнаша власш.

Оиис на акшивносшише

Организирање семинар за дирекшорише и рабошилница за библиошекарише од 15 народни (јавни) библиошеки, неоифашени со ирваша фаза на овој ироекш наиравен и реализиран во 2004 год.
Темише, иредавачише и иечашенише машеријали (инсшрукшивно-ирирачнички) ке бидаш иденшични односно ке се корисшаш од семинарош за ирвише 15 дирекшори во 2004 год.

Семинарош и рабошилницаша се сосшојаш од иредавања, иечашен машеријал, дискусии и симулација на иракшична иримена на сшекнашише знаења.

Динамика на реализација

Проекшош ќе се одвива во фази. Во ирваша фаза ќе се реализира семинарош за дирекшорише, а во вшораша - рабошилница за библиошекарише.

Кадар

Овој ироекш ќе го реализира сшручен шим во сосшав:

- М-р Нада Караџоска, Народна библиошека "Борка Талески" - Прилеи;
- Благица Илијоска, дирекшор на Народнаша библиошека "Борка
- Талески" - Прилеи;
- Цвешанка Дамјановска, виш библиошекар, НУУБ "Св. Клименш Охридски" - Бишола;
- Гордана Пешевска, информашичар, НУУБ "Св. Клименш Охридски" - Бишола;
- Жаклина Ѓалевска, информашичар, НУУБ "Св. Клименш Охридски" - Скоије;
- .Јулијана Темелкова, Градска библиошека "Браќа Миладиновци", Скоије.
- Сшручен консулшанш: Д-р Добри Пешровски, Факулшеш за учишели -Бишола.

Финансиски средсшва:

За реализација на Проекшош иошребни се финансиски средсшва, за :

| | | |
|---|---|---|
| - организирање еден семинар за дирекшорише на библиошекише (иревоз, смесшување со иансион, освежување)....... | = | 33.000,00 |
| - организирање рабошилница за библиошекари (иревоз, смесшување со иансион, освежување)....... | = | 45.000,00 |
| - авшорски хонорари за иредавачише........................ | = | 20.000,00 |
| - админисшрашивни и иошшенски шрошоци........... | = | 5.000,00 |
| - харшија за иечашење на машеријали....................... | = | 2.500,00 |
| ВКУПНО: | = | 105.500,00 ден. |

Очекувани ефекши:

Оиравданосша од ваков ироекш ироизлегува од, во многу нешша, новаша улога на народнише (јавни) библиошеки во развојош на демокрашскошо информашичко оишшесшво. Се очекува Проекшош да иродуцира иодобрување вкуинаша усиешносш на библиошекише низ организирање на рабошењешо водено од иринцииише на ефекшивносш, одговорносш и шимска рабоша согласно свешскише шрендови во раководењешо оишшо.
Или конкрешно, иоефикасна рабоша со корисницише иреку иовеќе форми на рабоша:, исшражување, иденшификување и наиори за задоволување на нивнише иошреби и иншереси, овозможување досшаиносш до информации и нивна неиречена циркулација без каков било вид дискриминација или цензура.

Библиошекарско друшшво на Македонија

Пресседашел,

Зорка Чекичевска

зч/зч

Бр. 299/12.07.2004 год.

ПРЕДМЕТ: Образложение кон пријавата по Конкурсот за издавачка дејност

Издавањето на стручното списание "Библиошекарсшво" е значајно за биб лиотечната дејност во Република Македонија од повеќе аспекти:

Информашивносш
Приопштување информации за современите текови во теоријата и праксата на библиотечната дејност и професија општо. Во таа смисла, од посебно значење се документите од доменот на иновациите на меѓународните стан дарди, правила и препораки за организирање и одвивање на оваа дејност неопходни за одржување чекор на нашата со мерките на развој во светот.

Едукашивносш
Незаменлива е мисијата на списанието "Библиотекарство" во образованието на библиотекарскиот кадар во РМ, особено заради отсуството на каков било друг облик на институционално (до)образование на библиотекари кај нас, но и заради занемарливото присуство на стручна литература (домашна и стран ска).

Креашивносш
Поттикнување и насочување на творечки (авторски) исказ за теоретски, ис ториски, апликативни, инструктивни и за сл. прашања и проблеми од доменот на библиотечно информациската дејност кај нас.
Стимулирање на елаборирање (проблематизирање) организациски, ис тражувачки и аналитички тези, проекции, пристапи или остварувања низ нивно приопштување до библиотечната, административната и друга сродна јавност кај нас и во светот.

Промошивносш
Афирмирање на нашите стручни и творечки вредности во оваа сфера како и промоција на библиотекарство на РМ во целина.

Докуменшарносш
Документирање на настани и случувања во библиотеките во РМ односно запишување на нејзината историја низ оваа сфера.

Очекувани ефекши
Можноста за информирање, дообразување, проблематизирање или приоп штување на написи за современите текови, збиднувања и развој на биб лиотечната дејност општо што ја создава објавувањето на стручното списание "Библиотекарство" е со цел да ефектуира во подобрување и ино вирање на вкупната работа на библиотеките во РМ.
Притоа, и меѓу другото, од особена полза е неизоставната компарација на нашите состојби со практикувањето библиотекарство во светот, а со цел за одредување правци на развој во оваа сфера кај нас.
Сето тоа, во име на што поуспешното задоволување на потребите на корис ниците смислата, мисијата на постоењето библиотеки.

Кон напомената дека "Библиотекарство" се објавува во 2 броја годишно и тираж од 300 примероци (со мали прекини, почнувајќи од 1955 год.), ја искажуваме нашата надеж во поддршка на опстојувањето на списанието како единствена можност, на ваков начин, да се легитимира библиотечната дејност во стручната и пошироката јавност во Република Македонија.

Библиотекарско друштво на Македонија

Претседател,

Зорка Чекичевска

зч/зч

# АГОНИЈАТА НА ЧОВЕКОТ И ХРИСТИЈАНСТВОТО
(кон делото "Тоа е човекот" од Владимир Георгиевски)

М-р Виолета Мартиновска
Национална установа Универзитетска библиотека
"Св. Климент Охридски" - Скопје

> "Пред шебе се шрише рабоши: вераша, со.мнежош и оча;ош. Ако ио.минеш низ нив ќе се каеш, ако не ио.минеш иовшорно ќе се каеш. Пред шебе секогаш ќе сшои швоешо: ИЛИ-ИЛИ".
>
> Серен Аби Кјеркегор

Во убав, благопријатен дијалог со мојата чудесна пријателка и уметник, естетичар по вокација, беседувавме за неодамна подареното дело на уметникот Владимир Георгиевски" Тоа е човекот" на НУУБ "Св. Климент Охридски" во Скопје. Архитектонското решение е на Кокан Грчев, но за него ќе се осврнам во друга пригода.

Темнина, тага, очај, агоничност, мистичност. Темни призраци кои ја склопуваат душата и те вовираат внатре во себе. Склупчено враќање консвојата утробност, кон својата некогашна природа.

Уметноста е знаменита работа за оние кои ја почитуваат, негуваат и вреднуваат. Но, веднаш се наметнува прашањето за тоа кои критериуми се потребни за "докажување" и "покажување" на едно уметничко дело. Дали тие аксиолошки судови се објективни или субјективни? Теоријата на естетиката има голем придонес во "егзегезата" на уметноста општо, но и покрај тоа, сепак се судруваме со проблемот на личниот афинитет, личното (пре)вреднување, конечно, допаѓање на уметничкото дело. Авторот В. Георгиевски трага по смислата или бесмислата на човековата осаменост, културолошките идеи, разлики и идентичности со културниот Исток и културниот Запад, религиско-философскиот светоглед на Ф. М. Достоевски, човековата алиенираност во творештвото на Н. А. Берѓаев, визијата на егзистенцијализмот, агонијата и подвигот во христијанството, апокалиптичните визии,

прашањето кој или што е Човекот? Поради сите овие авторови дилеми, сметам дека е неопходно навраќање во историјата на културната меморија токму за овие прашања.

Платон и Аристотел се занимаваа со овој проблем, секој на свој начин, и секој од свој аспект ги толкуваше овие прашања. Уменикот кој го создава делото е вткаен во него, дише, живее со него и честопати тешко се одделува од своето "чедо". На такви основи е поставена целокупната уметност. Вградувајќи се себеси во него, нормално е на тој начин да го препознаваме неговиот авторски, уметнички импрматур. Уште еден доказ дека е автор со свое обележје и свои препознатливи специфики.

Антрополошкиот период од античката философска мисла се занимава со проблемот на човекот. Според Протагора од Абдера "човекот е мера на сите ствари". Според овој софист вистината е релативна, бидејќи "сѐ е онака, како што мене ми се чини".

Научниот нихилизам на Горгија од Леонтин, како претходник на Ф. Ниче е соопштен во неговата сентенца: "Ништо не постои. Ако постои, не може да се спознае. Ако се спознае, не може да се соопшти".

Етичкиот идеалист, Сократ тврдеше дека вистината е внатре во човекот и секој треба сам да ја пронајде. "Не се мешам во твоите иманентни работи. Ти дадов средства, па ти размислувај. Спознај се, себеси".

Широкоплеќестиот Аристокле, Платон, војуваше за објективен идеализам. Идејата е облик, лик, слика. Човековата душа има три дела: чувствен, волев, разумен дел и бесмртна е. "Уметничките дела се сенки од сенки, копии на копии. Човекот не е мера, туку вид на мерач кој може да мери точно или погрешно". Односот на идеите и сетилата е однос на: присуство (parusia), подражавање (mimesis) и учество. Уметниците ги "подражаваат" идеите, но начинот на подражавање е несовршен.

Основоположникот на теоријата на литературата, Аристотел, Платоновите идеи ги толкува како поими. За него поимите се суштински својства, одделни супстанции. Според неговата класификација на науките, сликарството, вајарството и архитектурата се наоѓаат во поетичните науки. "Уметноста е мимезис, но творечки и идеализиран". Уметноста е моќ на универзализација т.е. подигнување на поединечното на ниво на општо. Стожерот е целината. Природата и уметноста се движечките сили во светот. Природата има принцип во себеси, а уметноста произведува предмети чија форма е во душата на уметникот.

Рамнотежата меѓу желбата и волјата ја дава Аристотеловата дефиниција за среќа: "Среќата е согласност на душата и нејзините добродетели. Биди она што си, ако сакаш да бидеш среќен".

Во космолошкиот период на античката философија, во првата Милетска (Јонска) философска школа (6-7 век п.н.е.) се бараа одговорите на прашањата: зошто космос, а не хаос; што е праипричина, праматерија, праелемент; што се стварите, зошто постојат и слични прашања. Демокрит од Абдера разликуваше јасно и темно сознание. Јасното сознание го претставува разумот, а темното сознание се сетилата.

Многу подоцна, во периодот на егзистенцијализмот, егзистенцијалистите се занимаваа со проблемот на смртта. Со овој проблем се занимаваше и Гилгамеш, јунакот на асиро-вавилонската култура, барајќи ја бесмртноста.

Авторот В. Георгиевски се занимава со егзистенцијализмот и неговиот значаен претставник, данскиот Сократ, Серен Аби Кјеркегор. Во неговото знаменито дело "Или-или" се вели: "Очајот е болест на смрт од кој не се умира". Очајот се создава кога треба да се избере: апсолутот или себеси. Она што во мојата философија, не е мое-погрешно е, лаконски ќе резимира Кјеркегор. Принципот "или-или" ќе биде вечен предизвик за човекот кога е во прашање неговиот избор, неговата одлука. И во тоа се состои маката од која нема спас.

Според Карл Јасперс демитологизираната, недогматска вера треба да ги надмине парадоксите, а не да ги менува за да има дијалектика во животот.

Мартин Хајдегер ја декларира вечната борба со бесмислената конечност. Оттука, човекот е битие за смрт. Тоа го согледува во моментите на трепет. Човекот трепери единствено пред себеси. "Ако не сум за себе, кој ќе биде за мене? Ако сум само за себе - што сум? Ако не сега, кога?".

Жан Пол Сартр тврдеше дека човекот е бескорисна страст. Дистинкцијата меѓу феноменологијата и метафизиката е во тоа што метафизиката го објаснува човекот како ствар, а феноменологијата е реалност на човековиот свет. Во битието за себе (човекот) се јавува пукнатина, ништавило. Ништоста ништи и го надминува битието.

Егзистенцијалистот Артур Шопенхауер порачуваше дека волјата е во основата на човекот. Таа е агенсот за сите активности. Волјата е господарот, а интелектот е слугата. "Светот е моја претстава. Не можам да излезам надвор од претставата и не можам да го осознаам светот надвор од неа".

Фридрих Ниче категорично веруваше дека вистината е воја за моќ и можна е во уметничко творештво. Неговиот натчовек го прогласи бог за мртов и го развиори профетството на современиот нихилизам.

Знаењето е страдање. Колку поголемо знаење, толку поголемо страдање. Навлегувањето во бесконечните лавиринти на осознавањето, нау-

ката, уметноста е вечна човекова жед за љубопитност и во неа се впуштаат малкумина.

Епископот од Хипон, свети Августин, ќе порача: "Верувај, за да разбереш". Доктор универзалис, како што го нарекуваа Тома Аквински за да се сфатат вистините на откровението (теологијата) и вистините на умот (философијата) потребна е чиста љубов, нескептичност. За многумина тоа е лудило, нерационалност, нелогичност, но токму скептичниот С. К. Кјеркегор ќе воскликне: "Верувам, бидејќи е апсурдно".

Христијанството тврди дека светот е создаден според принципот: ex nihilo (ниту од што). Преведениот термин "ниту од што" не е еднаков со терминот ништо. Ex nihilo е создавање, креација која може, но и не мора да се прифати. За некоја друга, поинаква теза, неопходни се аргументи и докази.

А од што или поради што/кого создава уметникот В. Георгиевски?

Николај Берѓаев (Бердјаев) вели дека Тој, човекот, е паганин и христијанин. Овој почесен доктор по теологија на Универзитетот во Кембриџ го аспектира проблемот на спасението, духот и созданието, човековата слобода. Дали спасението е заради творештвото или обратно? Сознанието е форма, а духот е содржина.

Токму овој есенцијален есхатолошко-сотириолошки проблем, спасението на овекот е тема која е доминантна во творештвото на В. Георгиевски. Ирационалната слобода е онтолошката слобода.

"Пеколот не е горе / пеколот не е долу / Пеколот е во нас / Тука", поетски воскликнува поетот М. Ренџов во посланието "Апокалипса".

Дали пеколот сум јас или пеколот се другите? Или можеби по малку од двете нешта?

Колку духот е апсолутно слободен и во која мера тој може да биде објективизиран т.е. преобразен во предмет. А каква е ПРЕ-ОБРАЗ-БАТА на творечкиот зафат на В. Георгиевски?

Очигледно, авторот В. Георгиевски има насушна потреба од дијалог преку уметничко создавање и таа агенсна потреба е генеративнотожариште од кое еманираат неговите подоцнежни креации. Тој твори поради таа потреба, која што за наша среќа, сѐ уште е голема.

Реализираниот проект "ТОА Е ЧОВЕКОТ" или можеби "ОВА Е ЧОВЕКОТ" е преполн со напластена симболичност и асоцијативност која што се (раз)открива секому одделно, во зависност од личното ѕирнување во него. Претставената форма е иконостас со релјефни претстави и маслени техники.

Иконостасот како симбол на храмот кој ги дели присутните од светиот дел на храмот, олтарот, е преграда меѓу овој земниот и оној, небесниот свет. Македонските храмови се горди со извонредно значајни и вредни иконостаси високо вреднувани во историјата на уметноста. Мајсторите копаничари мошне успешно го совладале овој занает и оставиле зад себе трајни вредности. Да се присетиме на иконостасот во скопскиот храм Св. Спас, иконостасот во манастирот Св. Јован Бигорски и др. Еднокатниот иконостасот во скопскиот храм Св. Спас е завршен во 1824 година, како што стои забележано во автопортретот на мијаците-копаничари: "Петре Филипович од Гари, Макарија од Галичник, Марко од Мала Река".

Секој дел во храмот, секој детал, секое делче има своја конкретна симболика. Иконите на иконостасот имаат свое канонско место (грч. канон-правило) на поставување. Патронот на храмот е од десната страна на иконостасот. Храмот е насочен кон исток како кон источник (старословенски - извор), извор на светлина, спасение, спокојство.

Иконостасот е дрвена, камена или метална преграда украсена со икони (слики). Јустинијан го менува првобитниот облик на олтарната преграда и ги додава столбовите, а просторот меѓу нив го украсува со слики. Иконостасот има три врати: северна, средна и јужна. Средната врата е царска, бидејќи низ неа минува царот и Господ за време на принесувањето на светите дарови. Средната врата се нарекува света, бидејќи низ неа влегуваат лица кои добиле осветување во тајната на свештенството. Останатата врата се нарекува ѓаконска или ангелска, бидејќи низ неа влегуваат ѓаконите кои треба да наликуваат на ангелите.

А потребна ли е преграда меѓу човекот и Демијургот? И колку таа преграда понекогаш ни е блиска, а онекогаш ни е далечна? Пол Валери луцидно забележува: "Меѓу мене и мојот бог, нема место за никого. Тој е само мој, личен".

Едно уметничко дело за некого е предмет на восхит, а за некого обичен кич и глупост. Како може да се докаже вредноста на уметничкото дело? Веројатно дека тоа тешко се "докажува", но може само да се доживее емотивно за време на конкретизацијата и да се ПОКАЖЕ.

Оттука, секој град свој личен став кон нештата, луѓето, појавите и уметноста општо. И секој личен став е право на секоја личност. Тогаш кому му се потребни уметничките дела и поради кого или за што тие постојат?

Платон порача дека ако има барем еден слушател во неговата Академија има голема смисла неговата дејност и дека тој еден е доволен за напорите на големиот учител. Дали ако постои само еден, единствен почитувач на едно уметничко дело, тоа веќе ја остварило и реализирало својата мисија?

Роман Ингарден номинира над триесет естетски категории со кои денес се служиме и сите тие имаат своја мисија и свое значење. Категории кои несомнено постојат: убаво, прекрасно, хармонија.

Христијанството во својот фундамент е АГОНИЈА. Таа е алфа и омега на севкупното христијанско поимање на светот и човекот во него и без неа апсурдно и парадоксално е самото христијанство. Агонијата (претсмртна мака) е мачна, тешка, харибдена состојба. Оттука, ликовите на В. Георгиевски се агонични во своето постоење. Нивниот свет е мрачно агоничен, жестоко тегобен и кој знае дали може да биде спасоносен. Но, спасот е некоја друга категорија, некој друг свет, некоја поинаква атмосфера. Овие ликови се вистински само во својата агоничност. Тоа е вистината за нив. Ако се поими агонијата на Христос, тогаш полесно ќе може да се сфати христијанската идеологија и смислата на таквата агонична саможртва. Философијата на христијанството се темели токму врз парадоксите и апсурдите. Кога тие ќе се сфатат, можен е понатамошен чекор и дијалог со него. Без нив, логиката и разумот се немоќни орудија за нивна онтолошка дијалектика.

Философијата и идеолошко-религиозната свест на маестралниот Ф. М. Достоевски е синтетизирана во гномата: "Мојот пофалбен псалм мина низ огнот на сомневањата". Пораката на Идиотот е есенцијален аспект во неговото творештво: "Убавината ќе го спаси светот". Идиотот е, асоцијативно поврзан со Христос. "Христос е љубов, љубовта е убавина, убавината го спасува светот".

Светот на Достоевски е многу близок со светот на В. Георгиевски. Оваа нивна релација би можела да биде опширна анализа во некоја друга студија. Јунаците на Достоевски се на работ меѓу смртта и лудилото, сонот и стварноста. Која е смислата на животот и каде се наоѓа неговиот прогрес? И ако се откријат овие нешта, ќе станеме ли бесмртни, ќе исчезне ли омразата, ќе зацарува ли љубовта? Неговата мера е бесконечноста. Душата е светиот хаос во која сѐ се случува. Човековата потреба е да твори и создава, но зошто исто толку страсно го сака рушењето и хаосот? Само страдањето е доказ на егзистенција. Да се биде среќен, за нив е рамнодушност. Разрешувањето на исконските прашања е нивна задача. Патот до Светлината води токму преку темнина. Парадоксална дијалектика на постоењето. Во религиозното сознание нема крај на осознавањата, туку подвигот е постојан, постојан. "Човекот е мистерија и ако го посветиш целиот свој живот неа да ја разоткриеш, на крајот, нема да речеш дека залудно си живеел. Тоа е тајната која ме преокупира, бидејќи јас сакам да бидам ЧОВЕК".

Профетски звучат зборовите на Достоевски: "Зошто се виновни преостанатите слаби луѓе кои не можат да го понесат она што го понеле појаките? Зарем ти доаѓаше само поради ОДБРАНИТЕ? Ако е така, тогаш тука е тајната и ние не можеме да ја сфатиме...".

Ф.М. Достоевски, големиот мајстор на постојаното задлабочување во душата на човекот и обидот за разгатнување на сѐ она што постои внатре во неа, на маестрален начин ни доближи дел од човековата агоничност, човековата душа со сите нејзини маани, доблести, порази, подеми.

Портретот на Ф.М. Достоевски од внатрешната страна на иконостасот ја потврдува иманентната релација на авторот В. Георгиевски со овој знаменит литерант.

Убаво и благопријатно е за гледање и уживање лицето на некое деветнаесетгодишно девојче, преполно со животна радост, оптимизам, ведрина, насмевка. На таквото лице нема траги од агонија, тегобност, мачнина, тежок живот.

Браздите на ликовите кај В. Георгиевски се високо релјефни, показни и доказни, горди на својот тежок внатрешен живот. Секој нивен агенсис, двиг и подвиг е пораз или победа над темнината и светлината. Сѐ е борба, агонија, лудило. Секој миг, секој час е распетие. Секој момент, со сите наши постапки и промисли одлучуваме ЗА или ПРОТИВ, светлината или темнината.

Претставените сцени имаат библиски мотиви, но уметнички креирани од раката на мајсторот В. Георгиевски: протерување од рајот, Адам и Ева, Светиот Дух, проклетството на змијата и други симболи кои, секој одделно, ги толкува и препознава. Апокалиптичните навестувања се трештални.

Света е агонијата, свето е маченииштвото, света е тагата, како неминовен процес низ кој се минува за да се пристигне до некои други повозвишени и поблагородни категории.

А иконостасот сѐ уште е преграда, ѕид меѓу овој и оној свет, човекот и светоста, ефемерноста и вечноста. Во меѓувреме, останува нашето себепронаоѓање во украсот, наречен космос.

## УПАТСТВО ЗА АВТОРИТЕ

Во списанието "Библиотекарство" се објавуваат оригинални статии, прикази, соопштенија, истражувања, портрети, анализи, прикази, рецензии, документи, хроники, преводи и сл., распоредени во рубрики.

Може да бидат објавени и други видови материјали кои, содржински, ја немаат припадноста кон него, но се од интерес на граѓаните.

Ракописите се предаваат на Редакцијата на хартија формат А4, со двоен проред на дискета. Статиите и прилозите треба да ги содржат следниве податоци:

- наслов (и поднаслов)
- име и презиме на авторот/авторите
- академски степен/стручно звање
- институција каде е вработен авторот/авторите
- оригиналните статии треба да содржат апстракт на македонски и на еден светски јазик (англиски, француски, германски или руски), УДК индекс, клучни зборови, како и податоци за користената литература.

Редакцијата го задржува правото да врши интервенции и скратување на текстот без негово видоизменување. Таквото право ја подразбира и можноста некој текст да не биде прифатен за печатење.

Ракописите не се враќаат.

Од Редакцијата

Издавањето на Списанието е со финансиска поддршка на Министерството за култура на Република Македонија.